## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### Од Сто и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јуни 2005 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието.

**Слободан Најдовски:** Можеме ли да почнеме со работа?

Дами и господо пратеници,

Ја отворам Сто и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Благој Голомеев, Али Ахмети, Теута Арифи, Назми Беќири, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Љубчо Ѓорѓиевски, Слободан Чашуле, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓи Трендафилов и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Пред да преминеме на одговорите на писмено поставените пратенички прашања, би ги замолил координаторите на пратеничките групи, оние кои немаат доставено список на пратеници кои ќе поставуваат прашања, да ги достават до секретарот, со оглед на оној договор што го имаме, за да можеме по тој редослед да добијат збор и да постават прашање.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ѓорѓе Паљошковски, Јордан Михајловски, Силвана Бонева и Цветле Јаневска.

Министерот за труд и социјална политика достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Љупчо Мешков, Ристана Лалчевска, Тасим Сулејмановски, Џевдет Насуфи, Силвана Бонева, Ана Андова, Благој Голомеев, Никола Апостоловски, Мите Николов, Замир Дика и Ванчо Стаменков.

Министерот за транспорт и врски достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Цветле Јаневска.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Илија Србиновски, Ванчо Стаменков, Марија Којзеклиска и Спиро Мавровски.

Министерот за внатрешни работи достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Џезаир Шакири.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Сенијал Хасани, Жарко Караџоски и Ѓорѓе Паљошковски.

Министерот за образование и наука достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Благој Голомеев.

Министерот за локална самоуправа достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Емилија Костадинова.

Министерот за култура достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Тома Глигоријевски.

Министерот за надворешни работи достави одговор на пратеничките прашања поставени од пратениците Јордан Михајловски и Ана Андова.

Го молам пратеникот Ѓорѓе Паљошковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ѓорѓе Паљошковски.

Повелете господине Паљошковски.

**Ѓорѓе Паљошковски:** Делумно сум задоволен од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Делумно сте задоволни, немате дополнително прашање.

Благодарам.

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Јордан Михајловски.

Повелете господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Господине потпретседателе, почитуван премиер, почитувани министри, колеги пратеници,

Поставив пратеничко прашање до Владата на Република Македонија за "големиот национален проект" - платежна картичка во Република Македонија.

Од она што ми е дадено во одговорот, ќе цитирам:

"Во врска со извршената приватизација на Националната платежна картичка АД Скопје се укажува дека во членот 11 став 3 од Законот за спречување на корупцијата, "Службен весник на Република Македонија" бр. 28/02, се предвидува дека во текот на изборната кампања не може да се врши никаква вонредна исплата на плати, пензии, социјална помош или други исплати од буџетски средства или средства од јавните фондови, ниту да се оттуѓува државен капитал".

Според тоа, продажбата на Националната платежна картичка АД Скопје е извршена во текот на изборната кампања кога согласно со Законот за спречување на корупцијата претходната Влада не смеела да продава државен капитал. Тука сум информиран дека е заведен судски спор против Националната платежна картичка АД Скопје од страна на Република Македонија преку Јавното правобранителство на Република Македонија, со барање да се прогласи уписот на Друштвото за ништавен.

Ми се одговара дека постапката е завршена и се чека пресуда.

Не сум задоволен во целост со овој одговор, затоа ќе поставам дополнително пратеничко прашање.

Бидејќи од одговорот се насетуваат сомневања за криминални и кривични дејствија во врска со Националната платежна картичка, упатувам дополнително прашање  до Министерството за внатрешни работи, како дел од Владата:

Дали е покрената соодветна постапка против главниот актер на овој финансиски скандал и тие околу него, тежок 7,5 милиони евра средства, одлеани од Буџетот на Република Македонија буквално во ветер, со што, за жал, вработените од Заводот за платен промет кои требаше да бидат преземени со овој "голем" Национален проект, буквално останаа на улица.

Што значи дека прашањето ми е дали се преземени одредени дејствија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Дополнителното прашање е поставено до министерот за внатрешни работи.

Има збор министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Михајловски.

Повелете господине Михајловски.

Молам, вклучете го министерот за внатрешни работи.

Пријавете се господине министре.

**Љубомир Михајловски:** Писмено ќе одговориме на дополнителното прашање.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете писмен одговор на дополнителното прашање.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од добиениот одговор од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Немам дополнително прашање.

Се надевам дека проблемите што ги имаат граѓаните со издавањето на новите патни исправи и со пишувањето на личните податоци што се напишани на македонски јазик но со латинично писмо, дека нема да имаат повеќе проблеми со вадењето на визи на ЕУ-Шенген земјите, бидејќи како што се кажува во одговорот од Министерството за надворешни работи, на барање на Министерството за внатрешни работи, до сите дипломатско-конзуларни претставништва и во Република Македонија и во странство доставило известување со образложение како да се пишуваат и како да се издаваат документите. Па, да се надеваме дека ќе биде користено од нивна страна Упатството и известувањето што е дадено, без да има пречки за нашите граѓани.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Тоа значи дека сте задоволна од одговорот.

Го молам пратеникот Цветле Јаневска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Цветле Јаневска.

Повелете госпоѓо Јаневска.

Не е присутна.

Го молам пратеникот Љупчо Мешков да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Љупчо Мешков.

Повелете господине Мешков.

**Љупчо Мешков:** Благодарам господине потпретседателе.

Прашањето беше дали новите прописи се во примена, одговорот е да, во примена се од 1 јануари 2005 година.

Меѓутоа, во оваа прилика уште еднаш сакам да потенцирам, односно да поставам подпрашање а за што веќе разговаравме минатиот пат со министерот за труд и социјална политика, тогаш прашав дали министерот за труд ќе ја искористи законската можност што ја има да формира комисија од лекари специјалисти кои ќе извршат контрола во работењето на комисиите за оценка на работната способност.

Одговорот тогаш беше да, но еве помина време, а сеуште нема ништо. Па, би го потсетил, уште еднаш, министерот на неговото ветување дека ќе ја формира таа комисија и ќе се направи контрола врз работењето на комисиите за оцена на работната способност.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мешков.

Сакам да ги известам пратениците дека од Министерството за труд и социјална политика, односно од министерот Јакимовски добивме известување дека заради разговори со Синдикатот по однос на Предлогот на закон за работни односи, дека денеска нема да присуствуваат на седницата најверојатно до паузата. Ако ги заврши преговорите, ќе присуствуваат после паузата. Така што пратениците кои што имаат прашања до Министерството за труд и социјална политика, тие прашања да ги оставиме за попладневниот дел.

Во меѓувреме пристигна госпоѓа Цветле Јаневска.

Ја молам да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Цветле Јаневска.

Повелете госпоѓо Јаневска.

**Цветле Јаневска:** Благодарам потпретседателе.

Не само што сум задоволна од одговорот, туку и од целта што се постигна со прашањата.

Имено, завршена е постапката за добивање на уверение за градба за бензинската пумпа и одобрението е врачено на граѓанинот во село Дрслајца -Струга, така да се каже веднаш по поставеното прашање.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

Го молам пратеникот Ристана Лалчевска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Госпоѓо Лалчевска повелете, доколку имате дополнително прашање, тогаш одговорот ќе мора да го добиете во писмена форма.

Повелете.

**Ристана Лалчевска:** Од она што го добив како одговор сум задоволна, меѓутоа, сепак имам дополнително прашање.

Оваа категорија на луѓе, конечно после долго време аконтативно се пензионира. Тоа почна да тече од 1.06.2004 година, на просек на плата во Република Македонија.

Меѓутоа, тие немаат решение за таквото пензионирање, според моите информации, ниту за актонтативното пензионирање.

Тука би прашала, зошто на овие пензионери не им се дадени решенија за аконтативно пензионирање? Што е со пензиите што не им се исплатени до 1.06.2004 година, затоа што од 1.06.2004 година тече аконтативната пензија. Меѓутоа, што е со оние пензии што тие 11 години не ги добиваа? Кога Владата планира да ги обештети и да им ги надомести загубените пензии и кога планира да ги пензионира со прави решенија, затоа што основната правна пречка што постоеше, а тоа беше ратификацијата од страна на Хрватска на Договорот за сукцесија веќе е завршена.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Ќе добиете писмен одговор на дополнителното прашање.

Го молам пратеникот Тасим Сулејмановски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Тасим Сулејмановски.

Повелете господине Сулејмановски.

**Тасим Сулејмановски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван премиер, министри, колеги пратеници,

Сакам да истакнам дека со добиениот одговор на моето поставено пратеничко прашање од минатата седница во целост не сум задоволен и од тие причини би сакал да поставам дополнително прашање до министерот за труд и социјална политика, за да најјасно се одговори на барањата на жителите од Жировница.

Се работи за следното дополнително прашање:

Од кои причини одредени жители од Жировница, кои се стекнале со статус на пензионери работејќи одреден период во Република Германија и по позитивните законски прописи во Република Германија, со навршување на 65 годишна старотст се стекнуваат, односно стануваат носители на старосна пензија. Автоматски нашиот Фонд за пензиско осигурување им го укинува делот на пензијата што е остварен по основ на работен стаж што го имаат остварено овде, во Република Македонија.

На пример, има случаи на граѓани кои имаат работен стаж во Република Македонија во траење од 15 години, а во Република Германија 25 години. Кога истиот граѓанин го остварува правото на пензија од Република Германија, делот на пензијата остварен во Република Македонија не му се исплатува. Зошто? Дали се работи за административна грешка или друго, не знам.

Од тие причини, сакам да ми се одговори дали е во согласност со Законот или не.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Сулејмановски.

Ќе добиете писмен одговор на дополнителното прашање.

Господинот Џевдет Насуфи не е присутен.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнителни прашања.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева..

**Силвана Бонева:** Прашањето што го доставив до Министерството за труд и социјална политика а се однесуваше на тоа кои мерки ќе ги превземе Министерството за труд и социјална политика против непрофесионалниот пристап на центрите за социјална грижа што со месеци не испраќаа лекарски комисии до луѓето на кои им е потребна нега и грижа од трето лице и кои зборуваа дека им недостасуваат формулари или пак дека е сега зима па не можат да одат на терен.

Од одговорот на министерот се гледа дека нему му е важно колкав е бројот на поднесени барања и извршени вештачења, а не тоа дали некој си ја вршел работата или не, дали го попречувал процесот на издавање на надоместок за нега и грижа од трето лице, па поради тоа воопшто не сум задоволна и очекувам Министерството да поведе постапка и да види кои биле тие кои неколку месеци по ред, под изговор дека недостасуваат формулари или дека се зимски услови не оделе во домовите на инвалидизираните лица, па со тоа неколку месеци им била ускратена помошта, односно надоместокот за нега од трети лица.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Го молам пратеникот Ана Андова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ана Андова.

Повелете госпоѓо Андова.

**Ана Андова:** Благодарам за одговорот на министерот за труд и социјална политика.

На конкретно прашање добив конкретен одговор, меѓутоа моето прашање имаше два дела. Вториот дел од прашањето беше упатен до министерот за здравство.

Кога ќе го добијам одговорот од министерот за здравство, можеби ќе има коментар, можеби не.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Немате дополнително прашање.

Го молам пратеникот Благој Голомеов, но тој не е тука.

Го молам пратеникот Никола Апостоловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван господине потпретседателе, почитуван премиер, почитувани членови на Влада,

Задоволен сум од одговорот од министерот за труд и социјална политика и немам додатно прашање.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостоловски.

Го молам пратеникот Мите Николов да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Мите Николов.

Повелете господине Николов.

**Мите Николов:** Благодарам.

Почитуван господине потпретседателе, почитуван премиер, министри и останати членови на Влада, колешки и колеги пратеници,

Можам да кажам дека сум задоволен од одговорот, а посебно од преземените дејствија од надлежните инспекциски органи.

Самиот факт што одговорот е доставен по неколку месеци, значи надвор од рокот определен со Деловникот на Собранието на Република Македонија зборува дека по повод моето прашање сите заедно сме иницирале пошироки контроли на трудовите инспекции ширум Македонија околу утврдувањето на таканареченото црно вработување и на прекувременатa работа, надвор од законски утврденото работно време. Тоа е особено во текстилната индустрија.

Затоа, по повод ова прашање и одговорот, му препорачувам на минситерот за труд и социјална политика да не запре со извршувањето на овие контроли на непријавените вработувања на работничките и работниците, туку овие контроли што повеќе да се зачестат и да се интензивираат.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Николов.

Го молам пратеникот Замир Дика, не е тука.

Ванчо Стаменков, не е тука.

Го молам пратеникот Цветле Јаневска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за трнспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Цветле Јаневска.

Повелете госпоѓо Јаневска.

**Цветле Јаневска:** Од одговорот навистина сум задоволна. Нема причина зтоа што истиот е опсежен, исцрпен и аналитичен по сите аспекти од прашањето.

Но, она што најмногу се заложив во прашањето, жителите на селото Луково да добијат вода за пиење во што е можно најкус рок не добив практично и прагматично решение.

Имено, ќе повторам при состојба на скора комплетно изведена водоводна инфраструктура потребо е да се поврзат само инсталациите изградени во две последователни фази.

Од контактите што ги имав со Министерството за локална самоуправа добив сознание не само што по обем работите се мали, туку и средствата потребни за таа работа се минимални и можат да се изнајдат.

Затоа барам од Владата дополнително да покаже слух и со мал зафат и активност да го реши водоснабдувањето на оваа селска населба, а не да ме упатува на востановената процедура што се однесува за големи проекти.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Јаневска.

Го молам пратеникот Илија Србиновски да се произнесе дали е за доволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Илија Србиновски.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Почитуван потпретседателе, немам дополнително прашање, задоволен сум од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господин

Србиновски.

Пратеникот Ванчо Стменков не е тука.

Марија Којзеклиска не е тука.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е за доволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам потпретседателе, почитувани министри,

Јас не сум задоволен од овој одговор, затоа што ова што е одговорено со 400 илјади метри кубни ископани и пренесени јаловина и тоа дека главниот проект ќе биде готов до средината на 2006 година, денеска сме 30 јуни, значи половината на 2006 година веќе е зад нас, од утре почнува втората половина и на овој начин како што се "работи" мислам дека и наредните пет до 7 години ќе бидат малку за почеток на работа на овој рудник, со што ќе ја донесеме Република Македонија во една сериозна енергетска ситуација со оглед на можностите на сегашниот рудник "Суводол" кој ги снабдува со јаглен термоелектраните Битола 1, 2 и 3.

Значи, моите дополнителни прашања ќе бидат кога ќе се распише тендер за рударска опрема и почеток на сериозна работа на рудникот Брод Неотино и кога ќе се аплицира за кредитот од 130 милиони евра кој што беше најавен и што би значело почеток на оваа интензивна работа за отворање на рудникот Брод Неотино.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор заменикот министер за економија

**Саша Андоновски:** Писмено ќе одговориме.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете писмен одговор.

Го молам пратеникот Џезаир Шаќири да се произнесе дали е за доволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Џезаир Шаќири.

Повелете господине Шаќири.

**Џезаир Шаќири:** Почитуван потпретседателе, јас немам добиено одговор на прашањата.

**Слободан Најдовски:** Одговорот Ви е по пошта доставен.

**Џезаир Шаќири:** Не сум го примил по пошта, немам секретарка јас.

**Слободан Најдовски:** Ви доаѓаат на адреса што вие ја имате дадено, до Собранието. На 15 јуни ви е доставен одговорот од страна на министерот за внатрешни работи.

Но, тоа е тоа, на наредна седница.

**Слободан Најдовски:** Благодарам

Го молам пратеникот Семијал Хасани да се произнесе дали е зза доволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Хасани не е тука.

Го молам пратеникот Жарко Караџоски да се произнесе дали е за доволен од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Караџоски:

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе,

Најнапред мора да кажам дека од одговорот сум задоволен на некој начин, а морам да потенцирам дека овој одговор на пратеничко прашање го добивам после една година и повеќе, значи, скоро година ипол. Прашањето сум го поставил на 52 седница која беше одржана на 29 јануари 2004 година. Задоволен сум од тоа што конечно добив одговор, сега сме 2005, уште малку пред избори и конечно ми беше одговорено, но во секој случај сакам да се заблагодарам на министерот за финансии кој најде начин да одговори на она што јас прашав.

Се работи за институтот Кардиологија, за набавките, стендовите, познатите братучеди од Бранко Црвенковски. Она што го добив како одговор само потврдува она што го прашав. Значи, извршена е ревизија, утврдени се погледи на закон, кажано е дека набавките во таа институција оделе по пат на реверс и дека е спротивно на законот за јавни набавки без вклучување на договор итн., да не го цитирам се она што е кажано од страна на министерот.

На крајот одговорот завршува дека Министерството ќе преземе мерки утврдени со закон.

Моето дополнително прашање можеби не би било конкретно до министерот за финансии, но конкретно до Владата.

Кога веќе одговорот на прашањето го констатира она што ние го кажавме во тоа време и на прес конференции дека во Кардиолошкиот институт се случуваат незаконски работи и можеби тогаш делувавме смешни но денес се потврдува дека тој таму што е директор на таа институција, а се вика Борче Петрески и понатаму е директор на истата, па дополнителното прашање е дали Владата размислува конечно овој човек да го тргне од раководна функција односно директорско место, бидејќи очигледно на ваков начин кој што го повредува Законот за јавни набавки само потврдува дека не му е место да биде директор, или пак ако даваме простор на сите што кршат закон и понатаму да директуваат, значи немаме гаранција дека тој истото нема да го повторува. Тоа е едната работа.

Дали конкретниот човек. . .

**Слободан Најдовски:** Кое ви е дополнителното прашање господине Крaџоски.

**Жарко Караџоски:** Еве, го дополнителното прашање.

Прво, дали ќе биде разрешен од директор и

Второ, дали ќе се покрене кривична пријава по однос на нарушувањето на законот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Најверојатно ќе добиете писмен одговор на прашањето поставено до Владата, а министерот за здравство не го гледам тука.

Се извинувам, по однос на вториот дел од прашањата ќе одговори министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

За првиот дел од прашањето не е во надлежност на Владата, во надлежност на Фондот е, формално ако прифатиме.

Прво да кажам зошто одговорот малку подоцна е дистрибуиран заради деловничките одредби во Собранието.

Ќе се согласи и господинот Караџоски дека самото прашање е поставено во период кој бара да се направи контрола. Со оглед дека надлежните институции во Министерството за финансии имаат закажано контроли кои не можеа да ги одложат, закажавме веднаш по пратеничкото прашање контрола да извршиме и ревизија таму да извршиме, тоа го направивме, тоа одзема време, додека извештајот го проследиме назад дали имаат забелешки и извештајот да биде конечен. Тоа не може да биде оправдување, меѓутоа сакавме тоа што ќе го презентираме пред Собранието да сме од правен и формален аспект целосно сигурни дека тоа што е презентирано е така. За таков одговор ценам дека и времето е малку подолго отколку што треба.

За вториот дел од прашањето во врска со тоа какви мерки ќе се преземат, последната реченица во одговорот е таа како надлежен министер настојувам, во овој момент не можам да тврдам дека е тоа прекршочна мерка, но ние ќе доставиме до надлежните органи прекршочна пријава.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Го молам пратеникот Ѓорѓи Паљошковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ѓорѓе Паљошковски.

Повелете господине Паљошковски.

**Ѓорѓи Паљошковски:** Почитуван потпретседателе,

Ако вие би биле на моето место, или пак министерот за финансии дали би биле задоволни на одговорот на пратеничкото прашање кое е поставено на 4.10.2004 година, а одговорот добиен на 28.06.2005 година.

Има поминато цели девет месеци, а прашањето се однесуваше за настанатите поплави во јуни и јули 2004 година, во струмичкиот, валандовскиот и гевгелилскиот регион.

Прашањето се однесуваше за следното: Колку пари се собрани од вработените и пензионерите во Република Македонија. Колкава сума на пари ќе издвои Владата на Република Македонија, за поплавите и кога ќе се изврши исплатата на оштетените од поплавата.

И вие самите знаете дека сето ова е завршена работа, парите се исплатени и како можам да бидам задоволен од одговорот на пратеничкото прашање. После девет месеци не сум задоволен и во иднина сакам побрзо одговорите да се даваат и да бидат во право време. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за финансии.

**Никола Поповски:** Господинот Паљошковски рече дека не е задоволен од одговорот, меѓутоа морам да интервенирам затоа што самиот начин на кој е поставено прашањето е поставено во момент во кој не може да се добие одговор.

Поплавите се направија во јуни, Собранието на предлог на Владата донесе закон во јули со кој во наредните шест месеци требаше од секоја наредна исплатена плата по една дневница да обезбеди и во рок од 6 месеци да достави извештај до Собранието.

Прашањето е поставено на 30 септември, во период кога уште се собираа, согласно законот за оние кои што со задоцнување исплаќаат плата, дневниците како солидарни дневници и после имаше процедура во која требаше да се распределат исто така согласно законот.

Прашањето е поставено во период кога законот се спроведува, бидејќи тоа гласи колку пари се собрани од вработените и пензионерите кои беа задолжени да патат. Зошто досега парите не сте ги поделиле итн.

Одговор е даден откако законот завршил, парите се собрани, процедурата е спроведена и парите се исплатени. Прашањето е поставено во сред исплата и сред собирање на пари. Тогаш одговор не може да се достави, затоа што законот тече. Така што господинот Ѓорѓи Паљошковски не можел теоретски да добие одговор на тоа прашање пред да заврши процедурата за да знаеме колку е тоа направено. Ние кога тоа го направивме доставивме извештај за ова прашање до Собранието, кој има голем број на страници, финансиски показатели, се што тој во ова прашање го има поставено. Ако мислел дека може да се одговори прашањето во деловничкиот рок од 15 дена јас одговорно тврдам дека тоа е невозможно да се направи, затоа што тогаш парите ниту беа собрани, ниту беа распределени, ниту пак законските рокови беа истечени за да тоа се направи. Не е фере сега господинот Паљошковски да кажува дека овде се доцни, затоа што поставува прашање пред да може да го добие одговорот кој антиципира законски дејствија. Ние не можеме да дистрибуираме нешто антиципативно, туку откако ќе ги знаеме точните податоци. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Го молам пратеникот Емилија Котадинова да се произнесе дали е за доволена од одговорот добиен од министерот за локална самоуправа или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Емилија Костадинова.

Повелете госпоѓо Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Благодарам потпретседателе,

Почитуван потпретседателе, почитуван премиер, министри и останати претставници на Владата.

Му се заблагодарувам на Министерството за локална самоуправа  што еве сепак иако со извесно задоцнување добив одговор на моето пратеничко прашање поставено на 15 февруари оваа година.

Од одговорот на поставеното прашање сум задоволна затоа што прегледот што го бара за надополнување на извештајот за остварување на програмата за реализација на задачите на Бирото за стопански недоволно развиените подрачја за 2004 година, ја дава вистинската слика за тоа каде, за кои намени и во која висина се пласирани средствата во изминатата година.

Мислам дека таквите прегледи во иднина треба да станат составен дел на извештајот, затоа што како што напомнав и во моето пратеничко прашање извештајот, а и работата на Бирото на овој начин добиваат поголема транспарентност.

Немам дополнително прашање.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Костадинова.

Го молам пратеникот Тома Глигоријевски да се произнесе дали е за доволен од одговорот добиен од министерот за култура или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Тома Глигоријевски.

Повелете господине Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине потпретседател.

Целосно сум задоволен од одговорот.

Во однос на ова немам дополнителлно прашање.

Прашањето подоцна целосно ќе го преформулирам во ново пратеничко прашање.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Глигоријевски.

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е за доволен од одговорот добиен од министерот за надворешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Јордан Михајловски.

Повелете господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Благодарам потпретседателе, почитуван премиер, министри, членови на Владата и колеги пратеници,

Моето пратеничко прашање се однесуваше на динамиката на веќе донесената одлука за отворање на два гранични премини кон Република Србија и Црна Гора, од страна на општината Крива Паланка.

Во ажурниот одговор што го добивам за неполн месец дена, а сега повеќе коментирам заради граѓаните кои ми го поставија ова прашање. Добивам конкретен одговор од кој сум задоволен дека комисии од двете земји на експертско ниво ќе го утврдат приоритетот во моментот за отворање на еден граничен премин.

Со оглед на тоа дека е донесена одлука за два гранични премини, а отворање на граничен премин е сложена работа мислам дека работите се движат во позитивна смисла и ние би биле задоволни доколку барем еден од овие гранични премини би се отворил оваа година.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Го молам пратеникот Ана Андов да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за надворешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ана Андова.

Повелете госпоѓо Андова.

**Ана Андова:** Благодарам господине потпретседателе, и благодарам за одговорот на моето пратеничко прашање од почитуваната министерска за надворешни работи во врска со прашањето кое се однесуваше за граничниот премин Пулавец на планината Кожув општина Кавадарци, на нашата јужна граница.

Без разлика што грчката страна нема одговорено на барањата и предлозите од нашата експертска група врз основа на заклучоците, наодите и слично, на постојаната мешовита комисија за граници би сакала да изразам надеж дека нашата експертска група ќе продолжи и понатаму со истата динамика во настојувањето овие прашања да бидат конечно ставени на маса.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Андова.

Преминуваме на поставување пратенички прашања.

По редоследот кој го договаравме први поставуваат прашања претставниците од опозицијата.

Има збор пратеникот Драго Шајноски од ВМРО-Народна.

Повелете господине Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас имам три прашања.

Првото е до премиерот.

Господине Бучковски празнината во вашето знаење за водење на држава, како и со знаењето на дел од Владата е такво што во таа провалија

може да се сруши целото македонско општество..
.

**Слободан Најдовски:** Господине Шајноски, јас прифаќам да можете иронично кога сакате да зборувате. . .

**Драго Шајноски:** Не е иронично, ова е вистина.

**Слободан Најдовски:** Јас ве молам, поставете прашање и образложете го прашањето.

**Драго Шајноски:** Сега ќе го образложам, а на крајот ќе го поставам.

**Слободан Најдовски:** Јас ве знам вас за многу културен човек и сметам дека вакво нешто. . .

**Драго Шајноски:** Што е некултурно во ова.

**Слободан Најдовски:** Повелете, поставете прашање и образложете го.

**Драго Шајноски:** Прво ќе дадам образложение за да може прашањето да биде појасно и одговорено овде.

Значи, празнината во вашето знаење за водење држава, како и во знаењето на Владата.. .

**Слободан Најдовски:** Господине Шајноски ако имате да поставите прашање поставете, ако не ќе ви го одземам зборот.

**Драго Шајноски:** Потпретседателе не можете да ми диктирате како ќе поставам прашање.

**Слободан Најдовски:** Јас не можам да ви диктирам како ќе поставите прашање, но можам да ви диктирам за културно однесување и примерно во Парламентот. Тоа е составен дел на Деловникот, тоа можам да ви го диктирам.

**Драго Шајноски:** Јас имам право 10 минути да поставам три прашања и да ги образложам.

**Слободан Најдовски:** Да, вие имате право, но да ги образложите онака како што се образложуваат прашањата.

Повелете.

**Драго Шајноски:** Прво сакам да образложам што сакам да прашам. Вовед во темата, а потоа ќе го поставам конкретното прашање. Јас повторно ќе го поставам прашањето.

**Слободан Најдовски:** Ако го повторите, јас ви го одземам зборот. Веќе двапати ве опоменав, третиот пат, ви го одземам зборот.

**Драго Шајноски:** Потпретседателе, вие мора да ми дозволите десет минути да дадам вовед и да прашам. Вие не можете да ми кажете што да прашам. Што да ве прашам. Да ве прашам како сте, тоа е најчисто. Но мене тоа не ми е интересно како сте вие. Јас сакам да објаснам што сакам да прашам. И на јавноста да и е јасно што прашувам. Зашто ако прашам како сте, и тоа не е јасно. Треба да ве прашам како сте дома, како сте на работа. Ама смешно ми е ова што ми го правите. Не можете да ми забраните десет минути да дадам вовед да прашам. Три прашања имам до три министри и јас сакам тоа право да го искористам со вовед, кој што јас мислам.

**Слободан Најдовски:** Господине Шајноски да не се расправаме, не ви го одземам правото, но ви го одземам правото вие да зборувате уличарски во овој Парламент. Тоа право ќе ви го одземам. Повелете сега по трет пат поставете прашања, ако не ќе ви го одземам зборот. Повелете господиен Шајноски.

**Драго Шајноски:** Ова што јас читам не е уличарски, туку е ниво. Уличарски можам да ви одговорам многу кратко и да завршиме.

**Слободан Најдовски:** Повелете со поставување на прашањето.

**Драго Шајноски:** Првото прашање ми е до премиерот.

Господине Бучковски, празнината во вашето знаење за водење на држава.

**Слободан Најдовски:** Господине Шајноски ви го одземам зборот.
Следен за поставување на пратеничко прашање е господинот Каме Петров.

**Каме Петров:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван господин потпретседателе, почитуван господин премиер, претставници на Влада, колешки и колеги пратеници.

Јас во оваа прилика нема да поставам три пратенички прашања до Владата на Република Македонија, ќе поставам едно пратеничко прашање, во времетраење на три, што е во согласност со Деловникот на Собранието.

Имено, познато е дека ноќта на 22 јуни годинава, над 200 специјалци и други претставници на полицијата, опромени со панцери, со автоматски пушки и останата полициска опрема преку крововите, ѕидовите и преку други места упаднаа во фабриката за масло "Благој Ѓорев" А.Д.-Велес, на тој начин извршувајќи судска одлука на второстепениот и второстепениос суд во Скопје.

Прашањето е упатено до Владата на Република Македонија гласи:

Дали највисоките претставници на извршната власт беа информирани, или дали барем правилно беа информирани за фактичката состојба во фабриката, особено, имајќи ја предвид сложеноста и обемноста на полициската акција, што очигледно е превземена со подолгорочни и опстојни подготовки, со планирање за изведување и која според мене, без знаење на највисоките функции, не би можела така да се изведе.

Ова прашање го поставувам до Владата од следните причини: Таквата полициска акција наиде на неверување, вчудовиденост и на осуда на граѓаните на Велес. Ваквите чувства произлегуваат од неколку факти. Тие се.

Прво, акцијата е превземена на полноќ во 2 часот и 15 минути, во време кога со Закон е забрането, односно не е дозволено извршување на било какви, па и судски одлуки.

Второ, акцијата е извршена со прекумерна сила, како во поглед на бројот на специјалците и другите полициски единици, така и во поглед на количеството на опремата.

Среќна околност е што во тој дел во фабриката се наоѓале околу 50-тина луѓе, што во градот се познати како мири и добри домаќини, вредни работници и чесни граѓани. Не сакам да претпоставам или да помислам, што ќе се случело во тој момент се инсцилирал еден единствен случаен истрел.

Трето, акцијата е превземена во време и во услови кога од Јавното обвинителство на Република Македонија е прифатено барањето за заштита на законитоста и истото од страна на овој орган е упатено до Врховниот суд на Република Македонија.

Судот во Велес, овој акт, заедно со актот за запирање на ова извршување ги добил на 21 јуни годинава во 8 часот и 50 минути, значи, ден пред извршувањето на акцијата. Бидејки акцијата е изведена наредната ноќ, не сакам да поверувам дека тоа е Основниот суд во Велес. Сепак, произлегува од заклучокот дека на некому му се брзало. Некому многу, навистина многу му се брзало.

Четврто, незаконитоста на спомнатите одлуки на судските органи во Скопје, според мене произлегуваат од фактот со Основниот суд и Апелационио тсуд во Скопје, не впуштајки се во материјални изведување на доказите, утврдиле и признале одлуки на Акционерско собрание до 38, односно 39% од вкупниот капитал на фабриакта. Како тој капитал е стекнат на криминален, корунтивен или друг начин, јас немам време да навлегувам во оваа расправа. Но се надевам дека органите конечно посериозно ќе се занимаваат со оваа работа.

Наспроти тоа, нормално Јавното обвинителство покренува постапка пред Врховниот суд за

заштита на законитоста. Бидејки пониските судови за легитимни и легални не ги прифатиле одлуките на над 60% од акциите на вкупниот капитал, меѓу кои околу 20% претставуваат државен капитал.

Тоа беше пратеничкото прашање и образложението за него. Јас знам дека многу одговори треба да побарам и од Републичкиот судски совет, штокако заинтересиран граѓанин тоа ќе го направам. Но ја замолувам Владата за усмен одговор. За писмен одговор, јас можам и да почекам. Но работниците акционери спрема кои е изведена оваа акција заслужуваат одговор, сега на денешната седница.

Поради сите изнесени факти, единствено замолувам одговорот да биде реален, да не биде во стилот судот тоа одлучи. Мене ми се познати извршувањата и на извршните, на органите на државната управа и на судските органи и затоа, замолувам одговорот да биде коректен и фер, во интерес на 300-та и повеќе работници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петров. Прашањето што е поставено до Владата, кој ќе одговори во име на Владата.

Ќе одговори минситерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Благодарам за прашањето и редно е навистина да ви одговорам за да знае македонската јавност дека полицијата не инволвира во некои работи што се дел од судот и тоа што го направила полицијата. Да немаме шпекулации и дезинфорамции. Вистината е таа што ќе ви ја кажам сега. Според Законот судот си ги извршува своите пресуди. Значи во случајот за извршување на судската пресуда е надлежен единствено, и одговорен за извршување на пресудата е судот, кој што ја спроведува својата одлука.

Полицијата, во случајот дава само асистенција на судот и работи според наредба, во случајот кажувамнаредба кога е одлучено за денот на асистенцијата, односно за денот на извршување на судската пресуда и времето на извршувањето на судската пресуда. Значи полицијата не одлучила, одлучил судот. Судот ја спроведува својата одлука. За да не се мешам во работата,односно на одлуките од судот, сакам само да ви напоменам дека постои првостепена пресуда, потврдена од Второстепениот суд која што е конечна и правосилна, макар што тоа не е во надлежност на полицијата. Само да ви објаснам, пошироката јавност да знае извршноста на пресудата ја спроведува судот. Не е точно што тврдите дека биле присутни специјалци. Незнам вие од каде заклучивте дека се специјалци. Можеби по таа униформа што е носат едните во обична униформа, другите во маскирна, меѓутоа, специјалните сили не учествувале во ова. Повторувам, времето и денот на спроведување на судската наредба за внесување на едната страна во владение на објектот е во надлежност на судот. Ние не смееме да одбиеме извршување на судска пресуда. Значи ако судот наредил, ние мораме тие одлуки од судот да ги спроведеме.

Второ што кажавте за Барање за заштита на законитост од Јавното обвинитеслтво, да ви укажам дека барањето за заштита на законитоста е вонреден правен лек, кој што не ја одлага извршноста на пресудата донесена од Второстепениот суд, меѓутоа тоа е сега во надлежност на судските инстанци, не би сакал сега јас тоа да го објаснувам. Почитувањето на наредбите од судот, мораме да го спроведуваме, за жал, тоа е нешто што не можеме ние да го одлучуваме како полиција. Не е оставено во наша надлежност. Незнам ако нешто друго треба да ви објаснам. Значи времто, местото и денот кога ќе се извршува е во надлежност на судот. Благодарам. Нешто ако треба друго да ви објаснам можам веднаш да ви одговорам. Тоа што е барање за заштита на законитост е до Врховниот суд. Имајте предвид дека, сега ви кажувам работи што се можеби судски, не е во моја надлежност, меѓутоа, по барањето за заштита на законитост одлучува Врховниот суд и Врховниот суд е тој што може со евентуални мерки, ако е повреден законот тоа да го спроведе. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Петров, далис те задоволни од одговорот на прашањето, или имате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Каме Петров.

**Каме Петров:** Јас замолив, поради тоа што изнесов и други тези дека на ваков одговор нема да се инсистира. Јас министерот лично многу го почитувам и во делот на струката, и во делот на работите, меѓутоа, тоа што го кажав останувам на фактите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петров. Следен за поставување пратеничко прашање од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е господинот Ѓорѓе Паљошкоски.

**Ѓорѓе Паљошкоски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитувани министри.

Моето прво прашање е до Владата на Република Македонија. Се однесува за следното: Зошто токму во време на жетвата нафтата беше покачена од 2,5 деанри по литар. Зошто не почека жетвата да заврши и да пушти нафта од државните резерви, со тоа на производителите на пченица немаше да им се зголемат трошоците, кои и така им се големи. Знам дека однапред ќе добијам одговор дека нафтата на светската берза расте. Затоа се покачила од 2,5 денари по литар. Токму во жетвата нафтата на светската берза падна од 60 долари по барел, сега е 53 долари по барел. Зошто сега во моментот на жетвата не ја намали.

Моето второ прашање се однесува до минситерот за внатрешни работи, да ми одговори со кој закон е дозволено членовите на испитната комисија за полагање на возачки испит што ја формира органот за внатрешни работи да бидат надворешни членови кои се вработени или невработени во други организации, а не се вработени во органот за внатрешни работи, а се членови на испитната комисија за полагање на возачки испит. Додека од другата страна во испитните комисии за полагање на возачките испити од страна на автошколите се задолжуваат да бидат вработени во автошколите за неопределено работно време. Па го молам министерот да ми одговори со кој закон е регулирано едните да бидат задолжително вработени, а другите да не бидат задолжително вработени и да бидат во комисиите за полагање на возачки испит во комисиите за внатрешни работи.

Моето трето прашање е до минситерот за економија. Прашањето гласи: Дали покрај фискалните каси, потребно е да се водат и трговските книги во продавниците.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Паљошкоски. Првото прашање е поставено до Владата.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Сакам да го потсетам пратеникот дека Владата нема влијание на формирање на цената на нафтата и нафтените деревати, дека имаме независно регулаторно тело кое врз основа на берзанската цена која ја имаат нафтените деревати, неделно ја формираат цената.

Ако тенденцијата за која говори пратеникот достигне такви размери, дури во тој момент, Владата би излегла со дополнителни мерки за да ја ублажи состојбата. Според нашите проценки сега состојбата не е алармантна, а сакам да навестам дека Владата има намера на седницата во понеделник која ќе ја има, да излезе со посебен пакет на мерки со кој ќе излезе во пресрет на барањата на земјоделците за дел од олеснувањата кои подолго време ги бараат. Тоа ќе биде време на мерка во делот на царинската политика и на тој начин ќе се обиде да помогне на овој битен сегмент од нашето општество.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Паљошкоски дали сте задоволни од одговорот на прашањето, или имате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Паљошкоски.

**Ѓорѓе Паљошкоски:** Јас не сум задоволен од одговорот на премиерот, бидејки ако Владата сака да помогне на тие и така измачени земјоделци, можеше да интервенира од резервите на Владата со нафтените деривати.

Друго, зошто Регулаторската комисија, еве веќе три дена цената е падната од 60 на 53 долари по барел, зошто веднаш не интервенира цената да ја спушти толку колку што паѓа на светската берза.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Паљошкоски.

Второто прашање е до минситерот за внатрешни работи.

Има збор минситерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Заради прецизен одговор, бидејќи прашањето наведува и на законски одредби цитирани и т.н., ќе одговориме писмено.

**Слободан Најдовски:** Господине Паљошкоси ќе добиете писмен одговор на поставеното пратеничко прашање.

Третото прашање е поставено до Министерството за економија.

Има збор заменик минситерот за економија, господинот Саша Андоновски.

**Саша Андоновски:** Регулаторната комисија редовно заседава. Според тоа, останува само да проверам зошто не е реагирано. Писмено ќе добие одговор пратеникот.

**Слободан Најдовски:** Господине Андоновски, само да ве потсетам тоа се однесуваше на првото прашање. Прашањето кое што е до Министерството за економија, со оглед на тоа што бевте излезени, имавте други обврски. Господине Паљошкоски вие дадовте само коментар, немавте

дополнително прашање. Јас ве прашав и вие дадовте само коментар и не псотавивте дополнително прашање.

Третото прашање беше до Министерството за економија, а се однесуваше за фискалните каси и трговските книги. Дали покрај постоење на фискални каси, треба и водење на трговски книги.

Повелете господине Андоновски имате збор, по однос на третото прашање.

**Саша Андноновски:** Ќе добие пратеникот писмен одговор.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете писмен одговор на прашањето. Јас ги молам пратениците да формулираат прашање. Вие сакате да коментирате, а да не псотавувате прашање. Тогаш поставувајте прашање.

Следни за поставување пратенички прашања е Пратеничката група на ДУИ, пратеникот Недим Рамизи. Повелете господине Рамизи.

**Недим Рамизи:** Имам две прашања да поставам до Министерството за внатрешни работи и до Владата.

Имено, прашањето до МВР се однесува во врска со проблемот кој што е настанат во селотоЛажец општина Битола, а се однесува за следното. Од страна на Исламската верска заедница од Битола имаат добиено целосна документација за изградба на џамија во селото Лажец, така што три пати до сега започнати се со активностите околу изградбата на џамијата, но од страна на месното население има притисоци да не се започнат ваквите активности, така што МВР го прашувам зошто не превзема мерки во насока на тоа како би се започнало со активностите околу изградбата на џамијата.

Втотото прашање се однесува во врска со џамијата во Прилеп. Како што знаеме во 2001 година, беше запалена и целосно уништена џамијата во Прилеп, така што до ден денес не се преземени никакви активности во правец на изградба на оваа џамија. Затоа, ја прашувам Владата кои се следните чекори како повторно би се изградила оваа џамија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рамизи.

Првото прашање е доставено до МВР.

Има збор министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Одговор на пратеникот е дека полицијата нема да дејствува се до оној момент додека немаме судска завршница односно додека судот не побара. Тоа би значело дека тие граѓани што сметаат дека се попречени во градење на таа џамија, треба да си покренат судски спор со тие што не им дозволуваат владение, што не им дозволуваат да градат. Откако судот ќе побара асистенција од полицијата тогаш ќе почне да се гради. Ние не можеме да се ставиме како МВР во улога да пресекуваме и да делиме правда надвор од судските органи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михаловски.

Господине Рамизи дали сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање.

**Недим Рамизи:** Само дополнително, тука се работи за имање на целосна документација од страна на исламската заедница. Работите тука се многу јасни и чисти. Зошто би требало сега судски постапки. Ние веќе одобрение имаме.

**Слободан Најдовски:** Господине Рамизи, да дефинираме, немате дополнително прашање, а не коментар, туку со оглед на тоа што сум од таа изборна единица и доволно ја познавам, да ви кажам дека има судски спор пред Врховен суд. Изнесувајте точни податоци. Има судски спорт пред Врховен суд.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија по однос на џамијата во Прилеп.

Министерот за култура, господинот Благој Стефановски. Повелете господине Стефановски.

**Благој Стефановски:** Ние како Министерство за култура неколку средби имавме со исламската заедница и заедно со Заводот за заШтита на спомениците во Прилеп се направени заеднички состаноци за кои средства се определија и од наша страна и од страна Заводот, меѓутоа, поголемиот дел на средства се од исламсакта заедница. Таа постапка е таму и мислам дека непречено ќе се одвиваат тие работи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стефановски.

Господине Рамизи дали сте задоволни од одговорот на прашањето? (задоволен е).

Благодарам, задоволен сте и немате дополнително прашање.

Од пратеничката на ЛДП госпоѓа Соња Лепиткова.

Повелете госпоѓа Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Благодарам потпретседателе.

Имам три прашања до министрите од Владата на Република Македонија.

Првото е до Министерството за правда. Согласно Законот за судовите, "Службен весник на Република Македонија " број 36/95 со членот 28 став 1 точка 27, беше предвидено во Пробиштип да се отвори судско одделение. Со член 10 од истиот Закон е предвидено дека одредбите на Законот за судовите за организација на судовите и вистинската надленост, ќе се применуваат од 1 јули 1996 година. Одделенијата во Валандово, Демир Хисар, Македонски Брод и Пробиштип со тоа ќе започнат со работа одкако Министерството за правда ќе ги обезбеди сите потребни услови за отпочнување со работа, а најдоцна две години од примената на овој закон. Во 1996 година во Штип, покрај 20 судии кои беа потребни за нормално функционирање на Основниот суд во Штип, беа избрани и 4 судии кои требаше да бидат ангажирани за работа во одделението во Пробиштип. Во тој период во Пробиштип се создадени и просторни услови за функционирање

на одделението, но до ден денес ова одделение не функционира. Исклучително понекогаш се закажуваат само судски денови и тоа од одреден број на судии и од Основниот суд во Штип.

Моето прашање е зошто не се применува законот за судовите во однос на отворање на судското одделение во Пробиштип, бидејќи и просторните услови за тоа одамна се создадени, а и сите рокови се поминати. Само да надополнам дека ова е по втор пат да го поставува ова пратеничко прашање. Првиот пат беше во писмена форма од страна на Министерството се направи согледување на фактичката состојба, се утврди дека тоа што беше изнесено е вистина и во тој момент интервенираше. Тоа нешто профункционира само еден или два месеци, за да повторно од страна на Основниот суд во Штип се повлечат и луѓето кои што беа ангажирани да работат во судското одделение и повторно граѓаните на Градот Пробиштип се изложени на непотребни трошоци и патувања, иако со законот и просторните услови и кадровскиот потенцијал овозможуваат и бројот на случаи кои што ги имаат и во граѓанска и во кривична постапка одговараат не само да функционира како судско одделение, туку и како суд, затоа што многу основни судови во тој регион имаат и помалку дела и полоши услови за функционирање на основни одделенија и судови.

Второто прашање е актуелно во регионот на изборната единица број 3, јас би го поставила и во има на останатите пратеници, затоа што во Медицинскиот центар во Штип кој што се подели на два дела и како здравствен дом и како болница, тоа го следиме и во медиумте, во овој период се соочува со една појава на недостаток на кадар и од делот на општа пракса доктори и од делот на доктори специјалисти за нормално функционирање и покривање на основните сменски активности во самата болница и во Медицинскиот центар. Тоа се случува од причини што докторите специјалисти масовно на некој начин ја напуштаа болницата, заминуваат на работа во приватни институции или во други градови, со тоа што на некој начин ги оневозможуваат квалитетната заштита и другите активности на огромен број на население во тој медицински центар кој што е еден од поголемите, не само во источна Македонија, туку и воопшто во Република Македонија.

Прашањето е како планира Министерството за здравство да го реши овој проблем, затоа што доктори од општа пракса невработени во тој регион има во Заводот за вработување доволно и се со цел да можеме на тоа население да им овозможиме и навремена и квалитетна здравствена услуга.

Третото прашање е до Министерството за економија. Рудникот "Злетово" и рудникот "Ораница" се продадоа речиси пред една година и до ден денес има тешкотии за нормално профункционирање на тие капацитети. Луѓето и од градот Пробиштип и Крива Паланка навистина се наоѓаат во тешка економска и социјална ситуација. Работниците реагираа до Министерството за економија да направи притисок врз новиот сопственик, за да може што поскоро да профункционираат тие два објекти и беше даден рок од два месеци за да се направи притисок на новиот сопственик да може да ги стави во функција тие два капацитети.

Дали Министерството за економија е во постојан тек со тие активности и дали навистина во изминувањето на тој период од 2 месеци што треба да се случи до крајот на овој месец, планира одредени активности околу тоа како ќе профункционираат тие два капацитети и кои се тие замисли што ги има Министерството, за да можат граѓаните на овие два пасивни краја, на кои што основна дејност им беше работата во тие капацитети, на некој начин да ги решат и своите економски и социјални проблеми. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Лепиткова.

Првото прашање е до Министерството за правда.

Има збор заменик министерот за правда господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Бидејќи, пратеничката рече дека еднаш е добиен таков одговор во писмена форма, јас не сум запознат во врска со судското одделение во Штип зошто не профункционира, меѓутоа, можам да кажам дека не е само во Пробиштип, ние такви проблеми имаме во многу судови од финансиски аспект. И, нормално, тоа што го спомна дека има мал број на судии. Меѓутоа, јас повторно морам да се залагам и како Министерство да се залагаме во писмена форма да му одговориме за тоа каква е состојбата и зошто тоа не профункционира во Пробиштип.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јакупи.

Значи, ќе добиете писмен одговор на поставеното пратеничко прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за здавство.

Има збор министерот за здравство господинот Владо Димов.

**Владо Димов:** Најпрво, да одговорам и да кажам дека навистина центарот во Штип е меѓу најажурните во делот на спроведување на законот каде што од медицинските центри се делат болниците и здравствените домови. Министерството за здравство е потполно во тек со ова што се случува во делот на одливот и веќе сме во тек на решавање на проблемот на тој начин што оние кои се заминати во текот на 2005 година на нивното место ќе се примаат нови луѓе. Инаку, знам дека постои можност за вработување, бидејќи на бирото постојат такви кадри во Штип и тој проблем ќе биде решен уште во текот на овој месец.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Димов.

Госпоѓа Лепиткова дали сте задоволна од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање.

Повелете госпоѓа Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Сум задоволна и сметам до колку како што одговори министерот тоа се случи, не само граѓаните, туку и вработените во Медицинскиот центар, како и оние кои што ги користат здравствените услуги ќе му бидат благодарни на министерот и на Владата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Третото прашање е доставено до Министерството за економија.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски:

Повелете господине Андоновски:

**Саша Андоновски:** За Тораница одборот на доверители има закажано седница за 12 јули и треба да се доплати останатиот дел од 30 и нешто илјади евра кои што потенцијалниот инвеститор треба да ги доплати и да почне да работи согласно бизнис планот кој што му е доставен и предвиден.

Што се однесува до Злетово, некаде крајот на август и почетокот на септември рудникот треба да почне со работа односно да се рестартира.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Андоновски.

Госпоѓо Лепиткова, дали сте задоволни од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Соња Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Јас само сакам да потенцирам до заменик министерот дека по бизнис планот рудникот "Злетово" требаше да почне да работи уште во март. Сметам дека Министерството за економија и во поглед на уплатата на средствата за Тораница требаше да се направи што поскоро и да се заложи овие активности да се забрзаат, се со цел овие два објекти понавремено да почнат да функционираат. Тоа треба така, бидејќи времето не дозволува во тие објекти тој временски рок да се продолжува од икс причини, како и во потешкотии во санација на самите простории каде што рударите ќе можат, доколку почне да работи рудникот, да ги изведуваат своите нормални работни активности.

**Слободан Најдовски:** Значи, ова е коментар без дополнително прашање, после да не сватиме поинаку.

Следен за поставување пратеничко прашање е пратеникот од пратеничката група на ЛП, госпоѓа Милка Митковска.

Повелете госпоѓа Митковска.

**Милка Митковска:** Моето прашање е упатено до Владата на Република Македонија од причина што прашањето задира во ингеренциите на повеќе министерства. Овие денови корисниците на пензија се преокупирани со прашањето за 8% кои веќе не се исплаќаат со пензијата. Ова уште повеќе ја влошува нивната материјална и социјална сигурност, ако се има предвид фактот дека над 30% од вкупниот број на пензионери буквално се наоѓаат на работ на егзистенцијата. Со повеќе дописи како во Министерството за труд и социјална политика, така и до Министерството за финансии, како и до Владата односно до Парламентот, Сојузот на пензионерите побара да се изнајде можност овие 8% да останат и понатаму да се исплаќаат со пензијата.

Прашањето гласи, дали Владата на Република Македонија ја разгледа оваа можност односно дали ја оценила финансиската можност овие 8% да останат во износот на пензиите. А, доколку е тоа можно да следат и соодветни нормативни решенија за спроведувањето на ова барање на пензионерите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Митковска.

Претседателот на Владата на Република Македонија , господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Владата досега ја применуваше одлуката на Врховниот суд за исплатата на 8% разлика на пензиите, која врз основа на таква судска одлука беше должна да ја прави. Во овој момент има иницијатива од Сојузот на пензионерите да продолжат разговорите и да се бараат други начини во моментот, за кои и тие се свесни дека до мај месец завршно оваа година, заврши основот за исплата на 8%. Како ќе завршат разговорите во овој момент не би прејудицирал, но е јасно дека оваа година Владата нема предвидено ниту во буџетот , ниту предлогот за ребаланс кој се подготвува, дополнителни средства за дополнителни 8% разлика од основата која се исплаќа на пензионерите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Госпоѓо Митковска дали сте задоволни од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор госпоѓа Митковска.

**Милка Митковска:** Задоволна сум од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме понатаму.

Од група на независни односно од Земјоделската партија, господинот Михајло Георгиевски.

Повелете господине Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Благодарам потпретседателе.

Моето прво прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и гласи:

Од медиумите дознавме дека мелничарите во Република Македонија оваа година пченицата од земјоделците сака да ја откупува само за 8 денари по килограм. Ваквото обезвреднување на цената на житото ги принудува земјоделците лебното жито да го употребуваат за сточна храна. Дури и минатогодишната цена од 10,5 денари по

килограм жито не ги покрива трошоците за жнеење на житото и компањирањето на сламата, а камо ли овогодишната помала за 2,5 денари. Затоа, земјоделците со цел да си ги намалат финансиските трошоци житото го употребуваат за стучна храна.

Моето прашање гласи, што ќе преземе Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за надминување на огромните загуби што ги имаат индивидуалните земјоделци заради ниските цени на пченицата, а со оглед на енормното поскапување на репроматеријалите, ѓубривото и нафтата.

Второто прашање е до министерот за транспорт и врски. Од печатените медиуми дознавме дека парите што граѓаните ги уплаќаат при секоја регистрација на своите возила за одржување на патиштата, Фондот за патишта ги пренаменува за плати на вработените. Образложението на Фондот за ваквиот неадекватен на чин на искористување на парите на македонските граѓани е дека државата не определила доволно средства во Буџетот за плати на вработените, па тие самоволно одлучиле наместо реконструкција на патиштата, да земат поголеми плати. Иако парите се земени со одлука за преземање на средствата и во согласност со закон, значи се работи за легална постапка. Нема основа за нејзино оправдување, бидејќи патиштата во земјава се во катастрофална состојба, полни со безброј дупки, а да не зборуваме и за тоа дека на патиштата ширум земјава нема јавни тоалети, јавни паркинзи, ниту пак јавни телефонски говорници. Тие секаде се запустени.

Моето прашање гласи, што ќе преземе Министерството за транспорт и врски за исправање на оваа неправда кон возачите на моторните возила во Република Македонија.

Третото прашање е до министерот за култура.

Најпрво, од печатените медиуми, а подоцна и од телевизиските вести дознавме за безмилосната злоупотреба на културното наследство земјава. Новиот процес на менаџирање на културата наместо да започне со изнајмување на културните локалитети за одредени културни настани, концерти и претстави со кои би се подигнала свеста за културата кај граѓаните, започнува со весело рентање на локалитетите за свадби.

Во таквите моменти нашето природно богатство им е недостапно за воодушевување на обичните луѓе кои во моментот на свадбата би се нашле таму, доколку немаат покана за свадба. За тоа сведочи и револтот на четворицата граѓани, државјани на Република Грција кои во саботата на 25.06.2005 година им било оневозможено да го посетат Античкиот театар во локалитетот Хераклеа, бидејќи ги немало на списокот на поканетите гости за свадбата која во тој момент се одржувала таму. Обезбедувањето на свадбарите не им дозволило на новинарите да сликаат и на тој начин да го овековечат овој срамен чин на уништување и негрижа кон културното богатство на Република Македонија.

Како што дознавме од новинарите, надокнадата за оваа злоупотреба на локалитетот чини само 500 евра.

Моето прашање гласи, дали Министерството за култура ќе дозволи вакви и слични манифестации да се одржуваат во скапо ресторторираните локалитети и културните богатства на Република Македонија и што ќе преземе во иднина за да не се случуваат вакви срамни забави.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓоргиевски.

Првото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменик министерот, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Мислам дека првото прашање треба да се одговори во два дела.

Првиот дел е за цената на репроматеријалите кои директно влијаат врз производната цена на пченицата и на секој друг производ.

Мислам дека на ова прашање премиерот даде одговор дека Владата презема мерки за одредени активности каде очекуваме дека ќе се намали цената на репроматеријалите, со укинување на царините, бидејќи најголем дел од репроматеријалите во земјоделието доаѓаат од увоз.

Што се однесува до второто прашање, а тоа е околу цената на пченицата.

Вие знаете дека оваа година, во договор со Светската трговска организација пченицата нема заштитна цена. Ние сега сме во тек на преговори, заедно со Министерството за економија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заедно со групациите на мелничарско-пекарската индустрија и на групацијата на примарните производители на пченица и јас очекувам дека од овие преговори овие денови ќе најдеме заеднички јазик и очекувам дека мелничарите ќе ја откупуваат пченицата по цената како и минатата година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Ѓорѓиевски, дали сте задоволни од одговорот на прашањето, или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Михајло Ѓорѓиевски.

**Михајло Ѓорѓиевски:** Делимично сум задоволен од одговорот. Меѓутоа многу се доцни. Можеби Владата нешто ќе преземе, но досега не е преземено, а еве веќе во Пелагонија се коси житото т.е. се употребува за сточна храна. Тоа требало да се направи до сега, а не да се чека последниот момент. Со тоа селаните кои произведуваат лебно жито со тоа ќе се дестимулираат за догодина да не садат веќе жито и така ќе се доведеме во ситуација како земја да увезуваме жито т.е. да нема жито за леб. Така што мислам дека Министерството требало тоа

порано да го преземе, но и сега не е доцна да преземе нешто, но тоа треба да биде многу брзо.

**Слободан Најдовски:** Значи немате дополнително прашање.

Следното прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот, господинот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** По излегувањето на паушалните оценки и напади во одредени медиуми во делот на тоа како се исплаќаат платите на 25 вработени во Фондот за магистрални и регионални патишта и како се трошат средствата кои доаѓаат преку ставка на приходи на Фондот за магистрални и регионални патишта, ќе кажам дека Фондот во соработка со Министерството за транспорт и врски пред два три дена подготви известување до медиумите, каде се разјаснуваат законските постапки како се планираат и користат средствата, како од приходите така и од Буџетот. Така што пратеникот ќе го добие во писмена форма истиот преглед па дури тогаш можеме да дискутираме дали реализацијата се одвива согласно законските механизми, односно рамки, или имаме пробив во законските рамки. Меѓутоа, да не коментираме и да не давама паушални оценки.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ.

Господине Ѓорѓиевски дали сте задоволни од одговорот на прашањето, или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Михајло Ѓорѓиевски.

**Михајло Ѓорѓиевски:** Заменик министерот Кошутиќ кажа дека тој ќе ми одговори писмено и јас нема што да кажувам, освен да кажам дека тоа не е демантирано дека така се употребуваат средствата. Министерството треба да излезе и јавно да каже дека тоа не е точно и тие средства не се дадени за плати. Инаку вака останува да виси прашањето дали навистина се даваат тие средства за патиштата, или за плати на вработените. Се дотогаш прашањето ќе биде отворено.

Ако добијам писмено образложение за тоа, тогаш ќе разговараме околу тоа.

**Слободан Најдовски:** Господине заменик значи ли тоа дека ќе има писмено дополнително образложение.

**Дејан Кошутиќ:** Да

**Слободан Најдовски:** Значи писмено ќе добиете дополнение.

Третото прашање е до министерот за култура, господинот Благој Стефановски.

**Благој Стефановски:** Само кратко би кажал некои мои сознанија околу овој настан, бидејќи во време на случувањето не бев во земјата.

Можам да кажам дека сум човек кој сака нов пристап кон менаџирање на културните институции, посебно во делот на културното наследство во делот на културниот туризам, да биде достапно до сите граѓани и посетители кои можат на соодветен начин, сигурно тоа да се прави на соодветен начин. Тоа сигурно е во ингеренција на менаџерите кои се избрани.

Како поддршка на тоа можам да кажам дека УНЕСКО што оддржа состанок за културната разноликост во еден од најголемите музеи на светот, Музејот Прадо, ние бевме поканети на вечера и опкружени со најголемите сликари на светот, од Гое до други каде се приреди една вечера што можеби кај нас ако тоа се направи медиумите може тоа да го направат како екцес. Значи ние треба тие музеи, тие културни споменици да ги направиме пристапни за поинаков тип на случувања.

Јас за овој случај побарав писмено да видам дали се нарушени бидејќи можеби може да се направат некакви фотографии, правење на некој коктел, меѓутоа не сигурно во таа церемонија како се прават свадби во ресторани. Сигурно ако тоа е направено не е битно ни какви се средствата дали се 500 евра или се 500,000 евра. Во секој случај барав писмено известување и го поддржувам тоа и тоа дека во тие споменици секој може да се менаџираат и некои поинакви сваќања од она што досега беа наши сваќања и кое е местото на пример на тој тип на културни споменици и на каков начин може да се менаџира. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господин Стефановски.

Господине Ѓорѓиевски дали сте задоволен од од одговорот на прашањето или саката да поставите дополнително прашање.

Повелете господине Ѓорѓиевски.

**Михајло Ѓорѓиевски:** Од одговорот се гледа дека и министерот го осудува овој чин на злоупотреба на локалитетот бидејќи се знае колку дава Министерството средства за да се таквите локалитети реставрираат. И знаејќи си го својот народ дека сме ние весел народ, дека во такви свадбарски прослави, луѓето се поднапиват малку и потоа рушат и прават работи што не се долични за таков локалитет. И мислам дека тој како што кажа и понатаму ќе превземе мерки за спречување на таквите прослави. Може концерти, може други работи, но вакви свадбарски фешти и правење во такви скапи локалитети, мислам дека и самиот министер кажа дека тоа е за осуда и не треба да се дозволува. Според тоа, јас сум задоволен од тоа што го кажа тој, дека ќе се заложи за спречување на таквите појави. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорѓиевски.

Процедурално господинот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, бидејќи не ми дозволивте слободно да ја искажам својата мисла, ставајќо го вашиот интелект како мерило што е уличарство а што не, сакам да ве информирам дека мислата што ја изреков на

почетокот е превземена од нобеловецот Алберт Ками, поточно од неговата книга "Странецот". Барам да ми овозможите да го остварам своето право да поставам пратенички прашања, ако не по ваша дозвола, со дозвола на премиерот, бидејќи ова е само политичка борба, без разлика колку јас лично го ценам премиерот или Владата. Мислам дека е навредливо за премиерот вие да го штитите од вакви прашања. Тој самиот е способен тоа да го направи.

**Слободан Најдовски:** Господин Шајноски ние имавме договор како да поставуваме редослед, пратенички прашања. Воопшто не го штитам премиерот, ниту се ставам јас да бидам тој да го штитам, него го штитам редот и работата во Собранието на Република Македонија. За тоа деловнички сум јас одреден и ќе барам кога јас претседавам да има ред во Собранието, а тоа го бара и претседателот на Собранието и ќе барам да се однесуваме така како што му доликува на Парламентот. Кога ќе ви дојде редот, од Пратеничката група ќе си добиете право да си поставите пратенички прашања.

Продолжуваме понатаму по овој редослед што го имаме.

Следен за поставување на пратенички прашања е пратеникот Славе Арсовски.

Повелете господине Арсовски.

**Славе Арсовски:** Почитуван потпретседателе, почитуван премиер, министри, заменици министри, колеги пратеници. Ќе го искористам правото да поставам три прашања и тоа две прашања до Министерството за животна средина и просторно планирање и едно прашање до Министерството за транспорт и врски.

Прво, имајќи предвид дека како Министерство за животна средина и просторно планирање се грижите за животната средина и екологијата, според мои сознанија, како Министерство, минатата година имате обезбедено околу 7 милиони денари за изградба на регионална депонија во општина Гостивар, во местото Русино, со која депонија конечно ќе се разреши овој проблем и ќе се создадат услови жителите на општина Гостивар и пошироко повеќе да го немаат овој проблем. За жал, еве и оваа година, до ден денес сеуште, според мои сознанија, не е преземено ништо во тој правец односно акутниот проблем со депонијата односно старата депонија во општина Гостивар сеуште постои.

Моето прашање е, дали Министерството за животна средина и просторно планирање ќе почне со изградбата на депонијата во местото Русино и од кои причини до сега истото не е направено, а како што истакнав на почетокот, минатата година од својот буџет Министерството за животна средина и просторно планирање обезбеди околу 7 милиони денари.

Второто прашање е исто така до Минстерството за животна средина и просторно планирање, а се однесува во врска со населените места Циглана 1, Циглана 2, Фазанерија, во општина Гостивар каде живеат повеќе од три илјади жители. За жал, иако сите сме во близината на изворот на реката Вардар, истите жители се среќаваат со горливиот проблем, немање доволно капацитет за вода, како за пиење така и за други потреби. Во овие топли денови, фактички целодневно истите жители немаат вода.

Исто така, знам дека истото Министерство има одделено соодветни средства за разрешување на овој проблем, односно реконструкција на водоводниот цевковод до овие населени места. За таа цел, колку што знам, пред 4 месеци имаше објавено тендер за изведба на работите односно изградба на овој цевковод.

Прашањето е, кога ќе почне изградбата на овој цевковод, да се разреши овој проблем и конечно жителите на овие населени места да го разрешат проблемот со водата за пиење и другите потреби.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски, а прашањето е следно:

Деновиве од страна на градоначалникот на општина Гостивар се доби известување дека до 30.06.2005 година, во зградата каде е сместена општинската администрација и каде се сместенин одредени субјекти, како што се Сојузот на борците, Синдикатот, дел на политички парти кои подолго време ги користат овие простори, истите субјекти да се иселат.

Прашањето е до Министерството за транспорт и врски, поточно до Јавното претпријатие за станбен и деловен простор, чие сопственост е зградата во која се сместени како општинската администрација така и овие горе споменати субјекти. Инаку ние сметаме дека истите се сопственост на Јавното претпријатие за станбен и деловен простор, односно Република Македонија. Од тие причини барам одговор, веројатно ова ќе биде писмен одговор, но ако има сознанија заменик министерот може истото и усмено да го одговори.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Арсовски.

Првото прашање е до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Има збор заменик министерот господинот Драгољуб Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Точно е дека во Министерството за животна средина и просторно планирање уште минатата година беа одделени одредена сума на средства за решавање на проблемот со депонирањето на отпадот, времено решавање, во полошкиот регион.

За жал, минатата година тендерот беше оборен така што оваа година повторно истиот беше повторен и на Комисијата веќе има избрано изведувач. Во меѓувреме имаше одредена постапка од еден од наводните корисници на овој простор, оспорување за имотно-правните односи. Првостепената комисија на општината донесе одлука во корист на изведувањето на депонијата, поточно во корист на општината Гостивар и деновиве има седница Второстепената комисија,

така што се очекува потврдување на Одлуката и деновиве буквално да се отпочне со работни активности на депонијата Русино. Но за информирање на јавноста, да бидам попрецизен, околу 5,5 милиони денари се одделени за изградбата на современата депонија, додека 7 милиони денари се за реконструкција на патот од старата до новата депонија, некаде во должина од 4,5 километри. Така што проблемот со депонијата, се надеваме во рок од 40 ќе биде решен, бидејќи времето на изградбата на истата, во договорот со истите изведувачи е токму тој. Така што веруваме дека оваа работа за наредните месец, два ќе биде готова. Тоа е за првото прашање.

**Слободан Најдовски:** Господине Арсовски, дали сте задоволни од одговорот на поставеното прашање?

**Славе Арсовски:** Релативно сум задоволен. Камо среќа да почне изградбата на депонијата и да се разреши овој проблем, само да не излезаст некои други несакани работи кои би го спречиле градењето.

**Слободан Најдовски:** Значи немате дополнително прашање.

Второто прашање е исто така до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање.

Повелета господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Што се однесува до водоснабдувањето и реконструкцијата на делот на водоводот на месното население Циглана во општина Гостивар, точно е дека минатата година за истото населено место имаше тендер од нашето Министерство, но за жал истиот беше оспорен од одредени кандидати кои настојоуваа да бидат во делот на изведувачи, бидејќи во самата процедура беше направена една техничка грешка, поточно во делот на висината на инвестицијата. Всушност беше одбран понудувачот, иако беше најнискиот понудувач на понудата за изведување, изнад гарантираните средства кои беа одредени со тогашниот закон за јавни набавки. Во меѓувреме дојде новиот, така што тоа беше една од причините. Но морам да истакнам, точно е пред месец ипол дена обновена е истата постапка, избран е понудувач и истиот очекуваме деновиве да отпочне со работни активности.

Тука чинам дека немаме поголеми потешкотии, бидејќи очекуваме само потврда на Второстепената комисија за јавни набавки околу изведувањето на активностите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Матовски.

Господине Арсовски, дали сте задоволен од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Славе Арсовски, повелете.

**Славе Арсовски:** Би сакал да дадам писмен одговор околу целата процедура, бидејќи имам некои сознанија дека тешко ќе почне изградбата на овој цевковод. Во меѓувреме, ако не е информиран замениког министер, колку што знам има објавено тендер за општината за изградба на овој цевковод за кој вие зборувате. Писмено би сакал да ми се одговори во врска со сето ова.

**Слободан Најдовски:** Според Деловникот за работа, министрите одлучуваат дали ќе одговорат писмено или усно, па заради тоа господинот Матовски како заменик министер на дополнителното прашање има право на избор како ќе одговори.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Работата е навистина тривијална и нема потреба од дополнително писмено објаснување, бидејќи завршен е тендерот, избран е изведувачот, единствено има поплака до Второстепената комисија која треба да даде одговор и после одговорот, а се надеваме на потврден одговор, ќе отпочнат работните активности.

Доколку пратеникот го интересира да види што значи тоа, може да дојде во Министерството и да биде запознат со целата документација на постапката. Тоа е јавна работа, нам тоа не ни пречи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Матовски.

Третото прашање е упатено до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, господинот Дејан Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Пратеникот побара писмен одговор, така што во писмена форма ќе одговориме.

**Слободан Најдовски:** На третото прашање ќе добиете одговор во писмена форма.

Продолжуваме понатаму.

Следен за поставување на пратеничко прашање е пратеникот Спиро Мавровски.

Повлете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван премиере, министри, колеги пратеници,

Еве, бидејќи составот на Владата е речиси комплетен, би сакал во однос на оние прашања што ги поставуваме како пратеници да замолам, доколку сте во можност, одговорите да ги добиваме побрзо затоа што сепак и оние кои прашуваат и бараат одговор од нас ние мора да им го пренесеме она што вие го кажувате. Значи овие одговори во писмена форма кои ги ветувате мислам дека треба да ги добиваме што побрзо. Во овој контекст мислам на одговорот на прашањето за нашите раселени лица од Царина, кои прашуваат, вие ни ветивте одговор, помина

еден мессец, сеуште го немаме одговорот. Тука е домот "Сју Рајдер" во Битола, за кој повторно немаме одговор.

Би сакал да поставам сега три прашања. Првото до претседателот Брано Црвенковски, кои се причините...

**Слободан Најдовски:** До кого сакате да поставите прашање?

**Спиро Мавровски:** Еве, бидејќи тука се работи заедно, до Министерството за одбрана, ако не е претседателот тука до министерот за одбрана.

**Слободан Најдовски:** Господине Мавровски, деловнички знаете до кого имате право да поставувате прашање и согласно Деловникот точно адресирајте го прашањето до кого сакате да го поставите.

**Спиро Мавровски:** Добро, се работи за делокруг на одбраната, за кого што...

**Слободан Најдовски:** Во ред за кого се работи, поставете го прашањето и адресирајте го до кого сакате да го поставите.

**Спиро Мавровски:** Господине потпретседателе, бидејќи се работи за Министерството за одбрана каде што ингеренции има и Министерството за одбрана и Претседателот на Републиката, мислам дека на ова прашање треба да добијам одговор и од Министерството за одбрана и од Претседателот на државата. Во секој случај, јас ќе го поставам до министерот за одбрана.

**Слободан Најдовски:** Момент. Ние можеме сега за се и сешто да ги користиме микрофоните, но не знам која е интенцијата денес што на таков начин настапувате. Прочитајте го Деловникот, во членот 35 точно стои на кого можеме да упатиме пратенички прашања. (Реакција на друг пратеник со зборовите:"до министерот за одбрана").

Не довикувајте вие, не сте тие што треба да кажат, има кој да каже.

Затоа во тој член пишува точно дека пратеникот е должен да означи на кого му го упатува прашањето. Меѓу оние на кои можете да им поставувате пратенички прашања не е Претседателот на државата. Според Деловникот до него не можете да упатите прашање. Во ред, до Министерството за одбрана, така ќе го адресирате прашањето.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам.

Еве, се објаснивте, сега знаеме.

Јас би го поставил прашањето кои се причините за една толку важна одлука како што е промена на началникот на Генералштабот, се разбира освен личните, ако навистина ги има, за да нема шпекулации во македонската јавност и во Армијата на Република Македонија, за истите треба да се проговори и да се запознае македонската јавност, а не одлуката да ја носиме некаде на концерти. Дали во контекст на истото е инцидентот што се случи во Ирак со дел од нашите војници, кои во меѓувреме се вратени во Република Македонија, а македонската јавност и ние пратениците кои ги донесуваме одлуките за нивно одење во странство воопшто не сме известени или пак и оваа вест ќе треба да ја оставиме да биде шпекулација. Токму за да нема шпекулации ги поставувам овие прашања.

Сите останати земји за се што се случува со нивните војници ја известуваат сопствената јавност, а уште повеќе нивните парламенти. Значи ова е првото прашање.

Второто прашање е до претседателот на Владата, господинот Бучковски.

Би запршал кој е начинот да се склучи договор во четири очи за давање концесија на хидроелектрани во вредност од 100 милиони евра за наредните 50 години, а притоа да не распишете јавен тендер. Дали причината беше стравот дека нема никој да се јави на тендерот или во прашање е договор кој е склучен во некои претходни и директни разговори. Дали донесувањето по итна постапка и извадено од контекст на Законот за води, во кој се дава можност и за оваа ваша одлука, во однос на концесиите за хидроелектраните е направено токму во таа насока.

Почитувајќи ги вашите претходни одлуки и вашиот говор тука пред нас пратениците дека никогаш повеќе нема да се склучува договор во четири очи, сега испадна сосема нормална работа, а одговорноста за сите претходни и идни договори во четири очи можеби ќе ги разгледува некоја друга влада, како што вие го правевте тоа во овие три години.

И третото прашање го упатувам до министерот за здравство, во контекст на она што и претходниот пат прашав. Имено, во екот на реформите во здравството кога во Битола се раздружува Болницата и Здравствениот дом, се прават многу деструктивни и нелогични потези кои предизвикуваат голем револт и неверување кај граѓаните и медицинскиот персонал. Здравствениот дом како поликлиника со бројни специјалистичко консултативни дијагностички амбуланти, според решенијата на Управата ги дислоцира во Болница. Здравствениот дом останува без хируршка амбуланта, интернистичка амбуланта, кожна амбуланта, невропсихијатриска амбуланта, физиолошка, како и служба за транспорт која минатите децении покажува одлични резултати како сервис на граѓаните и на здравствените единици. Сега се распарчува, што ќе предизвика големи проблеми од финансиски и организациски карактер. Негативните ефекти ќе се испорачаат предоцна, а сметката ќе ја платат граѓаните, за кои да се потсетиме е воспоставен здравствениот систем. Тоа е прашањето до министерот за здравство.

Мислам дека бев краток и многу јасен и прецизен во прашањата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Првото прашање е упатено до Министерството за одбрана и има збор заменик министерот за одбрана, господинот Талат Џафери.

Повелете господине Џафери.

**Талат Џафери:** Благодарам господине потпретседател.

Сакам да го запознам пратеникот Мавровски и сите други дека според Законот за одбрана именувањето и разрешувањето на генерали е во надлежност на Претседателот на државата, а никако во надлежност на министерот односно Министерството за одбрана. Според нашата персонална евиденција, која е должност и обврска на Министерството за одбрана, јасно се гледа дека господиное Бојаџиев како досегашен началник на Генералштабот ги исполнува условите за пензионирање и во таа насока нема никаков друг проблем, освен оваа евиденција што покажува. Надлежност на Претседателот на државата е како и што ќе прави во однос на постапувањето со именувањето односно разрешувањето на генерали.

Во однос на прашањето за состојбата на нашите војници во контингентите во Ирак и Авганистан, би го замолил и пратеникот Мавровски, а и сите други да не шират дезинформации, бидејќи тоа никому не му помага од причина што ние имаме секојдневна комуникација со нашите контингенти, со нашите старешини кои се во заедничките команди на Флорида и Багдад и состојбата на војниците и старешините кои се во контингентите е нормална, редовна. Впрочем, сите оценки за нивниот ангажман се одлични од носителите на контингентите, за оние во Ирак од Американската команда и Американскиот контингент ги има сите пофалби и за оние во Авганистан во составот на Германскиот контингент, во чиј состав престојуваат и делуваат нашите војници, исто така пофално се изразуваат и оценките се одлични како за нивното здравје, така и за нивниот ангажман. Уште еднаш да кажам не приличи ваква дезинформација да се дава во ова време за едно чувствително прашање и во однос на родителите и фамилиите кои имаат свои деца таму. Не е добро да се шират вакви дезинформации.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џафери.

Господине Мавровски, дали сте задоволен од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Во врска со првиот дел, доколку генералот Ѓорѓи Бојаџиев во текот на вчерашниот ден ги стекна тие услови за пензионирање тогаш е вред уште денес да го смените. Мислам дека начинот е непримерен, без разлика што вие не сте во состојба тоа да го направите.

Во однос на другиот дел од одговорот, стоите зад таа изјава дека тоа е дезинформација и со тоа ја информирате македонската јавност дека таква работа всушност не се случила. Како минситер или како заменик министер мислам дека треба да бидете одговорен во вашите изјави и тука оставам на вас дека тоа е токму така.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Второто прашање е упатено до Владата на Република Македонија.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван пратеник Мавровски,

Од истово место пред шест месеци кога го кажував Експозето и политиките кои Владата ќе ги спроведува, споменав дека задача на новата Влада на РМ е да ја подобри бизнис климата во нашата држава и без никакви предрасуди споменав неколку компании, за кои сме заинтересирани да ги донесеме во Република Македонија. Уште тогаш говорев за Проектот од Турбоинститутот, еден од партнерите кој долги години соработува со Македонското електростопанство и кој беше посакуван партнер за Република Македонија. Протоколот за соработка кој е склучен треба да значи развој на хидроенергетскиот сектор во нашата држава, вложување на 100 милиони евра во изградбата на 20 мали хидроцентрали од можните 400 локации кои ги има во Република Македонија.

Протоколот за соработка, кој го потпиша министерот за економија, не е склучен во четири очи. То е направен врз основа на јавна презентација, врз основа на проценка што се правеше од сите владини институции и сметаме дека имаме добра понуда и добар протокол. Дали неговата реализација ќе се одвива со темпото кое ние го посакуваме, во секој случај ќе покаже времето кое што е пред нас, затоа што ги собираме и мислењата на партнерите кои се вклучени во приватизацијата на Електростопанство.

Зошто до сега похрабро не влеговме во привлекување и на други инвеститори во оваа сфера е токму она вие што го говорите, тоа е Законот за водите кој ги спречуваше. Мислам дека вие многу добро знаете и ми е драго што не се задскривате како некои експерти, еден ден да зборуваат за логото и знамето од една опозициона политичка партија, утредента да ги видиме во истиот медиум и истиот весник седнати удобно во својот кабинет како и солат памет на Владата, ненудејќи решенија, говорејќи дека единствено такви услови треба да бидат дадени за домашни компании. Сите овие услови кои ги има Турбоинститутот со Протоколот за соработка со Електростопанство ги нудиме на МЗТ "Пумпи",

што единствено е кадарен во Република Македонија тоа да го направи. Бидејќи има 400 локации, останаа уште 380 и ако вие имате некоја странска компанија на која треба да и пишеме писмо да дојде да вложува во Република Македонија, јас не се срамам тоа да го направам, затоа што ние мораме да сфатиме да ја разбиеме шемата која некој ја прави, посебно оние кои беа познати по тоа што се договараа во четири очи. Сега кога уредбата која даваше можност за еден човек и беше поделено половина од градежното неизградено земјиште во Република Македонија, на тој начин, сега на Владата да и попуваат дека не била транспарентна! Напротив, без никакви предрасуди, јас говорам дека е чест на оваа Влада и дека ќе ја подобри бизнис климата во нашата држава, ако врз основа на Меморандумот за соработка што го имаме со "Лукоил", "Лукоил" почна да гради од 1 септември о.г. 40 бензински пумпи во Република Македонија. Да вложи 50 милиони долари, на секоја бензинска пумпа по 40 пумпи, да вработи во првата фаза по 14 вработени, да има нови 560 вработени. Ние како Влада сме подготвени сите фази од договорите - денес ќе ги поминеме овие договори на Владата - да ги дадеме и во Антикорупциската комисија, да ги ставиме на Веб страницата на Владата и да биде транспарентном, а не со оваа хајка која се води, и оние кои задскривајќи се зад тоа дека се борци против корупцијата, на Владата на овој начин да и прават "мечкина услуга", а пред се да и прават "мечкина услуга" на Република Македонија.

На Република Македонија грчевито и се потребни странски инвеститори. Јас ќе пишувам писма не само на "Лукоил", не само на "Сименс", ќе пишувам писма на сите бренд имиња, на сите светски познати имиња и ќе нудам бенефиции и владини гаранции да вложуваат во Република Македонија, затоа што на тој начин ќе ја повратиме довербата. Ако некој се сомнева во корупцијата во овие светски или регионално познати компании, тоа ќе треба да го докажат. Затоа што во секој случај сите треба да говориме она што сакаме да го направиме. Ако заеднички интерес е на сите политички партии во Република Македонија да ја подобриме бизнис климата и да дојдат странски инвеститори, не треба однапред да се закануваат поединци, кои на начинот на кој ја водат политиката јас ви гарантирам дека ќе помине уште долго време кога ќе бидат во поцииција да реализираат нешто или да се наоѓаат во позиција да ја водат оваа држава, се разбира, ако продолжат вака да се однесуваат.

Во секој случај, уште еднаш да потврдам дека сме подготвени и договорот за Турбоинститут, односно Протоколот за соработка и Меморандумот за соработка со "Лукоил" и Меморандумот за разбирање што го имаме со "Сименс" - мене ми е жал што господинот Шајновски ако сакаше да ме праша за "Сименс" конечно сега еве да најдам шанса, ќе одговорев.

На 8 јули ќе дојдеме со претставниците на "Сименс" во "Емо"- Охрид. Тоа е истата онаа приказна што ја правеше претседателот на една опозициона партија, до пред три недели велеше каде му е тој "Сименс" на претседателот на Владата, е сега, кога виде дека потпишавме договор - е каков договор потпишале. Еве, договор потпишан со 7 конкретни проекти, кои на Република Македонија и даваат можност, не само оваа Влада туку и идните влади да имаат стратешко партнерство со едно светски познато име. Значи, ќе ги ставиме овие три договори на нашата Веб страница, ќе го ставиме Меморандумот за соработка со Малезиската државна компанија "Хисни Ага Груп", кој сака да гради во Горно Лисиче една станбена населба. Ако ја донесеме одлуката, Писмото за намери на 19-то рангираната најуспешна словенечка компанија "Туш" за инвестирање во Република Македонија со 61 милион долари и вработување на 900 нови вработени, и понудената банкарска гаранција, која веќе ја имаме, од 5 милиони евра како гаранција дека ова ќе биде успешно и тоа да го ставиме на увид на македонската јавност.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе на Владата.

Господине Мавровски, дали сте задоволен од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски. Со таа разлика што вие имате три минути за дополнителното прашање, а претседателот на Владата можеше повеќе да зборува.

**Спиро Мавровски:** Мислам дека кога е во интерес на државата, и три минути не се време за кое треба да говориме. Еве, имаме шанса да зборуваме директно со претседателот на Владата.

Мене ме радува што е така и конечно да не се шпекулира, за да можеме да ги извадиме резултатите на маса. Секогаш така говорам и овој пат ќе ви кажам дека тоа што го имате со Турбоинститутот за 100 милиони, а сите треба да бидеме среќни и весели дека тие 100 милиони ќе влезат, но кога ќе влезат и како ќе влезат ќе покаже времето, како што рековте и самите.

Јас ве прашав сошто немаше јавен тендер, вие го најдовте само Турбоинститутот од Словенија што може да ја заврши оваа работа. Како што можевте со "Сименс" да разговарате и договарате со "Сименс", мислам дека "Сименс" и во овие претходни години, односно додека јас работев во таа област во претходните четири години, доколку бевме малку поактивни можеби "Сименс" ќе отвореше тука претставништво и ние како Република Македонија ќе бевме главните во Југоисточна Европа. Но не сме., претставниците се во Грција и за овој регион се ќе оди преку Солун. Тоа е многу нормално и секоја голема фирма во светот така функционира. Тука дилема не треба да има кај никој.

Ме радува доколку "Сименс" повторно прифати некои проекти, да не бидат само проекти во кои ние ќе треба да земеме нивна опрема, која ќе треба да ја вградиме во одредени енергетски, претпоставувам, објекти.

Во однос на ова што значи хидроелектрани, доста добро ги сработеа чешките фирми, значи, можевме да најдеме и други партнери со кои, не велам дека ќе беа подобри, но во однос на транспарентноста, сигурно ќе беше подобро и за вас како Влада и за нас како држава и во однос на сите натамошни директни странски инвестиции дека постои некој начин на кој тие ќе можат да имаат доверба во ова што се случува во Република Македонија. Тоа е едната работа.

Другата за која сакам да проговорам е ова што го кажавте за "Лукоил" и нивните 40 пумпи во однос на ова што кажувате за хидроелектраните и одредените технички можности.

Во однос на овие бензиски пумпи, се прашувам, што е причината да тоа не биде ШЕЛ, да не биде ЕССО, како што е во нашите соседи каде патувајќи и до Солун и до Софија ќе ги видите овие пумпи на многу места. Јас разбирам, ако се определуваме за стратешки партнери во однос на нешто што ние го немаме, треба генерално да се договориме. Значи, ако "Лукоил" е стратешкиот партнер што наредните 40 или 100 години ќе ја снабдува Република Македонија со нафта, тогаш треба да се каже и да знаеме што и како понатаму.

Во однос на оваа Малезиска државна компанија, мислам дека господинот Стевчо Јакимовски пред можеби повеќе од една година имаше тука една презентација пред нас и многу јавно пренесе дека тие луѓе ќе инвестираат некаде околу милијарда долари во Република Македонија, дека тие ќе инвестираат во Бошков мост, но наеднаш сето тоа се замолча, сега денеска излгувате со тоа дека Малезиската државна компанија ќе гради станбени објекти во Скопје.

Сега, во овој момент кога грчка фирма добива изградба на обиколниот пат околу Скопје каде нашите градежни фирми и така немаат работа, мислам дека сега треба да направиме една генерална стратегија што вие како Влада во овој момент, јас разбирам пазарна економија, разбирам се, но доколку нашите фирми што работат на тој дел ги онеспособиме, тогаш доаѓаме во ситуација нон стоп од некого нешто да очекуваме. Се надевам дека вие тоа не го мислите, мислите дека овие 400 илјади невработени тоа што им го ветивте на 15 септември 2002 година 200 илјади вработувања, три години поминаа, министерот вчера кажа дека имате ситуација од септември 2002 година. Значи, немате ништо вработено и тука е основниот проблем. Овие инвестиции за 25 милиони кои ќе вработат 200 луѓе јас ве убедувам дека во Битола можеби во наредните 6 месеци или година, со ваша помош, ќе вработиме многу повеќе отколку оваа инвестиција која некој ќе ја направи во Скопје.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе, благодарам на почитуваниот пратеник што дава можност да се обидеме барем да доразјасниме некои работи, јас така ја сваќам улогата на пратеничките прашања, бидејќи е за овие теми заинтересирана македонската јавност.

Значи, она што е јасно во проектот со Турбо институтот е дека, ако го склучиме договорот за концесија на 30 години, инвеститорот презема обврска Турбо институт да вложи 100 милиони евра, извесно е, затоа што вие знаете дека нивниот интерес се турбините и инвестирањето односно нудењето на нивната опрема да биде вградена во овие мали хидроцентрали.

Она што е за нас многу битно кога говориме за градежништвото е нудењето на можноста градежни работи во висина од 70 милиони евра за градежните компании на Република Македонија. Тоа е основниот интерес. Ова што го оставаме како можност, покрај успешното искуство што го имаме со Чешките компании во изградбата на мали хидроцентрали да продолжиме под истите услови за македонски компании, за други кои се заинтересирани да го искористиме максимално хидропотенцијалот.

Сега го изменивме Законот за водите, тука е и писмото за намери сеуште стои понудата на Малезијците да го градат проектот Бошков Мост. Не е исклучено дека на една од идните владини седници ќе го разгледуваме и овој проект, но ние треба еднаш психолошки да се прекршиме и да имаме минимум доверба во нас дека ако нешто се прави не мора да се прави од коруптивни причини. Владата е подготвена да го одбрани овој свој концепт со транспарентност и со нудење можност сите оние кои се заинтересирани да бидат во тек на овие разговори кои не се водат во четири очи.

Третото, што е многу битно, што велите за "Лукоил". Не е тајна дека и досега нашиот снабдувач, главен снабдувач кој се снабдуваше од "Лукоил" на македонскиот пазар и дека најлесно што "Лукоил" сакаше да влезе преку приватизацијата на таа наша голема компанија.

Е, сега кога влезе "Лукоил" со договорот што го потпиша со Владата, сега токму тој кој смета дека сме го нарушиле монополот, а ние, не само од опозицијата, ќе имаме удар во оваа наша политика и во такви услови наречени големи монополи. Јас отворено разговарав со менаџерот на таа голема компанија, имаме и друг спор кој го водиме, мислам дека аргументите се на наша страна. Ако тој господин и било која приватна компанија е заинтересирана да го донесе ШЕЛ или Бритиш-Петрол, нека продаде дел од својата

компанија на ШЕЛ и Бритиш-Петрол. Ако тоа не го прави јас реков ќе напишам писма и на ШЕЛ и на Бритиш-Петрол да дојдат во Република Македонија. Но, премал пазар сме. Не може да дојде "Лукоил" затоа што секаде околу нас, само кај нас има бензиски пумпи на една компанија и 15 други приватници кои имаат по две три пумпи или некој има само по една пумпа. Ако го либерализираме сега пазарот, посебно во овој дел, ќе го правиме тоа на оној начин на кој сметаме дека е најдобро. Ако влезе "Лукоил" тој нема да влезе само со купување на 5-10 пумпи за кои сега разговара, тој ќе влезе со можност потоа да притиска на сите приватни бензиски пумпи ако може во еден момент да ги купи. Но, од друга страна ние не браниме тоа да го направи и Бритиш-Петрол или ШЕЛ. Но, ако треба да биде прво сигналот да влезат со договор за соработка со Владата и Владата да гарантира дека се овде добредојдени, ние тоа ќе го направиме.

Во секој случај мене не ми пречи што на овој начин со пратеникот Спиро Мавровски го водиме овој дијалог, сметам дека е ова вистинскиот начин ние сме подготвени во Владата за сите овие проекти кога ќе ја поминат владината процедура да дадеме отчет пред Парламентот, затоа што тоа се претставниците на граѓаните овде.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Третото прашање е до Министерството за здравство.

Има збор министерот за здравство господинот Владимир Димов.

**Владимир Димов:** Би сакал да кажам дека трансформацијата на здравството односно Медицинскиот центар во Битола е во согласност со Законот кој во април минатата година е изгласан овде во ова Собрание со кој излегува обврската за трансформација во болниците и во здравствените домови.

Според тоа, тој процес се одвива нормално како и секаде на други места. Сакам да кажам дека специјалностите кои ги спомна пратеникот Мавровски кои треба да бидат во делот на примарната здравствена заштита не можат да бидат дел од здравствените домови, а ќе постојат онаму каде што ќе постои секундарната здравствена заштита и како такви ќе си бидат организирани потполно.

Во таа смисла во поглед на тоа како се одвива таа реорганизација досега немаме примено никакви поплаки од тој вид со оглед на тоа што Битола е градот кој има премногу специјалисти кои се промовирани таму и мислам дека има доволно кадри во тој поглед, меѓутоа, дозволувам ако некаде се јават проблеми во тој дел што може да биде во поединечни специјалности кои сепак треба да бидат дел од примарната здравствена заштита а не од секундарната, бидејќи здравствените домови се носители на примарната здравствена заштита, сигурно дека ќе интервенираме на начин на кој предмалку кажав и за Штип.

Што се однесува до службата за итна медицинска помош таа и понатаму останува така како што е организирана и дури имаме најави и барања во делот на ребалансот на Буџетот да побараме дел од средства кои ќе треба да ја зајакнат таа служба секаде, па и во Битола.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Господине Мавровски дали сте задоволен од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам за одговорот господине министре, јас мислам дека вашите комуникации со господата од Битола ќе треба да бидат поголеми за да имате права и реална слика за она што се случува. Мислам дека во тој контекст е и ова мое прашање, а се надевм дека многу скоро ќе ги остварите тие средби со луѓето што ќе ви објаснат што всушност се работи.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

На ред за поставување пратенички прашања е пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам, почитувани претставници на извршната власт, драги колеги парламентарци, имам три прашања.

Првото е до Министерството за транспорт и врси, до заменик министерот господинот Кошутиќ, кој нема да го прашам како ќе префрли 400 луѓе во општините без да обезбеди средства, туку ќе го прашам друго прашање кое деновиве се наметнува кај мене и кај сите останати.

Јас како роден скопјанец ја користам привилегијата секое сабајле по трим патеката што ја изгради поранешнот градоначалник и сегашен на општина Карпош Јакимовски и Андреа Петров и делот од патеката што господинот Пенов ја изгради да ги користам привилегиите што животот во Скопје покрај убавата река Вардар ги имавме заедно можеби со дел од министрите и премиерот како дете кога шетавме таму, ги користевме скопските плажи. Денеска шетајќи се забележав на местото каде што во градскиот кампинг порано ги крадевме првите momински погледи и бакнежи, се гради едно чудно здание (смеа кај пратениците и дофрлувања). Ве молам, се гради едно чудно здание во форма на кинески зид, ќе ве молам колешке не зборувам за Штип, туку за Скопје, се гради едно здание во форма на кинески зид. Ништо не е спорно тука, се работи за голем комплекс што се гради во Градскиот парк на местото на кампингот, како што реков, се градат повеќе од 30 илјади метри квадратни каде има 249 апартмани, еден помалку од 250, математички пресметано, кои веќе неколку месеци јаво се огласуваат на продажба како комерцијално деловен простор, спортски терени и

паркинг. Целиот комплекс има сопствено обезбедување и внатре не е дозволено, многу тешко се влегува. Тоа ништо не е спорно.

Моето прашање до вас господине Кошутиќ е тоа што инвеститорот МДЈ - Риком - Интернационал ги поседува сите одобренија за градба, има платено комуналии и тука не е спорно, во Деталниот урбанистички план има маркица со напомена дека изградба на комерцијално деловна намена и хотел има. Меѓутоа, спорно е токму тоа што во Генералниот урбанистички план на Скопје е зацртана маркица хотел и катна гаража, а во Деталниот урбанистички план го нема тоа. Сега имаме фактичка состојба која не одговара. ДУП-от и ГУП-от, не се поклопуваат и моето прашање е:

Кој е виновен за тоа што еден хотелски комплекс или деловен е пренаменет во станбен и граѓаните измамени сега купуваат станови, а утре ќе треба некој да ја надокнади таа штета, условно речено.

Дали тој што тоа го направил ќе одговара кривично или било како. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до Владата, до потпретседателите, но не го гледам тука ни господинот Џафери ни госпоѓицата Шекеринска, а се однесува на прашањето за функционирање на ЈП за стопанисување со објекти за спорт во сопственот на Република Македонија каде директорот во работењето на јавното претпријатие не ги почитува законските одлуки.

Прво, не се почитуваат одлуките на управниот одбор кој е избран од Владата на Република Македонија.

Второ, не се почитуваат договори кои се склучени порано од Сојузот на спортови на градот Скопје и се реиздаваат објекти кои веќе имаат закупци.

Трето, издавање на објекти како на пример пливачкиот базен "Младост", кој со делбениот биланс помеѓу Република Македонија и општините, општината Карпош го побарува.

Ме интересира дали се има увид во работењето во ова јавно претпријатие, но бидејќи ги нема овие кои треба да одговорат, барам писмено да ми се одговори на ова прашање.

Третото прашање е до Министерството за финансии, незнам дали е тука министерот или заменикот. Утринава читав едно интервју на господинот Андреј Петров, градоначалникот на општина Карпош, каде дава изјава односно полемизира со една одлука на Министерството за финансии за вишоци на приходи од минатата година.

Моите прашања се следните:

Зошто Министерството за финансии вишоците на приходи од минатата година кои ги оствариле општините не ги распредели на општините за олеснување на процесот за преземање на надлежностите, туку планира со нив да плаќа одредени обврски од експропријацијата и зошто Министерството за финансии не ја прифаќа методологијата на распределба на ДДВ предложена од страната на ЗЕЛС.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Првото прашање е до заменик министерот за транспорт и врски господинот Дејан Кошутиќ, но за она што крадел, своевремено, господинот Рахиќ, не мора да оговорите.

Повелете.

**Дејан Кошутиќ:** Тоа нема да го коментирам бидејќи и двајцата сме од центрот на Скопје, поминавме доста време во тој градски парк.

Инаку, што се однесува до конкретното прашање, на почитуваниот пратеник Рахиќ ќе му доставиме писмено хронологија како е дојдено до таа локација односно до тој објект од проста причина што ние не можеме да сносиме одговорност што некој некогаш го донел Деталниот урбанистички план. Значи, низ таа хронологија точно ќе се детектира кога е донесена измената во Деталниот урбанистички план и кога е започната процедура околу комуналии, одобрение за градба и слично за да се констатира дали е мимо усогласувањето со Генералниот урбанистички план и слично. Од проста причина проблемите во урбанизмот се од различна природа како и проблемите кај финансиите, бидејќи во финансии доколку направите грешка утредента можете да видите каде е направена таа грешка во бројки. Во урбанизмот проблемот настанува оној момент кога инвеститорот кој по законски или со одредени пробиви во законот ќе дојде до одредено одобрение и ќе реши да го гради.

Од тие причини ние ќе доставиме писмен одговор со хронологијата на настаните и со преземените активности од Министерството за транспорт и врски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ, ќе добиете писмен одговор, а кога ќе го добиете писмениот одговор ќе поставите дополнително прашање.

Второто прашање беше поставено до Владата односно до потпретседателот Шекеринска или господинот Џафери. Морам да ве информирам дека госпоѓицата Шекеринска ме извести дека заради отсуство од државата е на службено патување,заради тоа не е присутна, но тука е претседателот на Владата, доколку смета дека треба да одговори.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Бидејќи ова прашање е упатено до Владата, а не до потпретседателите на Владата, потпретседателите не се одговорни за функционирањето на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, но веројатно пратеникот не виде дека сум тука, па мислеше дека некој од потпретседателите ќе одговори од име на Владата.

Значи, функционирањето на Јавното претпријатие до пред три недели беше катастрофално заради лошите резултати во работењето го сменивме дотогашниот директор на Јавното претпријатие господинот Паљоши. Новиот директор има прекусо време за да ги среди работите. Онака

како што цени во овој момент Владата, најдобро за да таму се пресече Гордиевиот јазол е да почне забрзано да се трансформира ова јавно претпријатие на тој начин што полека, но сигурно, државата ќе треба да ги пренесува овие овластувања што ги има на други субјекти што начинот на кој досега се стопанисува создаде повеќе неред отколку ред во оваа област.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Господине Рахиќ дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, многу добро знам кој треба да одговори на ова прашање и не случајно го поставив до еден од потпретседателите затоа што сметам дека и вие како претседател имате посериозни работи иако сте прв и одговорен во Владата, бидејќи претходното кадровско решение е поставено токму од кадровиците во Владата беше такво какво што беше и доведе до нефункционирање на Јавното претпријатие и затоа го поставив ова прашање до нив.

Инаку, јас се надевам дека новото кадровско решение во ова јавно претпријатие има поинаков став за решавање на овие проблеми затоа што многумина закупци на спортски објекти секојдневно се јавуваат и бараат заштита од нас пратениците, нормално и од вас од Владата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Третото прашање е до Министерството до финансии.

Има збор заменик министерот за финансии господинот Максуд Али.

**Максуд Али:** Што пишувало во некој од весниците јас навистина незнам, но по прашањето на пратеникот Есад Рахиќ можам да кажам дека имаме добра соработка со ЗЕЛС и немаме никаков спор до сега.

Што се однесува до распределбата на вишоците имаме уредба за распределба на вишоците, а за критериумите сме во контакт со ЗЕЛС. Значи уредбата ќе се спроведува. Нема никаков спор.

**Слободан Најдовски:** Господине Рахиќ, дали сте задоволен од одговорот.

**Есад Рахиќ:** Не сум, не го слушнав одговорот, беше многу тивко. Тоа е една работа.

Второ, соработката со ЗЕЛС дали е добра или не е денеска во "Утрински весник" има интервју од претседателот на ЗЕЛС градоначалникот Андреј Петров, па нека го прочитаат и на наредната седница може и покомплетно и писмено да ми одговори.

**Слободан Најдовски:** Вие добивте одговор на прашањето. Не поставивте дополнително прашање, така што одговорот на прашањето е завршен.

Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Првото прашање е до Владата на Република Македонија, а се однесува на регионалниот пат Скопје-Македонски Брод, односно делницата од Брезница преку Здуње, Близанско, преку хидроакумулацијата Козјак. Прашањето е конкретно. До кога луѓето од овој регион ќе чекаат да поче изградбата на оваа делница и до кога ќе чекаат да почне да функционира правната држава и во овој регион, затоа што еден, или двајца луѓе од резерватот Јасен буквално си поигрувaат со луѓето од тој регион и со институциите на државата и на некој начин ја спречуваат изградбата, односно почнувањето на изградбата на овој пат.

Второто прашање е до минситерот за образование. Се однесува на Основното училиште "Кузман Јосифовски Питу" во Кичево чија што изградба на малата зграда веќе трета година е во застој, а учениците учат навистина во субстандардни услови. И мислам дека не треба да се чека, или можеби тоа е намерата на Министерството и формално училиштата да преминат под надлежност на локалната самоуправа и од оној мал сиромашен буџет што го имаат едноставно да се зацементира неизградбата на ова училиште. Ќе повторам, училиштето е во центарот на Кичево, најстаро основно училиште во градот и навистина проблемот е ургентен и мислам дека заслужува одговор не само усмен, или писмен, туку и со дејствување на Министерството за образование.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски. Првото прашање е до Владата на Република Македонија.

Во име на Владата ќе одговори претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Писмено ќе му одговориме на пратеникот Китаноски, затоа што ги немам последните информации. Имаше посета на претставници од Министерството за одбрана и од Генералштабот, претставници од Електростопанство и Фондот за патишта да се надмине проблемот кој го имаме на оваа траса. Мислам дека заради деталите кои ќе ги имаме собрано на едно место посоодветно е да биде писмено одговорено.

**Слободан Најдовски:** Значи, ќе добиете писмен одговор на поставеното прашање.

Второто прашање е до Министерството за образование и наука.

Има збор заменик министерот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуваниот пратеник е во право бидејќи училиштето "Кузман Јосифовски Питу" е во центарот на Кичево и подолг временски период има застој околу градежните работи. Јас лично бев да го посетам, има проблеми и со изградената инфраструктура која

што од временските прилики пропаѓа. Таму се потребни значителни средства за дозавршување на училиштето. Има уште неколку такви објекти за кои што имаме преземено обврска. Не е точно неговото тврдење дека Министерството за образование и наука чека децентрализација и префрлање на имотот на општините за да едноставно се ослободи од товарот, бидејќи во договор со премиерот на Владата на Република Македонија одреден процент од дивидентата од Телекомот која што Република Македонија ќе ја добие ќе биде одвоен во одреден процентуален износ и за завршување на инфраструктурните зафати на веќе започнатите објекти од образовната мрежа во кои што училиштето "Кузман Јосифовски Питу" е поставено на приоритетно место. Значи, за скоро време, ние не ја префрламе обврската на локалната самоуправа, ќе се обидеме целосно да го завршиме објектот како би можеле учениците во најскоро време да започнат да учат во новиот објект.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Господине Китаноски, дали сте задоволен од одговорот, или сакате да поставите дополнително прашање.

**Илија Китаноски:** Од одговорот, да. Ќе го држам заменик министерот за збор. Сега засега само тоа може.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Цветле Јанеска.

**Цветле Јанеска:** Благодарам господине потпретседател, колеги пратеници, почитуван премиер, претставници на Владата.

Јас ќе го искористам своето деловничко право и ќе поставам две прашања.

Првото прашање го упатувам до министерот за транспорт и врски и до министерот за животна средина и просторно планирање. Имено, веќе десетина дена весниците ја пишуваат како ексклузивна вест, веста за изградба на плажа во селото Калишта и тоа токму во предтуристичката сезона. Веста е дека во атарот на селото Калишта на брегот од Охридското езеро од левата страна на патот на потегот од главната капија на хотелскиот кокплекс "Бисер" наспроти црквата Свети Никола и православните гробишта изведено е расчистување на теренот, посипување со чакал,

изградба на плажа која би се користела од месното население. Исто така во водите на Охридското езеро во крајбрежниот појас на

плажата е извршено сечење на езерската трска. Ваквата градба предизвика и уште предизвикува турбуленции и многу шпекулации и во пишаните медиуми се наметна теза дека тоа е на меѓуетничка основа. Меѓутоа, како пратеник од тој крај тврдам според информациите што ги имам дека воопшто не станува збор дека прашањето е од меѓуетнички карактер. Да се разбереме, јас сакам да го искажам својот став дека жителите од оваа селска населба треба да имаат плажа за капење, затоа што жално е да го имаат езерото пред себе, а да не го користат неговиот благодет. Затоа сакам да се расчисти ситуацијата. Го упатувам следното прашање до минситерот за транспорт и врски, дали е издадено одобрение за градба на плажата токму на оваа локација и кој ја избра оваа локација, затоа што симптоматично е, токму почнува од капијата на хотелскиот комплекс "Бисер".

И второто прашање до министерот за транспорт и врски и до Министерството за животна средина, што тоа презело по повод изградбата на ваков објект.

Второто прашање ми е упатено до Владата на Република Македонија и се состои во следното. Што ќе нарпави Владата доколку се покаже дека целиот процес за доделување на градежно неизградено земјиште наспроти Народната банка и доколку се покаже дека жалбите од останатите инвеститори и учесници на тендерот се основани. Што тогаш ќе превземе Владата?

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

Со оглед на тоа што првото прашање е поставено до две министерства, ќе го третираме како две прашања.

Прво, по делот кој што се однесува на Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, господинот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Веднаш по добивањето на информација дека во Советот на општина Струга донеле таква одлука, Министерството негативно се произнесе од проста причина што е без подлога на законитости до донесувањето на таа одлука, што е од една страна. И од друга страна што ставот на Владата беше крајбрежието, плажите да се даваат попат на концесии, меѓутоа со претходно донесени одлуки од страна на Владата. Така што Министерството за транспорт и врски заедно со Министерството за животна средина преземе активности, а за поподробни активности, ќе му препуштам на министерот за животна средина да одговори на прашањето.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за животна средина и просторно планирање господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Благодарам потпретседателе. Во четвртокот и петокот минатата недела претставниците на Инспекторатот и на Службата за животна средина како самостојни органи во состав на животна средина излегоа два дена на увид на лице место на терен, при што беше констатирано дека во овој дел за кој што зборуваше пратеничката Јанеска, дека крајбрежјето на Охридското езеро од страна на група граѓани во село Калиште - Струга е констатирано дека на влезната капија на хотелот "Бисер" во должина од 300 метри и широчина од 50 метри е расчистено како крајбрежје кои што активности сеуште траат и од постоечката

вегетација исто така е расчистено при што е извршено тампонирање со песок во слој околу 10 сантиметри. Исто така е констатирано дека е исечена трска во должина од околу 150 до 160 метри, при што е констатирана деградација во овој дел на животната средина. Како што кажа и заменикот министер, ние преземавме мерки по инфорамциите на локалното население дека добиле дозвола од градоначалникот на општина Струга, меѓутоа согласно позитивната законска регулатива локалната самоуправа нема надлежност за издавање на ваков вид дозвола и ние по констатирана деградација ќе го известиме пред се Министерството за локална самоуправа кое е надлежно да го провери и да го стопира овој акт на локалните власти во Струга. Инаку, како што кажа и заменик министерот, ние делуваме синхронизирано во овој поглед и понатаму ќе бидеме отворени за преземање на понатамошни мерки при што очекуваме исто така реакција од Министерството за локална самоуправа да го стопира актот на локалните власти во Струга.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шапуриќ.

Госпоќо Јанеска, дали сте задоволна од одговорот, или сакате да поставите дополнително прашање?

**Цветле Јанеска:** Задоволна сум од одговорите. Барам што побрзо да се реагира. И децидно не сватив дали е дадено одобрение, или не е дадено одобрение? А и давањето под концесии на плажите се прави откако се има урбанистички план на крајбрежјето. А имам информација дека нема урбанистички план. И да направам една дигресија, и минатата година Советот на општина Струга донесе одлука, сакаше со урбанистички проект да го реализира крајбрежјето со давање на концесии.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Јанеска.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски господинот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Само едно дополнување. Јас пред малку кажав дека е нарушена законитоста. Значи, општина Струга нема добиено согласност од страна на Министерството за транспорт и врски на било каков детален урбанистички план за да може да спроведе билокаква активност. Од тие причини заедно со Министерството за животна средина и просторно планирање тргнавме синхронизирано да се спречи тоа нарушување на крајбрежието кое беше во јавноста објавено.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ.

Второто прашање е поставено до Владата.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани пратеници, почитувана пратенички. Најпрво би сакал лично да го искажам своето незадоволство и својата вџашеност од начинот на кој вчера се одвиваше јавната лицитација. Ја користам оваа прилика јавно да се извинам на првите луѓе на "Меркатор"- Словенија и на "Делта М"од Србија за непријатностите кои ги доживеаа во Република Македонија. Ако создаваме подобра бизнис клима во Република Македонија, ако ги каниме да инвестираат во Република Македонија двата најголеми дистрибутивни центри во регионот и пошироко, не само во регионот на Балканот. И ако господинот Јанковиќ и господинот Мишковиќ доаѓаат во Кабинетот на претседателот на Владата, Претседателот на Државата, да се случи скандал, да не им биде дозволено да лицитираат, е недопуштено. Што ќе направи Владата? Владата како прво почитувајки го јавниот оглас каде што стои дека најповолниот понудувач се обврзува да даде банкарска гаранција ќе им даде можност на незадоволните да учествуваат на повторената лицитација и да се избере најповолниот понудувач.

Второ, ќе бидат испитани сите околности. Едно е, ако има незнаење и ако Комисијата заради тоа што има недоволно знаење го направила ова, тогаш затоа што се високи функционери во Министерството за транспорт и врски согласно Законот за државни службеници ќе бидат прераспределени на други места.

А како второ, не би сакал тука да ги обвинам оние кои го добија тендерот, бидејки имаат долгогодишно искуство во Македонија и досега не се служеле со коруптивни начини да дојдат до работа. Но, ако станува збор за корупција, тогаш ќе си имаат работа соистражните органи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Госпоѓо Јанеска дали сте задоволна од одговорот, или сакате да поставите дополнително прашање.

**Цветле Јанеска:** Задоволна сум и му верувам на премиерот дека ќе истрае во таа насока.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Јанеска.

Има збор пратеникот Ванчо Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван потпретседателе, почитуван премиер, почитувани минситри и претставници на Владата. Јас имам три прашања до Владата на Република Македонија.

Првото прашање е за состојбата со плаќањето на грозјето на лозарите кои го имаат продадено на "Повардарие" - Неготино. Според моите сознанија грозјето на лозарите кои што го имаат продадено на "Повардарие" - Неготино сеуште не е платено, а еве се наближува новата реколта, односно новиот гроздобер. Дали Владата го има лоцирано овој проблем, бидејки не е незанемарлив, се работи за голема сума на пари која што не е исплатена и штетите кои што се направени за сметка на лозарите се огромни. Така што тие за оваа година се имаат задолжено многу пари кои што тешко ќе ги вратат. Што ќе нарпави Владата за понатаму да не се случуваат вакви проблеми,

односно фирми кои што треба да бидат ликвидирани да им се дозволи да откупуваат грозје, или некои други производи. Ние треба да ги лоцираме еднаш за секогаш кои се тие фирми ризични кои што вршат штета во стопанството на Република Македонија.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија, а се однесува до тековната жетва на јачменот и пченицата. Според моите сознанија оваа година не очекуваат многу намалени приноси од оваа жетва, односно како причина за ова се наведува дека се лошите временски услови кои што ја зафатија Република Македонија оваа пролет. Значи, штетите што ќе ги претрпат земјоделците се огромни. Така што мое мислење е дека Владата на Република Македонија може да ги ублажи овие штети со интервенција, односно со една помош на земјоделците во Република Македонија. Тоа е нормална работа и се случува во сите држави кога имаме лоши временски услови да им се помага на земјоделците. Се надевам дека истиот проблем и Владата го има лоцирано и веќе работи на тоа да се ублажат овие штети.

Третото прашање е до Владата на Република Македонија, а се однесува токму на инвестициите во Република Македонија, односно на еден многу силен чинител на инвестициите, тоа е царинската стапка. Ние зборуваме за инвестиции, за привлекување на странски инвестиции, за вработувања, а воопшто не ја кажуваме царинската стапка за машините и опремата. Ако го погледнеме развојот на Република Македонија во изминатите години во кои гранки се инвестира, ќе видиме дека имаме инвестиции во текстилната индустрија и во градежништвото, таму каде што имаме царинска стапка нула. Значи, инвеститорите не сакаат да даваат пари за царина, тоа е повеќе од јасно.

Во една гранка, како што да речеме машинството, современа технологија ние уште држиме царински стапки од 15%. Тоа е останато од времето на Бивша Југославија кога имавме посилни производители на опрема во овој дел од Југославија, кога го имавме Металски завод што произведуваше некакви машини. Знаеме какви беа и во колкав обем се произведуваа. Но, таа, како фабрика, се викаше Металски завод-Опрема не работи можеби 15 години. А и да работи во полн капацитет, тоа е далеку од високата технологија што владее на светскиот пазар, што се нуди.

Така што, оваа царинска стапка што ја спомнав од 15%, за Европската унија е 12%, додека од Бугарија можеби да се увезе без да се плати царина и од Србија.

Сметам дека, а и пресметките покажуваат дека ако имаме добра волја, стварно сакаме инвестиции во Република Македонија дека оваа царинска стапка треба да биде нула. Единствено преку купување машини и опрема можеме да ги вработиме луѓето и да кажеме дека одиме напред, го зголемуваме индустриското производство.

Инаку, како пример ќе кажам за инвестиција во опрема и машини од милион евра треба човекот да плати 150 илјади евра царина. Со тие пари тој ќе ја изгради халата во која што ќе работи. А, бидејќи ќе се зголеми вредноста, се зголемуваат и другите давачки што треба да ги даде.

Крајно време е, освен декларативната заложба ние да направиме нешто конкретно за зголемување на инвестициите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Првото прашање е до Владата.

Кој во името на Владата ќе одговори?

Има збор заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Санде Џамбасовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе.

Проблемот што пратеникот го истакна во првото прашање, односно неисплаќањето на родот на грозмето во Повардарие, ние го следиме со посебно внимание. Сеуште не е исплатено целокупното грозје што е откупено во Подрумот "Повардарие". Тоа се случи во меѓувреме, бидејќи кога "Повардарие" го откупи грозјето, тоа беше потоа предмет на приватизација, се приватизира. И покрај тоа што беа земени обврски од оние кои го приватизираа Подрумот да ги исплатат обврските кон добавувачите, односно сите оние кои го предадоа грозјето во "Повардарие", тие не успеаја тоа да го направат. Во меѓувреме се направи друга приватизација, односно се јави друг сопственик на тој Подрум и добивме цврсто убедување дека последниот сопственик на "Повардарие" ќе ги плати сите обврски на земјоделските производители кои го предадоа грозјето.

Точно е, до денеска сеуште не е платено целокупното грозје, меѓутоа засега информацијата е до таму дека тој ветил цврсто дека ќе ги плати сите обврски за грозјето.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Стаменков дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Ванчо Стаменков, повелете.

**Ванчо Стаменков:** Сакам и конкретен датум, да го слушнат лозарите кога ќе биде платено тоа грозје, бидејќи според мои сознанија се работи за скоро 2 милиони евра неисплатени средства. Тоа не се мали средства.

**Слободан Најдовски:** Значи, дополнителното прашање е до кој датум.

Претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски ќе одговори.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Сакам да го информирам почитуваниот пратеник дека за време на посетата на Кавадарци со министерот за економија имавме средба и со претставниците од Тиквешијата, каде што беа новите сопственици на "Повардарие" од Неготино. Бараа подршка од Владата за решавање на финансиските проблеми што ги наследиле со неплатените давачки кон државата, пред се кон Управата за јавни приходи и кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Самите говореа, јас прв пат ги видов, тоа се македонци повратници од САД кои решиле инвестирајќи во "Повардарие" да развиваат бизнис и пошироко, не само во делот на винарството. Нивните барања беа упатени пред се до Владата и до УЈП, до Фондот за ПИОМ со барање да се пролонгира рокот за плаќање на давачките кон државата за дел од средствата кои ги имаат вложено, да ги искористат за плаќање на обврските кон винарите.

Значи, ние ќе можеме многу брзо на пратеникот, да видиме до каде се активностите што ги презема УЈП и Фондот за ПИО, да им излезе во пресрет да дел од парите што ги имаат да ги ослободат за да се решат проблемите што постојат со винарите во Неготино.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Второто прашање е исто така во Владата.

Ви има на Владата ќе одговори заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе.

Житните култури, посебно јачменот и пшеницата се култури што се застапени во најголем дел на земјоделските површини во Република Македонија. Со внимание Владата на Република Македонија ги следи сите активности околу жетвата, цената, откупот итн.

Само да напомнам дека оваа година не е година што треба да се прогласи за елементарна непогода поради сушниот период итн, бидејќи немаме такви резултати. Има Закон за прогласување на елементарни непогоди и тоа се регулира според Законот. Оваа година е просечна година, не е како минатата. Тоа е просечна година за Република Македонија и очекуваме дека ќе се добијат просечни приноси за овие култури.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има своја Програма за подршка на земјоделството во Република Македонија и Буџетот издвојува некаде цирка околу 600 милиони денари за подршка на земјоделството. Од тие средства, покрај другото, застапена е подршката на јачменот како производ што сметаме дека во Република Македонија е дефицитарен. Тој не ги задоволува домашните потреби. Бидејќи досега имаше слободна цена на пазарот затоа се одлучивме оваа година, а се разбира и минатата година, покрај другите култури како што е сончогледот, шеќерната репка, пченка и сточарство, итн, да се подржи и јачменот. Оваа година, сите оние кои имаат посеано површини со јачмен ќе добијат одредена сума на средства по хектар посеана површина, односно по хектар ожнеана површина со јачмен. За пченицата оваа година нема планирано средства од Буџетот, но по едно од претходните прашања кажав дека сме во пргвори да може да се задржи ланската цена на пченицата, што значи дека ќе се ублажат намалените приноси односно ќе се ублажат финансиските резултати како последица на намалените приноси од ланската година. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Стаменков дали сте задоволни или имате да поставите дополнително прашање?

Задоволни сте од одговорот и немате дополнително прашање.

Третото прашања е исто до Владата, во врска со инвестициите односно царините во Република Македонија.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе.

Верувам дека пратеникот Стаменков не беше на почетокот на седницава кога, одговарајќи на едно од прашањата навестив дека Владата најдоцна до понеделник, не е исклучено и денеска, затоа што трае усогласувањето на претставниците на Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии и Царинската управа, ќе излезе со времена мерка и пред стапувањето на Царинскиот закон од 1 јануари 2007 година. Значи, дали од денеска или од понеделник да стартува со царински олеснувања за земјоделците во поглед на увозот на репроматеријали, суровини и опрема, како наш придонес за подобрување на состојбата во земјоделието и како дополнителен стимуланс за евентуални странски инвеститори да инвестираат во земјоделието. Зошто станува јасно, и покрај напорите што ги прави Владата и покрај напорите што ќе ги прават другите институции, ако не го отвориме земјоделието за модернизација и инвестирање тешко ќе го достигнеме оној економски развој што го посакуваме, заради карактерот на Република Македонија.

Во Република Македонија предоминантно е земјоделието како гранка и тука мора да имаме јасна стратегија и сега правиме еден скромен,но многу значаен обид до крајот на годината, во текот на земјоделските работи да ги понудиме овие бенефиции во земјоделството Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Господине Стаменков дали сте задоволни од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање?

Има збор господинот Ванчо Стаменков, повелете.

**Ванчо Стаменков:** Ја поздравувам оваа одлука на Владата да ги намали или да ги укине скроз царините за машините и опрема во областа на земјоделието. Јас сакам да ги укине царините на машините и опремата во областа на машинството. Тука нема инвестиции во Република Македонија поради високите царински стапки.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Со задоволство можам да констатирам она што го истакна господинот Стаменков во делот на земјоделието. Треба да водиме сметка дека, заради проекцијата на Буџетот и заради предвидените зафаќања во Буџетот на Република Македонија не би можеле неселективно да ги ослободиме сите сегменти од нашето стопанство во делот на плаќањето на царини.

Покрај земјоделието, веќе спомна дека би било добро да го направиме тоа во машинството , покрај земјоделието, заради проблемите што во овој период ги има нашата текстилна индустрија. Заради проблемите што воопшто ги има во текстилните индустрии со експанзијата на Кина во текстилната индустрија, истата мерка што ќе важи за земјоделците, значи од денеска или од понеделник, ќе важи и за текстилната индустрија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Господине Глигориевски имате да поставите три прашања?

Вие ќе ги поставите, но ќе треба после паузата да се одговорат.

Затоа, овде ќе прекинеме за да може да се поставаат прашањата и да се одговара.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(пратениците отидоа на пауза во 13,54 часот).

(По пауза)

(Седницата продолжи со работа во 15,02 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Исто така и претставниците на Владата ги молам да влезат во салата.

Господине Глигориевски до кого имате прашања?

**Тома Глигориевски:** До здравство, правда и култура.

**Љупчо Јордановски:** За да можеме да почнеме ги молам претставниците на Министерството за здравсто, Министерството за правда и Министерството за култура да влезат во салата.

И за Владата десет минути кворум.

Министерот за култура е тука, ги чекаме претставниците на Министерството за правда и здравство.

Господине Глигориевски бидејќи претставниците на Министерството за здравство и на Министерството не се тука дали ќе бидете задоволни да добиете писмен одговор.

**Тома Глигориевски:** Може.

**Љупчо Јордановски:** Повелете имате збор.

**Тома Глигориевски:** Благодарам господине претседателе.

Моето прво прашање е до Министерството за здравство и гласи: Дали Министерството за здравство има намера да покрене иницијатива за измена на националната класификација на дејности со цел да се олесни приватизацијата на стоматолошката пракса во делот на забните техничари.

Образложение: Имено, со националната класификација на дејности изработката на вештачки заби и забни протези што ја вршат забните техничари е ставена во поткласата со шифра 33.10/2 - производство на ортопедски апарати во групата 33 која гласи: Производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници, додека комплентата останата стоматолошка пракса е ставена во Сектотот за здравство и социјални работи шифра 85.13.

Оваа неправилност влијае основицата за пресметување на персонален данок за забните техничари на пример за месец мај 2004 година изнесува 11.617,00 денари, а основицата за персоналниот данок за доктори и стоматолози за мај месец изнесува 7.794,00 денари. Парадоксот да биде поголем забните техничари кои сакаат сами да работат мора да плаќаат персонален данок на основицата 11.617,00 денари, а оние кои работат или планираат да работат во ординација со стоматолог за нив основицата е 7.794,00 денари.

Со оглед дека е во тек приватизацијата на стоматолошката пракса а Министерството за здравство е наделжно за таа работа го поставувам ова прашање со цел за олеснување на приватизацијата во делот на забните техничари.

Второто прашање е до Министерството за правда и гласи: Бидејќи подолго време се најавува измена на Законот за државни службеници ме инересира до која фаза се дојдени подготовките и кога се планира истиот закон, или измените на Законот да се дадат во собраниска процедура.

Третото прашање е до Министерството за култура, министерот.

Прашањето се однесува за Меморијалниот музеј "АСНОМ" и гласи дали Министерството за култура има целосна финансиска конструкција за целосно завршување на Меморијалниот музеј "АСНОМ"во цело Пелинце и кој е рокот за завршување на комплексот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** На првото прашање како што се договоривме ќе ви биде одговорено писмено.

На второто прашање имаме информација дека наскоро ќе дојде Законот за државни службеници, но ќе добиете писмен одговор, исто така за третото прашање тука е министерот и ќе ви одговори.

Повелете министре.

**Благоја Стефановски:** Мислам дека се е јасно, нема никакви тајни и ќе ги кажам сите финансиски импликации кои се однесуваат за градбата на Меморијалниот музеј Пелинце.

Досега од страна на Министерството за култура се исплатени само 45 милиони денари за Меморијалниот музеј. Во себе содржи спортско-рекреативен дел и културен дел, тоа е библиотеката и делови на ресторант кој ќе служи, бидејќи тој центар е наменет за излети и спортско рекреативни работи, со 4 пропратни игралишта.

Тука се случи и санација на мостот кој за време на поплавите беше разрушен.

Вкупната финансиска ситуација која треба да се исплати е 120 милиони денари. Ние сме во завршна фаза и се надевам дека до 2 август ќе биде завршен.

Значи, она што цело време јавноста и Антикорупциската комисија кажуваше е дека се исплатени сите средства тоа не е точно. Средствата према Бетон, кој е градител на овој објект со мостот е дел на тие 75 милиони што не се исплатени, исплатени се 45 милиони од страна на Министерството за култура. Обврски до овој момент завршени се за уште 50 милиони, значи треба уште 25 милиони кои што треба како обврски да се реализираат до 2 август.

Се надевам дека тие средства во ребалансот на Буџетот во делот на инвестициони вложувања. Тоа ќе биде завршено на задоволство на сите. Гледате дека некои работи се случуваат така брзо и добро е со големите чествувања тој објект ќе биде опремен со сиот капацитет ќе ги прими, ќе биде за чествување на поголем број на луѓе. Дури и кога би биле подобри односите меѓу Српската православна црква и Македонската на тој дел каде што стана историскиот миг на Прохор Пчински таму можеше само со делегација на помали државни делегации да чествуваа, меѓутоа факт е дека Прохор Пчински сега е на друга територија, на друга држава и ние неможевме сите да одиме и да прославуваме така. Благодарам. Значи нема тајни, 120 милиони треба да кошта, 45 се исплатени уште 75. Во овој момент ги нема во Буџетот, со ребалансот се надевам дека и тие 75 ќе се обезбедат и до 2 август се надевам дека Бетон ќе го заокружи целиот Меморијален музеј со сите пропратни елементи што ги има, со културниот и спортско-рекреативниот центар.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали сте задоволен господине Глигориевски од одговорот, или имате дополнително праашање.

**Тома Глигориевски:** Задовлен сум од одговорот, а дополнителното прашање ни е дали до 2 август оваа година.

**Благоја Стефановски:** Ако сте во близина можете да го видите, да го посетите, тоа не е затворен простор каде што не може да се пријде. Ќе видите дека тој е во завршна фаза.

**Љупчо Јордановски:** Збор има госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** На почетокот имам една процедурална интервенција ако е можно.

На 31 март 2003 година поставив прашање до Министерството за образование во врска со средствата што се искористени од Телекомот за интервенции во училишните објекти. Тогаш ми беше кажано дека писмено ќе ми се одговори на прашањето, меѓутоа сеуште не е направено тоа. Мислам дека две години е доволен период да се соберат потребните податоци и ве молам вас како претседател на Собранието да го потсетите Министерството да одговори на прашањата на кои што не е одговорено до сега.

Моето прво прашање е до Министерството за образование и наука, а станува збор за основното училиште "Глигор Прличев" во населбата Железара.

Санитарните чворови за учениците се затворени заради опасност од рушењето на ѕидовите. Ние со заменикот министер за образование господинот Герамитчиоски бевме и го посетивме училиштето каде имаше прилика заменик министерот на лице место да се увери за лошата ситуација во ова училиште. Моето прашање се однесува на средствата кои што и минатата година беа распределени во програмата за инвестиции од страна на Министерството во износ од 1 милион денари, а ги има и оваа година, па ме интересира зошто овие средства минатата година не се доделени на училиштето за реконструкција на санитарниот чвор. Кога ќе им бидат испратени средствата од 1 милион денари кои што се согласно програмата наменети за ова училиште.

Второто прашање е повторно до Министерството за образование и наука.

Ме интересира врз основа на кои критериуми и правила се доделени средства од Холандската донација за подобрување на квалитетот на образованието на Здружението Нуредин Фетахи и група професори од Тетово за апликација на математичката теорија Горанеза.

Третото прашање е до Министерството за економија а се однесува на состојбите во Скопската млекарница АД Маџари, која по многу премрежија, смена на директори, еден од нив е наш сегашен колега и многу често знае декларативно да зборува и да ја кажува својата загриженост за правата на работниците. Значи, по многу премрежија Скопската млекарница заврши како сопственост на Смиленски.

Во мојата канцеларија за контакти со граѓаните дојдоа дел од вработени во Скопската

млекарница и нив ги интересира со оглед на тоа што и тие реагираат и медиумите години station наназад за долгогодишното тенденциозно разграбување на фирмата. Вработените ги интересира што ќе се случува со Скопската млекарница и каква ќе биде судбината на вработените. Благодрам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Првото прашање е упатено до Министерството за образование, средства за училиште.

Повелете господине заменик министре.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуваната пратеничка добро знае дека постои одредена процедура на кој начин се остварува годишната програма за инфраструктурните зафати во училиштето. Заедно со неа го посетивме училиштето и утврдено е дека е потребно да се направи санација на санитарниот јазол.

Бидејќи е утврдена фактичката состојба за потреба на средства и за таа намена во Годишната програма се предвидени средства, во моментот неможам напамет да кажам во таа позиција колку се, во текот на оваа година ја реализираме годишната програма.

Во моментов е распишан тендер за над 50% од објектите кои што во првата половина на годината ќе се изведуваат инфраструктурните зафати, а во голем дел работите зависат и од приливот на средствата кои што е потребно да бидат ставени во функција за намена на реализација на годишната програма.

Зошто минатата година не биле доделени тие средства мене навистина не ми е познато. Претпоставувам дека не биле до крај спроведени активностите кои што во годишната програма од 2004 година не можеле да се реализираат заради недостиг на средства. Тоа треба да се провери и доколку пратеничката сака прецизен одговор можеме во писмена форма дополнително да ги дообјасниме работите за минатата година. За оваа година откако го посетивме училиштето го ставивме во годишната програма, средствата ќе се искористат за таа намена и тоа ќе се реализира по пат на тендерска постапка.

**Љупчо Јордановски:** Дали пратеникот е задоволен од одговорот или има дополнително прашање?

**Славица Грковска:** Само делумно сум задоволна од одговорот и би сакала да добијам писмен одговор на прашањето зошто минатата година не се реализирани средствата кои што се доделени со Програмата за ова училиште. Се надевам дека ќе стигне брзо одговорот, нема да чекам долго како во претходните случаи.

А со оглед на тоа што и минатата година не стигнаа средствата, апелирам оваа година да има приоритет, први да добијат оние училишта кои што биле ставени во програмата минатата година, а не стигнале заради реализација на програмата, да ги добијат тие средства.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Второто прашање е поставено до Министерството за образование, како донацијата на Владата на Холандија е доделена на господинот Нуредин Фетак за теоријата "Горонезе". Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** На ова прашање на пратеничката ќе и биде даден писмен одговор.

**Љупчо Јордановски:** Третото прашање е до Министерството за економија во врска со Скопската млекарница.

**Саша Андоновски:** Скопската млекарница е под стечај, колку што се информациите во Министеството за економија. Стечајниот управник моментално ја прави проценката на фабриката, а потоа ќе оди на продажба. Работниците своите побарувања доколку ги имаат ќе ги остварат во стечајната постапка и стечајната маса.

**Љупчо Јордановски:** Класичен одговор. Дали сте задоволни?

**Славица Грковска:** Во овој момент не би можела, претпоставувам, да очекувам ништо повеќе, меѓутоа се надевам дека Министерството за економија ќе биде отворено за соработка да биде спремно да одговори на барањата на вработените во Скопската млекара.

**Љупчо Јордановски:** Дали имате дополнително прашање? (Нема).

Благодарам.

Господине Пејоски ваш е редот. Три прашања, 10 минути.

**Ристо Пејоски:** Моето прво прашање е до министерот за здравство, односно до Министерството за здравство.

Имено, на 1 март 2004 година донесено е дополнувањето на Заводот за здравствена заштита, во кое е дозволена дополнителна дејност за докторите на медицина од 8 часа неделно во институциите на приватниот и јавниот сектор.

Притоа, со завршните одредби, законодавниот дом, го задолжи ресорниот министер за здравство, во рок од 6 месеци да донесе правилник или други законски акти, за примена на законот, со цел тој што поефикасно да се реализира.

На 1.09.2004 година истекоа шесте месеци. А од тогаш, поминаа уште 10 месеци и сеуште не се донесени тие подзаконски акти, или правилник.

Во разговор со правни експерти, оваа постапка на недонесување правилник и подзаконски акти се користи со намера да се одлоговлечи примената од разни економски, политички и други причини, но тоа не го спречува применувањето на законот во општа форма. Тоа колку за информирање на јавноста од 7 илјади доктори.

Претставката на асоцијацијата на приватните доктори до Уставниот суд е отфрлена на 27.04.2005 година, а тоа беше изговор за недонесување на подзаконските акти.

Прашањето гласи, кога ќе се донесат подзакоските акти. И патем, би сакал да кажам за еден куриозитет, Законот за трансплатација на ткива и органи е донесен 1999 година. Но заради неносењето на подзакоските акти, не може да се вклучи и таканаречената трансплантација од кадавери. Патем повторно да кажам и една идеја која ја предлагам на министерката за правда, да обезбеди список преку своите служби кои закони имаат слична судбина, со што би се зголемила имплементацијата на законите.

Второто прашање ми е до Министерството за надворешни работи.

На 26.04.1993 година Република Албанија со декларација ја призна независноста и сувереноста на Македонија под референцата БЈРМ.

Прашувам, што превзема Министерството за надворешни работи да бара, или иницира да се премавне нивната политика неодлучност, да не признаат под нашето уставно име.

Третото прашање е до министерот за животна средина и просторно планирање.

Со оглед на фактот дека прекинаа информациите кон јавноста, од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, од Министерството за економија и Швајцарската агенција за меѓународна помош, при Швајцарската амбасада во Скопје, а во врска со депонирањето на кондензаторските полихлорирани бифенили од ЕСМ во објектот на ЕСМ во Велес.

Ве молам да одговорите со што ќе се спротивставите на шпекулациите на велешката јавност дека депонирањето продолжува. А бевме информирани дека се прави репроценка на тој проект. Или шпекулациите дека одредени политички функционери профитираат од грантот кој изнесува некаде околу 12,5 милиони евра.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Пејоски и на прашањето поствено до Министерството за здравство ќе добиете писмен одговор, бидејќи нема претставник од Министерството.

Прашањето до Министерството за надворешни работи во врска со БЈРМ, повелете.

**Фуад Хасановиќ:** Благодарам претседателе.

Во билатералните релации што ги имаме со Република Албанија, можеме да кажеме дека од 2002 година сите договори што ги потпишуваме со таа земја, се потпишуваат со уствното име и целата комуникација која ја оствауваме со нив се остварува со уставното име. Нашата соработка со Република Албанија во оваа насока ќе продолжи и понатаму. Ние не можеме дирекно да влијаеме Република Албанија да не признае под уставното име, но има отвореност и желба тоа прашање да се реши позитивно.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Пејоски дали сте задоволен или има дополнително прашање?

**Росто Пејоски:** Не можам да бидам целосно задоволен, затоа што непризнавањето под уставното име, го сметам како недостаток на добрососедска волја и Република Албанија, јас лично ја сметам во оние држави, кои веројатно, ја чекаат ситуацијата под некои околности и ќе се редизајнира нашето име. Јас очекував дека ќе покажат поголема волја и ќе не признаат под уставното име.

**Љупчо Јордановски:** Прашање до Министерството за животна средина и просторно планирање. Повелете.

**Драгољуб Матовски:** Почитуван претседателе, почитуван пратеник, точно е дека е во завршна фаза активноста на проектот за собирање и траспортирање на кондес батериите во ЕС и нивното носење за уништување во Швајцарија и замена со нови кондес батерии. Мислам дека сте информирани, бидејќи навистина, добро ја следите оваа проблематика од делот на животнат средина, ние одржавме една трибина во Велес на која што присуствуваа експерти од делот на канцеларијата за ПОПС, научни рботници од оваа проблематика. Воедно присуствуваа претставници на општината, дел од медиумите за објаснување на транспарентност на целиот проект, за кој што имаше претходно направено уште исти такви две-три вини во Републиката и една во Велес, но за жал, не најдовме разбирање од органите на локалната самоуправа, бидејќи цениме дека ова непотребно се драматизира и се предимензионира во неговата опасност во реализација.

Сакам да ја информирам јавноста дека се работи за собирање буквално на сите кондес батерии, да се собираат во специјални буриња и лоцирани во два контињера во период од 3 до 6 месеци и истите треба да се пренесат во Швајцарија. Операцијата е во тек, така да некаде еден дел од истите е завршена, но навистина имавме реакција од Велес, пред се, од локалната самоуправа. На трибината укажавме дека апсолутно, нема никаква опсност од тоа што овие кондес батерии по буриња и контињерите стационирани во магацинот на ЕС во Велес, не претставува никаква опасност, со тоа што не постои никаква можност буквално една капка од уљето да истече надвор. Но, знаејќи ја сензибилноста на градот Велес, соочен со проблемите што ги имаше во изминатите години, ние се обидовме истата таа активност да ја повториме пред две до три недели, но ценам дека од реакциите на жителите, поточно од членовите на советот, немаше доволно разбирање да се прифати одговорноста на еден ваков многу значаен проект, како што рековте и вие, се работи за проект од 12,6 милиони швајцарски франци. Ова е дел од проектот кој е во оваа насока, а другите се за понатамошниот период. Нашата заложба беше овој проект иако требаше да ди преку Министерството за животна средина и просторно планирање, да оди преку ЕС, за да се искористат сите можности што ги дава овој субјект како

транспорт, локација, простор, луѓе, за да се намали проектот, а воедно, да се добие во можност за некои други проекти. Но, ценејки ја ситуацијата во која се најдовме при расправањето кое што го имавме на таа отворена трибина, следат понатамошни наши договарања со Швајцарската амбасада, како и со луѓето од ЕС, затоа што благо речено постојат секаде можности на други места во државата да бидат складирани и од тоа место испратени, со тоа што секако, проектот финансиски ќе се оптовари, но доколку во овој момент локалната самоуправа не е во состојба ова нешто да го изведе до крај и да објасни за тежината на самиот проект, ние ќе го разгледаме овој случај и јас верувам дека многу брзо ќе има конкретно решение. До душа, слободно можам да изјавам за македонската јавност, кога јас би се прашал, јас не би ја менувал локацијата, но заради сензибилноста и просторот дека во близината се наоѓаат и стопански објекти коисе за преработка на храна, во близина има училиште и оној сензибилитет кој што го имаме, можеби локалитетот на сместувањето на кондес батериите го префрлиме во други центри. Најверојатно, би можело да биде во Скопје, бидејќи ова треба да оди со воз за Швајцарија.

Според тоа, мислам дека се испредимензионира еден проблем за еден проект, кој што требаше многу повеќе популистички да биде прифатен во дел на позитивна насока. Сепак се работи за еден исклучителен проект за заштита на животната средина, а воедно, за заштита на енергија во Република Македонија, што ректо може да ни се случи, а во наредниот период ќе ни биде законска обврска за исчистување од вакви кондес батерии, како што рековте со фенолите во Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Пејоски дали сте задоволен?

**Ристо Пејоски:** Јас сум задоволен од сензот што го покажа заменикот министер од своето министерство, затоа што иако условно верувам дека тие не се баш безазлени отрови, но ако не, барем ќе ја спречат црната еколошка точка на Велес, барем да не се зголеми на психолошка поголема точка.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Keковски имате 10 минути со максимум три прашања.

**Добре Кековски:** Благодарам господине претседателе, почитувани министри, заменици и други претставници на Владата, почитувани пратеници,

Јас имам три прашања. Трите прашања може да ги одговори Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Првото прашање: во јуни 2001 година од Проектот 2 КР од јапонската помош за зголемување на производството за храна во Република Македонија на индивидуалните земјоделски производители и на други, им се додели земјоделска механизација на лизинг. Првите машини што се доделија, требаше да бидат исплатени до март 2004 година. Проектот беше средствата што ќе се добијат од наплатата, од таа механизација требаше да се доделуваат на други заинтересирани лица.

Прашањето гласи: До каде е со наплатата на средствата за Проектот 2 КР програма за зголемвување на производство на храна во Република Македонија од јапонската помош и што се планира со тие кои се корисници, кои не ги почитуваат обврските, односно кои не ги платиле во предвидениот рок.

Второто прашање. Во Свети Николе се спроведе програма за плодоуживате, како Пилот програма на невработени лица и на други им се додели по 5 ха. државна земја на користење, без надокнада. Имаше најава и припреми таа програма да се спроведе и во Пелагонија, т.е. во Битола.

Пршање: Бидејќи има голема заинтересираност, посебно во руралните средини, каде има голема невработеност, дали ќе се спроведе горенаведената програма во Пелагонија, т.е. во општина Битола, вклучувајќи ги тука и општините Могила и Новаци.

Третото прашање веќе се апсолвираше до некаде, меѓутоа, јас би сакал повторно да ја реактуелизирам таа тема. Се работи околу пченицата, ќе гласи: Во Република Македонија основен прехранбен продукт е лебот. Покрај традицијата, за тоа причина е и стандардот на населението. Ова значи во Република Македонија за да има леб потребно е и прозиводство на пченица. Во тој процес на производство на пченица, односно леб, учествуваат голем број на дејности поврзани околу тоа. На пример, добавувачи на вештачки ѓубрива, заштитни средства, семенски материјали, горива, превозни претпријатија, млинови, пекари, разнесувачи на леб и продавачи на леб и др. Сите овие учесници во тој процес во својата калкулација, покрај трошоците за работа и друго ќе си пресметаат и одреден процент за профит, или добивка. Никој од нив нема да работи со загуба. Само производителите на пченица, не само што нема да добијат процент за добивка, туку преку цената што се најавува дека ќе се оствари, дури помала од 8 денари, тие ќе загубат и дел од тоа што го вложиле. Жетвата веќе почна. Прашањето гласи: Дали Владата на Република Македонија ќе најде начин да им помогне на производителите на пченица, преку зголемување на цената на пченицата, или преку друга помош, да си ги повратат средствата што ги вложиле, но и денар повеќе, за да можат да го продолжат и понатаму тоа производство.

Благодарм.

**Љупчо Јордановски:** Сите три прашања се до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Првото прашање Проектот 2 КР, јапонска помош, неплаќање на обврски. Повелете.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе.

Познато е на јавноста дека Јапонската влада додели средства на Република Македонија за развој на земјоделството и тие средства 2 КР се во 2001 година, распишан е тендер и тие средства се потрошени за набавка на механизација, вештачки ѓубрива и други репроматеријали за развој на земјоделството. Тие средства од тој распишан оглас е набавена приклучна механизација и тогаш таа е поделена на одложено плаќање без камата со одреден грејс период и со одреден период на враќање, зависно од тоа за какви машини се работи, дали за основни машини или за приклучна механизација, односно вештачки ѓубрива или друг репроматеијал. За жал, во тоа време голем дел од механизацијата и другиот репроматеријал се доделени на фирми кои што меѓувремено отидоа под стечај или ликвидација.

Не е целата трагедија само во тоа што отидоа во стечај, туку е целата трагедија тоа што се направени такви договори каде што се дадени без обезбедување на некаква гаранција на најголем дел од овие основни средства односно од оваа помош. И, сега, имаме такви проблеми со еден дел од претпријатијата кои што меѓувреме отидоа под ликвидација, веќе имаме судски расправи како да ја преземеме механизацијата од тие претпријатија кои што не ја исплатија целосно таа механизација. Што значи дека еден дел од тие предмети се веќе на суд и на суд ќе се докажува сопственоста за да може да се поврати механизацијата назад. Поголем дел од таа механизација е исплатена и ратите кои што се доспеани се исплатени и тие средства и покрај тоа што се неповрати од Јапонската Влада формиран е фонд кој што сакаме да го обновуваме односно средствата да одат во Фондот и од фондот понатаму да се набавува односно да се трошат средствата, зависно од тоа како ќе одлучи Влада на Република Македонија во соработка со Јапонската Влада, бидејќи за тоа мора да даде виза и Јапонската Влада. Средствата кои се собрани во Фондот сакаме уште еднаш да ја обновиме механизацијата, а тоа е наша идеја, односно со тие средства уште еднаш да распишеме тендер за набавка на механизација, за да можат и оние кои не добиле механизација, да добијат механизација, бидејќи сметаме дека во Република Македонија и покрај тоа што имаме како број на трактори или друга приклучна механизација, комбајни итн., прилично голем број, но таа е прилично застарена механизација и се прават големи штети или е многу неекономична таа механизација. Затоа, сакаме да ја обновиме со нова механизација. Очекуваме од Јапонската влада дека ќе го прифати нашиот предлог, за да може во најскоро време да се распише тендер за набавка на нова механизација и тој ќе биде распределен на оние земјоделци кои исклучиво се занимаваат со земјоделие. Се разбира, веќе имајќи ја предвид грешката која што е направена во почетокот на доделување на нова механизација ќе се обезбедува комплетна гаранција за плаќање на таа механизација или некоја друга опрема која ќе биде набавена со тие средства.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Кековски дали сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање.

**Добре Кековски:** Само уште мало дообјаснување. Заменикот министер рече дека е направена грешка при доделувањето, па ако може да се појасни кој ја направил таа грешка при доделувањето на тие средства.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е дополнително прашање.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Веднаш да кажам дека јас незнам кој ја направил, но знам во кое време е направена грешката. Бидејќи јас не можам да дадам одговор кој лично ја направил, меѓутоа, грешката е направена таму некаде во 2001 или 2002 година кога е делена механизацијата и добиена помош. Кој лично ја направил не знам. Грешката е во тоа што не е обезбедено гаранција за сигурно плаќање на оваа механизација и тие со пripaѓањето на претпријатијата веќе имаме проблеми со наплатата на таа механизација од тие претпријатија кои што пропаднаа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Второто прашање е проектот за додела на необработено земјиште во Пелагонија.

**Санде Џамбазовски:** Со законот за земјоделско земјиште се регулира давањето на државното земјиште на користење. Државното земјиште со законот се дава на користење исклучиво по тендер, по објавен тендер и тоа на одредено време. Дали на пет години, дали на три години, на една година и до 30 години. И, давање на државно земјиште под закуп на една година без тендер, бидејќи во Законот е така регулирано, за да не остане земјиштето необработено може да се даде на една година за да може да се искористи земјиштето, додека да се објави тендер за доделување на земјоделското земјиште. Значи, тоа се два начини на давање на земјоделско земјиште.

Владата на Република Македонија по предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе одлука да може да дава земјиште и на плодоуживање односно помали површини како пилот проект и тоа во општина Свети Николе, каде што се доделуваше земја исклучиво на стечајни работници, работници кои не се вработени во Завод за вработување односно семејства кој воопшто не се обезбедени. Со распишувањето на тој оглас се пријавија еден број на земјоделци заинтересирани и таму се додели од прилика по пет хектари, некои помалку, некои повеќе. Значи, тоа не е прецизно зависно од големината на парцелата. Тоа значи дека не е стриктно пет хектари, туку некаде можеби три хектари, некаде можеби пет ипол хектари, меѓутоа, во просек по пет хектари. Со оглед на

тоа дека еден дел мора да признаеме, од оние кои што го добија земјиштето по тој основ на плодоуживање се откажаа, бидејќи не можеа да обезбедат егзистенција поради тоа што немаат доволно механизација, немаа доволно обртни исредства итн., за да можеа да произведат но најголем дел од тие добитници на тоа земјиште останаа и понатаму да се занимаваат со таа работа, да егзистираат и да работат.

Сега правиме една програма за доделување на земјоделското земјиште, бидејќи ги прибираме сите податоци за државно земјиште кое е слободно. Од големината на земјиштето, зависно во која општина колкава големина е таа, ќе одлучиме односно ќе и предложиме на Владата како да се дели. Дали ќе може да се дели тоа на плодоуживање, дали тоа ќе се дели на тендер односно дали на пет или на 30 години. Во овој момент не можам да кажам во Битола дали ќе има слободна површина за да може да се доделува за плодоуживање, бидејќи за доделување на плодоуживање тогаш таа одлука сеуште вачи на Влада, бидејќи таа е донесена на Влада, треба поголема површина да задоволат поголем број на такви лица кои се заинтересирани да се занимаваат со оваа дејност. Така што, во најскоро време ќе имаме точно во која општина ќе може и дали ќе се доделува на плодоуживање.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Кековски дали сте задоволни или имате дополнително прашање.

**Добре Кековски:** Не, благодарам, задоволен сум.

**Љупчо Јордановски:** Третото прашање повторно е упатено до вас господине Џамбазовски и тоа пченица, цена и помош од Владата.

**Санде Џамбазовски:** Па, морам да признам дека ова прашање многу пати е поставувано и на претходната седница за пратенички прашања и на оваа седница и ќе се обидам накратко да дадам одговор.

Република Македонија точно е дека најголем дел од површините ги има засеано со житни култури, а најмногу од тие житни култури е застапена пченицата, некаде околу 100 до 120 илјади хектари. Меѓутоа, ако се земе вредносно, пченицата не е прва култура, по површина е најзастапена, но поврредност не е култура која создава најголема вредност во земјоделството. Таа не е водечка култура. Меѓутоа, како и да е Министерството односно Владата на Република Македонија води сметка за житните култури, бидејќи се тоа прехранбени артикли и секоја земја, па и Македонија води сметка посебно да се одгледуваат житни култури на оние површини кои се надвор од системот за наводнување, бидејќи имајќи предвид климатските, почвените услови кои што ги имаме во Македонија надвор од системот за наводнување не можат да се одгледуваат по интензивни култури, туку мора да се одгледуваат поекстензивни култури, како што е пченицата, јачменот и другите житни култури. Меѓутоа, се разбира дека на тие површини секогаш се добиваат помали приноси по единица мера односно по единица површина.

Со оглед на тоа дека пченицата барем досега имаше релативно повисока цена од јачменот, од 'ржта и од другите житни култури, бидејќи еден период имаше заштитна цена, но и покрај тоа што имаше заштитна цена мелничарите ја плаќаа во висина од заштитната цена, се до претходната година. Оваа година жетвата е во тек и ние очекуваме и правиме повеќе напори, разговараме со мелничарите и очекуваме дека малничарско пекарската индустрија ќе наиде на разбирање бидејќи колку и да е, сепак, домашното производство е најевтино, затоа што е дома, има постојани добавувачи, имаат изградено одредени односи меѓу производителите и преработувачите и ние очекуваме дека мелничарите и оваа година ќе ја откупат пченицата по цена која што беше и претходната односно претходните повеќе години наназад.

Владата односно Министерството во својата програма оваа година нема предвидено средства за помагање на производството на пченица во однос на директни средства од Буџетот во однос на субвенција по килограм или хектар итн., и има за јачмен, има за пченка, има за шеќерна репа, има за сончоглед во програмата каде што директно од Буџетот се издвојуваат средства за по еден хектар да се подпомогнат овие производители. Меѓутоа Владата прави други напори во однос на стимулирање за производство на пченицатата со тоа што во сите договори кои што ги склучува дали се тоа договори во регионот, дали тоа со светска трговска организација, дали е тоа со Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија секогаш земјоделските производи ги зема во предвид како најчувствителни производи, а се разбира овде и пченицата, за да не може да влегува во Република Македонија без царина со што се обезбедува една заштита за да може да биде откупена пченицата по цена која ќе важи во светот или во регионот. Меѓутоа покрај овие договори секогаш кога се преговара во договори за слободна трговија или со другите договори кои се договараат трговските односи секогаш се води сметка репроматеријалите кои што директно имаат влијание врз цената на земјоделските производи, а во тие рамки и на пченицата, да бидат со намалени царини или без царини кои што еве и премиерот го најави веќе и пакетот на мерки кои што ќе имаат, наша проценка е, ќе имаат директно влијание врз намалување на цената на чинењето на земјоделските производи. За наредните години бидејќи програмите на Министерството за земјоделство се прават годишно, така да за наредните години ќе правиме план како тоа ќе биде поддржано и кои производи ќе бидат поддржани и тоа сега тоа веќе не е прашањето, што се однесува, претпоставувам само за оваа година. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Кековски.

**Добре Кековски:** Јас во моето образложение, тоа е комплетна дејност и околу производството да launched

на леб во Македонија, набројав повеќе дејности, кои што како што реков сите по својата калкулација ќе си се пресметаат и дел за процент за добивка. Стојам на моето мислење дека само производителите на пченица ќе останат со загуба. Сакам да напоменам една работа и можеби не е добар распоредот меѓутоа ќе кажам вака. Земјоделците како што се распространети по руралните средини тешко е да се организираат за некое свое право да го остварат или некој свој производ да добие поголема цена. Земјоделците на пример не се учители да се соберат во училиштето и да направат активни кадри и да седнат да преговараат со Владата. Меѓутоа не треба Владата тоа према мене да го искористи, туку треба да најде навистина начин и да му помогне во овој случај.

**Љупчо Јордановски:** Немате дополнително прашање.

Благодарам.

Господин Србиновски вашите 10 минути.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван претседателе.

Иако министерот за земјоделие за изнамачи, меѓутоа не кажа и ден денеска пет пати е поставено прашањето. Сакав да поставам за пченицата прашање, меѓутоа сега нема да поставам, бидејќи трет-четврт пат кажува дека нема ни намуз, ни ништо за да дадат пари за пченицата. Да не образложувам колку кошта земјоделието. Сега ќе поставам сосема други три прашања.

**Љупчо Јордановски:** Две прашања имате.

**Илија Србиновски:** Две или три да поставам. Ова дополнително ќе биде.

Првото прашање е до премиерот на Република Македонија. Се работи за проектот АМБО, иако проектот за изградба на Коридорот 8 или поточно неговиот најсуштински дел за Република Македонија нафтоводот АМБО е готов и финансиската конструкција за негова изградба е речиси завршена. Сепак, Република Македонија постојано продуктира проблеми во врска со трасата низ која што треба да поминува овој нафтовод. Нафтоводот АМБО би требало да биде долг околу 1000 километри и треба да поминува низ Бугарија, Македонија и Албанија. Иако, премиерот Владо Бучковски беше категоричен дека зацртаната траса нема да се менува, сепак министерот за економија Фатмир Бесими постојано најавува дека во Владата сериозно се размислува за нова траса. Иако, на владина седница по многу конкурирање беше повторно потврдена старата траса,сепак и натаму останува сомнежот во врска со можните идни блокирања на наведениот проект. На ова укажа и претседателот на Американскиот конзорциум АМБО, кој јасно укажа дека односот на Владата е несериозен и дека не очекуваме менување на последно утврдената траса. Со вака крајно несериозниот однос на Владата постои голема опасност инвеститорите да го загубат интересот за овој проект, со што Република Македонија би останала без можноста за реализирање на овој Проект кој претставува од врвно стратешко значење за македонските национални интереси.

Прашањето гласи, на што се должи ваквата тенденција за постојано блокирање на Проектот АМБО и дали некој ќе понесе одговорност за пролонгирање на роковите за изградба на нафтоводот за кој во Албанија и во Бугарија веќе завршија подготовките. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е упатено до министерот за финансии. Деновиве излезе во јавноста една таканаречена даночна пирамида која ја обелодени министерот за финансии Никола Поповски. Имено, се работи за организиран ланец на даночно затајување и на незаконски поврат на ДДВ од Буџетот. Во овој финансиски скандал биле вклучени финансиски моќници од бизнис олигархијата во Република Македонија. Ваквото обвинување од страна на Владата, без да се посочат имињата на фирмите кои се дел од оваа даночна пирамида е во најмала рака несериозно. Затоа што, ваквиот чин на Владата сериозно ја наруши бизнис климата во Република Македонија. Многу од македонските фирми се доведени во ситуација секојдневно да го бранат својот ривалитет со соопштенија за јавноста, бидејќи беа предмет на безкрупулозни медиумски шпекулации. По ваквата медиумска хајка некои наши големи компании почнаа да ги губат потенцијалните бизнис партнери и да се обезхрабруваат за планираните инвестиции. Токму зтоа е важно Владата што побрзо да ги конкретизира најавите за даночната пирамида, со цел оние кои не се дел од неа да не бидат предмет на шпекулација, а оние кои се дел од оваа наша пирамида да бидат изведени пред лицето на правдата.

Значи, прашањето гласи, кога Министерството за финансии ќе ги обелодени имињата на фирмите кои се дел од даночната пирамида, со што ќе се отстранат сите сомнежи во врска со оваа најавена афера.

Третото прашање е упатено до министерот за надворешни работи. Иако, во законодавниот дом во Република Македонија веќе подолг временски период постои иницијатива за донесување на закон за надворешни работи, тој упорно е одбиван од страна на Министерство за надворешни работи со образложение дека ќе достави само предлог закон, со кои на еден поквалитетен начин ќе биде регулирана сверата на надворешните работи. Министерството со вакво образложение пред Собранието на Република Македонија излегува веќе подолг временски период, при што предлог законот кој треба да биде доставен од тоа Министерство нема ниту трага, ниту глас. Исто така, помина речиси шест месеци од рокот кој што самата министерка пред премиерот на Република

Македонија го посочи како краен термин во кој најдоцна ќе биде изготвен законот за надворешни работи. Ваквото однесување на Министерството за надворешни работи резултира со раѓање на длабок сомнеж во врска со вистинските мотиви и цели за ваквото оддолговлекување на постапката, иако е познато дека законското регулирање во областа на надворешните работи е од суштинско значење за функционирањето на Република Македонија и изразување на нејзината самостојност и сувереност. Непостоењето на овој закон веќе резултираше со низа примери кога се појавуваа сериозни проблеми во функционирањето на нашата дипломатска мрежа, како и во поодделните надлежности на министерот за надворешни работи и претседателот на Републиката во областа на надворешните работи.

Прашањето гласи, кои се мотивите на Министерство за надворешни работи за одбегнување на законското регулирање на сферата на надворешната политика и до каде е процесот на изготвувањето на законот за надворешни работи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Првото прашање е до Владата на Република Македонија во врска со АМБО односно трасата на овој нафтовод.

Одговор Ќе даде претседателот на Владата господинот Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Прво пратеникот цитираше непсотоечка изјава на господинот Фергусон. Владата никогаш не ја обвинил за несериозност. Така што погрешно му е напишано, затоа штопратеникот беше познат и претходно, а и сега дека чита подготвени прашања кои неговата партија ги псотавува и на ПРЕС конференции. Такво е и второто прашање.

Во секој случај, проектот АМБО тече и понатаму. Она што се бараше од Владата го направивме дирекно во трасата, инвеститорот, тоа значи господинот Фергусон и финансиските институции кои го следат имаат дефинирано само две точки, влезот, онаму каде што ќе влезе, во близината на Крива Паланка и излезот близу до Струга. Сето друго, врз основа на критериуми е проценка на експертите. Експертското мислење ја има направено трасата која во овој момент и покрај експертизите дополнителни кои беа правени со добри намери во Министерството за економија, тргнувајки од тоа дека проектот би чинел поефтино ако се искористи веќе експроприраното земјиште кое поминува по некој од коридорите, дали е тоа покрај, да речеме, патиштата, дали е тоа Коридорот 8 или Коридорот 10, да биде искористено како дел од трасата. Во овој момент нема друга траса освен онаа што беше претходно презентирана во Владата. Така што неосновани се обвинувањата на пратеникот дека е загрозен проектот. Напротив, проектот напредува и зависи од проценката на инвеститорот во кој момент ќе отпочне неговата изградба.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Србиновски далис те задоволни од одговорот или имате дополнително прашање.

**Илија Србиновски:** Немам дополнително прашање, меѓутоа во првиот дел тоа што премиерот одговори дека прашањето е напишано од партијата, нормално. Меѓутоа и нив некој цел ден ги пишува, па ништо не прават.

**Љупчо Јордановски:** Значи задоволни сте од одговорот.

Благодарам.

Второто прашање е до Министерството за финансии, за даночната пирамида.

Повелете господине замениче имате збор.

**Максут Али:** Почитуван претседателе, во врска со прашањето на пратеникот може да му одговори само Управата за јавни приходи, финансиската полиција. Министерството за финансии со другите институции работите си ги вршат во рамките на законот и кога ќе дојде ден ќе се објават резултатите и тоа што се очекува во јавноста.

Во врска со мислењето на пратеникот дека е нарушена бизнис климата, напротив, ние мислиме дека навистина е подобрена бизнис климата така што поштените бизнисмени чекаат поштена игра од сите компании. Затоа и натаму Владата ќе настојува да ги заштитува поштените бизнисмени.

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски, далис те задоволни од одговорот или имате дополнително прашање.

**Илија Србиновски:** Немам дополнително прашање, меѓутоа не сум задоволен затоа што не одговори. Се пишува во новини се и сешто, меѓутоа не се кажува што е вистината.

**Љупчо Јордановски:** Нема дополнително прашање.

Третото прашање е до Министерството за надворешни работи, во врска со законот за надворешни работи.

Повелете господине Хасановиќ.

**Фуат Хасановиќ:** Благодарам господине претседателе.

Прво да кажам дека Министерството за надворешни работи нема никакви мотиви да не донесе закон за надворешни работи. Напротив, посветено е и работи напорно да го донесе овој закон. Предлог законот за надворешни работи е влезен во Владина процедура и во тек се разгледувањата на неговата содржина од страна на повеќе министерства. Законот ќе ги регулира вршењето на надворешните работи односно креирањето, утврдувањето и спроведувањето на надворешната политика на Република Македонија. Освен тоа, законот ќе го дефинира статусот на Министерството како орган од посебно значење во рамките на државната администрација. Едновремено, со законот сакаме да внесеме ред кај некои работи кои до сега

предизвикуваа дилеми, или различни коментари. Тоа значи дека законот ќе ги дефинира постапките за избор на дипломатите и дипломатските претставници на Република Македонија.

Самиот процес на подготовката на Предлогот на законот Министерството го води на транспарентен начин. Покрај професионалнио ткадар на Министерството, во тој процес ќе бидат вклучени експерти, академската средина и цивилното општество. Нацрт законот ќе ги има предвид сите оние верзии кои до сега циркулираа во Министерството и како што спомна пратеникот и оние кои беа изготвени од некои пратеници во Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски имате дополнително прашање?

**Илија Србиновски:** Немам дополнително прашање.

**Љупчо Јордановски:** Значи задоволни сте.

Благодарам.

Господине Петковски, вашите пет минути и три прашања.

Повелете.

**Борче Петковски:** Благодарам претседателе, почитуван премиер, почитувани министри,

Јас имам едно прашање и прашањето го упатувам до Владата.

Прашањето гласи: Дали земјоделското земјиште со кое пред трансфорамцијата стопанисувале претпријатијата со општествен капитал е討 иземено од трансфорамција, или тоа се однесува исклучиво само на земјоделското земјиште кое било во државна сопственост, без земјиштето кое пред трансфорамцијата, општествените претпријатија го стекнаа од физички лица со купопродажни договори и истото го платиле од сопственис редства.

Зошто го поставувам ова прашање? Го поставувам затоа што за дел од претпријатијата, меѓу кои и Земјоделскиот комбинат "Пелагонија" од Битола кои извршија трансфорамција на општествениот капитал, согласно Законот за трансфорамција на претпријатија со општествен капитал, до денес останува недоволно јасна содржината на членот 6 од овој закон. Значи ова е основната причина.

Ќе морам и понатаму да елаборирам.

Во овој член, значи во членот 6 стои: - пред утврдувањето на вредноста на претпријатието се иземаат градежното и земјоделското земјиште кои со денот на влегувањето во сила на овој закон се во сопственост на Република Македонија. Претпријатието, од став 1 на овој член продолжува со користење и управување со градежното односно земјоделското земјиште, ако го користи или за него се грижи како добар стопан, до донесување на правосилно решение за денационализација односно до доделување на право на користење, во согласност со закон. Имено, останува не јасно што законодавецот мислел при дефинирањето на поимот земјоделско земјиште кое со денот на влегување во сила на овој закон, е во сопственост на Република Македонија. Оваа дилема произлегува од следното, морам конкретно да зборувам, се однесува баш за Земјоделскиот комбинат "Пелагонија" од Битола кој е трансформиран во Акционерско друштво, согласно одредбите од Законот за трансфорамција на претпријатија со општествен капитал и Законот за трансфорамција на претпријатијата и задругите кои стопанисуваат со земјоделското земјиоште. Согласно овие закони Земјоделскиот комбинат "Пелагонија" од Битола изврши трансформација на општествениот капитал со кој стопанисуваше и го користеше, со што капиталот се трансформира во акционерски капитал. Меѓутоа, заради членот 6 од Законот за трансфорамција на претпријатија со општествен капитал, по трансформацијата беше иземено целокупното земјиште со кое Комбинатот стопанисуваше.

При определување забрана за трансформација на земјоделското земјиште, не е посветено доволно внимание на тоа кое земјоделско земјиште треба да биде иземено од трансфорамција, дали само земјоделското земјиште кое беше и сеуште е во државна сопственост, или и земјоделското земјиште кое претпријатијата, во конкретниот случај ЗК "Пелагонија" кои при трансфорамција како општествени претпријатија, го стекнаа со купопродажни договори од приватни лица, заверени во суд.

Неспорно е дека согласно членот 6 од Законот, државното земјиште се изема од трансформацијата. Но, во исто време отворено останува прашањето со земјоделското земјиште стекнато од општествените претпријатија од приватни лица, врз основа на купопродажен договор, што значи врз основа на правно дело. Токму затоа се наметнува прашањето дали ова земјоделското земјиште може да има третман на државна сопственост. Оваа дилема уште повеќе постои кога се има предвид член 2 од Законот за приватизација на државниот капитал, кој го дефинира државниот капитал на следниот начин:
- Државен капитал во смисла на овој закон се смета учеството на Република Македонија во вредноста на претприајтието, утврдено согласно со Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, "Службен весник на Република Македонија" број 38/93 и 48/93, како и Закон за трансфорамција на претпријатијата и за другите со општествен капитал кои стопанисуваа со земјоделското земјиште, "Службен весник на Република Македонија" број 19/96 година.

Од оваа одредба се гледа дека земјоделското земјиште стекнато од општествените претприајтија со купопродажни договори од физички лица, не може да добие статус на државно земјоделското земјиште. Токму заради овој факт истото требаше и треба да биде предмет на трансфорамција, бидејќи тоа претставуваше општествен капитал како и

останатиот општествен капитал кој претпријатијата го трансформираа во акционерски друштва, согласно Законот. Заради сето тоа поведена е и постапка пред Уставниот суд кој со решение број 21/2001 не повел постапка за оценување на уставноста. Меѓутоа во образложението на решението е наведено и следното: Имено од содржината на оспорениот член јасно произлегува дека станува збор за иземање на градежно и земјоделско земјиште кое со денот на влегување во сила на овој закон, се во сопственост на Република Македонија. Тоа значи дека при утврдувањето на вредноста на претпријатијата, се изема само градежното и земјоделското земјиште кои се во сопственост на државата, така што не станува збор за иземање на целото земјиште, а уште помалку за така наречена нова национализација односно прогласување на целокупното земјоделското земјиште за сопственост на државата. Сето ова упатува на тврдење дека земјоделското земјиште стекнато од општествените претпријатија, пред трансфорамцијата, попат на купопродажни договори склучени со физички лица, е купено со сопствени средства на претпријатието, не смее да биде иземено од трансформација, туку напротив требаше да биде трансформриано како и останатиот општествен капитал и да добие третман на акционерски капитал.

Воедно и членот 5 став 1, точка а) од Законот за трансфорамција на претпријатијата и задругите, со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделското земјиште, упатува на тоа дека трансформацијата не се врши само на земјоделското земјиште во сопственост на Република Македонија.

Заради комплексноста на прашањето и заради многу нејаснотии кои се јавуваат кај одредени претпријатија, меѓу кои и ова што јас го наведов, би ја замолил Владата да достави писмен одговор.

**Љупчо Јордановски:** Господине Петковски можевте да го поставите прашањето, тоа е проблемот, за да ви се достави одговорот.

Имате уште 30 секунди. Вие заборавивте прашање да поставите.

Ако јас можам да сублимирам во ваше име, треба толкување на членот 6 за трансфорамција на земјоделски комбинати односно земјиште што го поседуваат. Тоа ли е.

**Борче Петковски:** Тоа е.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е прашањето, господо од Влада. Писмен одговор, ако имате право да го толкувате членот 6.

Повелете Караџоски имате збор, ако сакате да поставите прашање.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Согласно член 35 од Деловникот на Собранието, претседателе, денес размислував да ви поставам три прашања вам како претседател на Собранието, затоа и го цитирам членот 35 од Деловникот. И гледајки ве денес како умешно се снаоѓате во улога на Влада, во отсуство на одредени минситри дадовте одговори, па морам да признаам дека некои мои прашања веќе беа одговорени од ваша страна, така што ќе си го задржам правото сепак да го искористам присуството на премиерот и одредени минстри, па да поставам прашање до Владата, а вас ќе ви поставам прашање во друга прилика.

Моето првото прашање ќе го упатам или адресирам до Владата, или поточно до премиерот, бидејки мислам дека е најкомпетентен за она што мислам да го прашам, а се однесува на прашања како последица од воената криза, со оглед што во тоа време сегашниот премиер беше и министер за одбрана во коалиционата Влада.

Во месец март 2001 година имаше случај каде тројца припадници на АРМ и скоро 21 полицаец беа повредени во хелихоптерот кој се сруши на Попова Шапка, каде имаше еден починат и повеќе повредени. Во тој случај, според сознанијата кои ги добив од заинтересираните за овој случај, АРМ, или Министерството за одбрана, спогодбено за настанатите повреди на припадниците на Армијата, вонсудски ги обештети на некој начин оние кои беа повредени. Меѓутоа, припадниците на полициајта до ден денес не се обештетени, иако во неколку наврати од нив беше побарано да доставаат документација и им беше ветено дека ќе бидат обештетени, со спогодба. Тоа не се случи. Истите тие покренаа судски спор кој спор се одвиваше во Основен суд Скопје 1, потоа по постапка, по жалба и Апелационен суд Скопје каде од двата суда произлезена е иста пресуда односно пресудата е правосилна. Сега, нормално, Република Македонија како тужено лице го користи вонредниот правен лек до Врховниот суд, што не значи дека со тоа се запира извршувањето. Меѓутоа, пробелмот е во тоа што до ден денес и покрај правосилни пресуди за овие лица,никој од тужената страна не покренал односно не нашол за зходно да го исплати тој износ.

Во контекс на тоа, дополнително прашање е и за оние пак лица што беа на Карпалак, а за кое,исто така, има правосилна пресуда, тоа е во Прилепскиот суд, за обештетување, која дури е и извршна и се наоѓа во фаза на извршување. Меѓутоа, до ден денес не може да се изврши затоа што Владата односно Република Македонија не ги исплаќа парите, или на сметката на Буџетот за такви побарувања немало пари.

Моето конкретно прашање, пак ќе кажам до премиерот е дали Владата на Република Македонија планира и кога овие луѓе да ги обештети.

Второто прашање би го адресирал до минситерот за внатрешни работи.

Почитуван министре, подолго време сме сведоци на настани кои во Република Македонија се случуваат, а кои излегуваат од здравиот разум и логиката и излегуваат од она што може да се нарече правна држава на цела територија на

Република Македонија, или простирање на власта на секоја педа во Република Македонија.

Случајот Кондово веќе ни стана, на некој начин, случај доста познат. И во времето кога ја биравме оваа Влада на господинот Бучковски, беше исто така една интересна тема, дури мораше да брзаме со изборот на Влада за да се санира тој проблем. И навистина помисливем дека тој проблем е саниран и дека нема повторно да се случи затоа што го одбравме начинот на разговори, преговори и договори, отколку она што значи интервенција и она што значи правна сила.

Но подолго време повторно јавноста се занимава со некаков си Агим Красниќи така наречен некаков си командант, човек кој што јавно пред Хрватската телевизија, а пренесувано и од страна на наши телевизии, се заканува, кажува дека во дел од Република Македонија постои екстериторијалност, постојат сили кои се закануваат на власта на Република Македонија, кои уценуваат и кои кажуваат дека таму нема пристап правната држава на Република Македонија, ниту мешаните единици на МВР, ниту некој друг. Дури, отиде до таму да каже дека Република Македонија не се знае како ќе влезе во Европската унија, како сојуз на две држави сметајќи го и Кондово или како унитарна држава. За него беше дури смешен поимот унитарна држава. И ние сето тоа го толерираме, сето тоа го слушаме на телевизија и читаме во весниците, а правната држава, односно МВР не превзема ништо.

Конкретно прашање до министерот: Што планира МВР? И понатаму да се претвори во радио приемник или ќе биде она што според Устав и закон го има, да делува таму каде што има потреба.

Третото прашање е до премиерот.

Почитуван премиер деновиве сме сведоци на после толку време, после три години од владеењето на оваа коалиција "За Македонија" , конечно да се случи штајк во Република Македонија, што не значи дека народот е задоволен, тоа може да значи повеќе дека можеби имале страв од штрајкување , но ни се случи штрајк и тоа го направија просветните работници. И ништо не би било чудно, и ништо не би било неразумно, и ништо не би не изненадило доколку вашите министри во Владата очигледно не се искординирани и не знаат како да постапат по оние барања кои според мене се апсолутно оправдани.

Ни се случува еден министер кој го држи ресорот финансии да вети дека барањата се оправдани ама ќе обештетиме 1%, потоа да го корегира можеме максимално 5% итн, незнам до каде ќе одат тие проценти за да го добие одговорот од просветните работници дека таква милостиња не му е потребна , додека ќе си ги бараат правата.

Но можеби најинтересната изјава ја даде деновиве министерот за труд и социјална политика кој што кажа во негов стил, тоа е веќе честа пракса да го гледаме, да каже следно, и тоа што го барате не го залужувате, поточно и тоа што го земате не го заслужувате што е голема навреда за сите тие 35 илјади просветни работници.

Моето прашање е лично до премиерот .

До кога мисли премиерот да ги толерира ваквите испади на своите министри? Владата може да ги кординира своите ставови затоа што со вакви изјави само се долева бензин на и онака запалениот оган, а лично, му штети и на премиерот но и на Владата на Република Македонија и особено кога е во прашање министерот за труд и социјална политика не вредат опомените, не вредат укажувањата, секоја изјава значи некое подгревање.

Значи прашањето е до кога мисли да ги толерира ваквите испади на министрите и дали некој од нив ќе сноси одговорност пред вас како премиер, а потоа и кај нас во Парламентот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Првото прашање е до претседателот на Владата во врска со обештетувањето.

Повелете господине премиере.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Пратеникот Караџоски говореше за два различни случаи, условно речено во два различни периоди. Првиот во април 2001-та кога се сруши хелихоптерот на Попова Шапка кога не бев јас министер и трагедијата на Карпалак кога бев јас министер за различни случаи, во едниот случај за повреди кои ги имаат припадниците на армијата и полицијата и вториот случај за претрпен страв кај оние кои се дел од колоната која одела зад загинатите припадници на Армијата на Република Македонија..

Постапката за едниот случај е поблиску до завршница, тоа е за случајот на Попова Шапка, каде согласно процедурата и правилата кои ги имаше Министерството за одбрана, на истиот начин треба да бидат заштитени или да има вонсудски спогодби со припадниците на Министерството за внатрешни работи.

Вториот случај сеуште не е завршен затоа што во меѓувреме Јавното обвинителство побара вонредно преиспитување на Одлуката на второстепениот суд, значи со барањето за заштита на законитоста сеуште не е завршен случајот. Како ќе заврши јас не би сакал како претседател на Вадата да прејудицирам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски, дали сте задоволен од одговорот или сакате да поставете дополнително прашање?

**Жарко Караџоски:** Сега имав прилика да слушнам од премиерот дека во случајот на Попова Шапка ќе бидат обештетени сите вклучувајќи ги и полицајците, меѓутоа, до мене допреа информации дека и таквото обештетување е почнато на некој начин, меѓутоа, селективно.

Значи, апелот би бил да се обештетат сите оние кои навистина се оштетени.

А за случајот на Карпалак исто така моите сознанија зборуваат дека постои правосилна пресуда, значи извршна пресуда и незнам зошто премиерот мисли дека спорот е незавршен.

**Љупчо Јордановски:** Значи нема дополнително прашање.

Второто прашање е упатено до министерот за внатрешни работи и случајот Кондово.

**Љубомир Михајловски:** Почитуван пратеник, службите во Кондово работат редовно. Имаме нивни патролни и пожарни служби кои работат на терен и Министерството ги обавува редовно редовните активности во Кондово. Мислам дека малку е различна состојбата од онаа што беше во оној период што го спомнавте вие.

За ваша информација да кажам, од јануари до сега се лишени од слобода 529 слица кои судот ги барал по потерница. Значи ви ја кажувам точната бројка, 529 лица осудени кои судот ги барал по различни услови и за издржување на казна затвор. Тоа е огромна бројка и Министерството вложи огромни напори.

На листата, меѓу другите лица за кои е распишана потерница, е и лицето кое вие го кажавте. МВР до сега, јас јавно кажав дека судската одлука, судската потерница ќе ја спроведе сигурно, и презема оперативно тактички мерки за реализација на истата, така што во овој случај не е нешто заборавено и ние мораме судските одлуки да ги спроведуваме. Ако нешто друго ве интересира, нема проблем, можам да одговорам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски, дали имате дополнително прашање.

**Жарко Караџоски:** Немам дополнително прашање. Јас се надевам дека МВР ќе истрае до крај и дека конечно тоа лице, кое не сакам повеќе да го повторувам, а и сите околу него конечно ќе завршат онаму каде што му е местото, зад решетки.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам .

Третото прашање исто така е упатено до претседателот на Владата. Само една мала корекција, немаше штрајк туку протест.

Повелете премиере.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Пратеникот Караџоски погрешно цитираше една слушната и една прераскажана изјава, слушнатата од министерот за финансии, кој говореше дека со оглед на состојбата што ја имаме во овој момент со реализација на Буџетот би можеле да најдеме компромис со СОНК и имајќи предвид дека имаме на располагање 440 милиони денари, тоа значи ако се тргне со декомпресија на платите и на вработените во образованието, науката и културата, како и социјалната заштита, би можеле тргнувајќи од септември до февруари наредната година да имаме зголемување по еден процент на платата, на ниво на февруари 2006 година нивните плати би биле зголемени за 5%. Тоа не беше прифатено од страна на Синдикатот и продолжија разговорите. Според моите информации ниту во еден момент она што беше клеветен вчера министерот за труд и социјална политика нема изјавено дека тоа што го бараат не го заслужуваат. Во секој случај, се прераскажуваат изјави од втора рака или чуени, недочуени од некого или еднострано пренесувани од една страна од разговорите.

Разговорите со СОНК ќе продолжат, ќе бидат тешки, од страна на СОНК не бешее прифатена другата наша варијанта во овој момент да ги решиме проблемите на сите вработени во културата и да решиме дел од проблемите кои ги имаат вработените во Министерството за труд и социјална политика, оние кои се одговорни за детската заштита, се бараше целосно решение, имајќи предвид какви се состојбите со Буџетот, каква е економската состојба во нашата држава, ние се обидуваме да го најдеме најоптималното решение, но во овој момент дефинитивно такво нема да има. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, дали имате дополнително прашање?

**Жарко Караџоски:** Немам дополнително прашање, иако не знам сега кому да верувам, дали на весниците кои ги читаме и информациите на телевизиите, или на премиерот кој очигледно ги штити сопствените министри. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Следниот пратеник да постави прашања е госпоѓа Костадинова Емилија, повелете.

**Емилија Костадинова:** Благодарам претседателе.

Ќе ја искористам денешната собраниска седница, врз основа на членовите 35 и 36 од Деловникот, да поставам усно прашање до Владата на Република Македонија.

Пропаѓањето на одредени банки во државата и издадените гаранции на Експорт-Импорт банката доведоа до тоа да се случи таков финансиски крах во Централната банка што за покривањето на загубите искажани по завршната сметка во Народна банка на Република Македонија за 2004 година, се иусцрпени сите нејзини задолжителни задолжителни резерви создавани од осамостојувањето, така да поради нечие неодговорно работење Владата и Парламентот се доведени пред една не така лесна и едноставна задача да ја санираат таа состојба на еден воопшто непопуларен начин, односно со Предлог закон што ќе се најде на наредната собраниска седница закажана за 5.07. оваа година, при што со измените во член 89 од Законот за Народна банка на Република Македонија се предлага да се надополнат фондовите за задолжителна резерва на Централната банка, односно изгубените средства со трансфер на 500 милиони денари од Буџетот на Република Македонија, за што сигурна сум дека ќе следува ребаланс на Буџетот за да се

обезбедат тие средства и да се префрлат на Народната банка на Република Македонија.

Тоа беше само вовед за моето прашање кое гласи: Овие денови е присутно по медиумите твтдењето на Народната банка на Република Македонија дека таа до Јавното обвинителство ги има доставено сите потребни податоци и документи за скандалот Експорт-Импорт банка , а пак од друга страна исто така присутно е по медиуимте дека Јавното обвинителство тврди дека предметот сеуште го чува во фиока и не превзема ништо поради тоа што не му се доставени сите потребни податоци. Кој ја кажува вистината? Дали Народна банка на Република Македонија или пак Јавното обвинителство . Во контекст на тоа еве нека има третмани како второ прашање. Дали Народна банка на Република Македонија има издавано гаранции и на други проблематични банки? Пред се мислам на случајот со Радо Банка која исто така отиде во стечај оваа година, и дали во некој нареден период нема да бидеме доведени повторно пред свршен чин, односно да интервенираме со средства од Буџетот на Република Македонија. Дали нечие неодговорно банкарско работење нема повторно да го плаќаат даночните обврзници на Република Македонија, како што е случајот со Експорт-Импорт банката.

Благодарам. Ако тоа има третман на две прашања, нека биде така, упатени до Владата на Република Македонија.

Имам уште едно прашање. Ова прашање го упатувам до министерот за труд и социјална политика, а бидејќи истото прашање има допирни точки со Министерството за надворешни работи, ако може да добијам дополнување на одговорот и од министерот за надворешни работи, доколку чувствува дека има потреба од тоа.

Имено, врз основа на член 6 од Правилникот за условите и критериумите за распределба на правото за упатување на работници за изведување на проектни договори во СР Германија, Комисијата за деташман при Министерството за труд и социјална политика донесува одлука под број 08-4407/41 од 18.11.2004 година, и на Трговското друштво Електро-монт од Виница му доделува право за упатување на работници, односно деташман за изведување на проектни договори во СР Германија и тоа за 12 монтажерски работници. При тоа, согласно Одлуката обезбедена е работа во СР Германија, добиена е работна дозволан од Германското министерство за труд и социјална политика, отворена е фирма, за што се направени одредени трошоци, а од нашето Министерство за труд и социјална политика добиена е согласност под број 08-1525/2 од 2.03 2005 година, за упатување на деташирани работници на работа во СР Германија, во период од 14.03.2005 до 13.06.2005 година за договорена работа во вредност од 35.979 евра. И по исполнувањето на сите потребни обврски и добивањето на согласностите и обезбедената работа во СР Германија, Електро-монт, дооел, Виница до денес не може да ги упати на работа монтажерските работници затоа што Амбассадата на СР Германија за тројца работници нема издадено визи. Наведеното претпријатие се интересира во што е проблемот, бидејќи сите претходно потребни работи се завршени, трошоците се направени, а Договорот за работа им пропаѓа бидејќи временскиот рок за упатување на работниците истекува. Дали посочените министерства тука можат нешто да помогнат, имајќи го предвид присутниот проблем со невработеноста кај нас.

Благодарам од име на посоченото претпријатие.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Првото прашање е упатено до Владата во врска со Експорт-импорт банката и поднесените кривичи пријави од страна на Народната банка.

На прашањето ќе одговори претседателот на Владата.

**Владо Бучковски:** Јавното обвинителство е независна институција, независна институција е Народната банка, Владата мора да ги решава проблемите. Нашето мото е да не создаваме нови проблеми. Проблемите постојат, од каква природа се си знае пратеничката. Затоа има Предлог за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за Народна банка. Тој ќе биде на следната седница и ќе има опширно образложение од министерот за финансии, па тогаш ќе ги разбере сите детали.

**Љупчо Јордановски:** Дали пратеничката е задоволна од одговорот?

**Емилија Костадинова:** Благодарам, ќе слушнеме на собраниската седница, па тогаш ќе имаме подетални сознанија. Задоволна сум од одговорот.

**Љупчо Јордановски:** Одговорот на прашањето на собраниската седница?

**Емилија Костадинова:** Не, претседателе, како што го разбрав премиерот, министерот ќе има воведно излагање и во тоа ќе бидат соопштени сите потребни детали. Инаку, причините за донесување на законот мене ми се познати. Јас го читав законот, го читав и образложениeто.

**Љупчо Јордановски:** Вие прашувате каде застанаа кривичните пријави? (да) Тоа не може да одговори никој, тоа се независни институции. Ако го повикаме јавниот обвинител овде да даде извештај можеме тоа да го слушнеме.

И второто прашање е упатено до независните институции, Народната банка. Тука мислам дека одговорот ќе биде ист, бидејќи прашавте дали Народната банка издава слични такви гаранции за други проблематични банки.

Повелете госпоѓо Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Јас мислам дека Владата ги има потребните акти, пред да го донесе Предлогот на законот, и затоа сметав дека може да има и такви сознанија.

**Љупчо Јордановски:** Повелете премиере, сепак кога пратеник инсистира одговорот треба да се добие не од мене туку од Владата.

**Владо Бучковски:** Јас побарав пратеничката да биде трпелива. Набрзо, на 5 јули ќе биде разгледуван Предлогот за донесување на закон за измени и дополнувања на Законот за Народна банка и тогаш ќе се образложат сите причини зошто пристапуваме кон тоа. Се санираат пропаднати банкарски гаранции, точно кои не би сакал сега да прејудицирам. За дел од нив точно, има покренато кривични пријави, Обвинителството има покренато предистражни дејствија. До каде се сите тие процеси ќе видиме на следната седница, затоа што Парламентот ќе има можност да го покани Јавниот обвинител и Гувернерот на Народната банка. Тоа се вистинските адреси каде што треба да побарате одговор.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

**Емилија Костадинова:** И јас благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Третото прашање е до Министерството за труд и социјална политика и до Министерството за надворешни работи во врска со деташман на работна сила "Електромонтинг", имаат проблеми не можат да стигнат до Германија.

Повелете кој ќе одговори?

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Благодарам.

Нам во целост ни е познат проблемот што го има не само оваа компанија, туку во глобала сите компании кои имаат деташмани во Република Германија. Што се однесува до оние што имаат монтажерски работи има и доволен простор на деташмани за да се поделат тие деташмани во оној другиот градежен дел има многу повеќе заинтересирани фирми и таму имаме повеќе заинтересирани отколку се можни деташмани.

Значи, никаква пречка од Министерството за труд и социјална политика, односно од Комисијата која е максимално објективна, бидејќи е составена и од претставници на Комората и од други институции, значи со максимална објективност се делат овие деташмани и како што сами рековте комисиски. Кај нас во Министерството е комплетно завршена целата процедура, меѓутоа, Владата на Република Германија преку својата надлежна амбасада има дадено инструкции за поголеми проверки на фирмите кои работат во Сојузна Република Германија. Тие проверки се прават од аспект дали фирмата има дејност и дома и надвор, па дејноста што ја обавува во Германија да биде дополнување само на ова што е тука или е претежно дејност, фирмата е формирана само за да работи во Германија. Тоа е првата работа.

Второ, проверуваат дали работниците кои одат таму се веќе обучени работници, веќе квалификувани работници и колку време работеле во конкретната фирма за да добијат виза да одат во Германија.

Овде веројатно се работи за три работника кои се примени за таа намена за да одат на работа во Сојузна Реублика Германија. Претставникот задолжен за оваа работа од Амбасадата смета дека тие работници се недоволно квалификувани за да можат да одат во Германија и дека се примаат исклучиво само за оваа работа.

Верувајте искрено ние имавме неколку состаноци и вршевме притисоци како Министерство токму за оваа работа, бидејќи имаме сериозни проблеми затоа што оние што се помали фирми не се во состојба да го водат бизнисот и тука и таму.

Второ, големите фирми многу помалку им е значењето на овие мали деташмани што ги добиваат во Сојузна Република Германија и најчесто и тие деташмани што ги имаат добиено или не ги остваруваат или ги остваруваат при крајот на годината и во разговорите настојувавме максимално да објасниме дека тешкотиите се сериозни и дека треба да најдеме одреден компромис токму за овие претпријатија. Меѓутоа, тие остануваат доста цврсто на своите ставови и јас мислам дека натаму и ние и Министерството за надворешни работи треба на повисоко ниво сериозно да разговараме за ова прашање, во спротивност се доведуваат во прашање сите деташмани затоа што воопшто не е лесно да се најде работа во Германија и таму има голема конкуренција, поготово од оние фирми кои доаѓаат од Источниот блок кои конкурираат со поевтина работна сила и навистина не е лесно да се најде работа. Мора фирмата да има ангажиран човек таму што ќе ја бара работата, особено тоа претставува тешкотија на помалите фирми да имаат дејност и таму и тука. Тоа е главната причина зошто тие главната дејност им е надвор во Сојузна Република Германија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали госпоѓа Костадинова е задоволна од одговорот?

**Емилија Костадинова:** Благодарам претседателе. Исто така му благодарам и на министерот за труд и социјална политика за исцрпниот одговор. Мислам одговорот укажува на сите тие проблеми, но јас, еве сметав дали во сето тоа не може нешто да им се помогне, на тие претпријатија како Влада. Веќе, кога е таков случајот, однапред да им се укажува на тоа дека е тешко да се добие таа работа и да се упатат тие работници за да не се изложуват на непотребни трошоци. Бидејќи испаѓа така дека тие однапред, ја завршат работата и ги платат сите такси, сите давачки за регистрирање на фирма, и слично и дека после се доведени во ситуација сето тоа да им пропадне. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дополнителни објаснувања има министерот за труд и социјална политика. Повелете.

**Стевчо Јакимовски:** Јас се извинувам почитуван претседателе. Меѓутоа, вакви барања Германската амбасада поставија од оваа година. Досега вакви барања и вакви проверки не се

правени и затоа ние како министерство не бевме подготвени да укажеме на овие работи кои што ќе ги бара натаму Амбасадата.

Инаку, за сите други пропусти и злоупотреби што се правеа во делот на деташманите и за што имаше забелешки Министерството за надворешни работи на Германија, тие се во целост отстранети од наша страна и ние имаме направено еден тесен филтер да не можат да поминуваат фирми кои ќе ги злоупотребуваат деташманите надвор. Меѓутоа, ова се нови новини, нови затегања токму во овој дел, а во суштина лежи критиката од страна на германската јавност спрема Германската Влада дека премногу е попустлива за работниците кои доаѓаат од надвор и кои ги конкурираат со поефтина работна сила. Ова е еден посреден облик на кој се врши притисок на фирмите кои се од надвор полека но сигурно да ги губат деташманите, но и натаму останува на повисоко ниво да се бориме со овој проблем кој го имаме со Германската амбасада.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Шајноски, по втор пат.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе.

Бидејќи потпретседателот на Собранието директно направи една навреда за Алберт Ками, овој пат ќе зборувам на ниво со поинаква мисловна рефлексија за да случајно не бидам пак прекинат.

Првото мое прашање се однесува на состојбите во ЕМО и сакам да му го поставам на премиерот.

Почитуван премиеру, без разлика колку остро изгледаат моите прашања до било кого, токму моето мислење за него е повисоко. Поостри се моите прашања кон него, бидејќи сум сигурен дека од такви луѓе ќе бидам правилно разбран и ќе разберат дека решавањето на некои проблеми ми е пред се, а не омаловажувањето на соговорникот.

До 2002 година ЕМО беше фирма со 5 милиони евра профит. Денес ЕМО е фирма пред стечај, поточно на вчерашното Акционерско собрание на АД ЕМО беше потврдено дека долговите на ЕМО изнесуваат приближно 13 милиони евра, што е повеќе од основната главнина на АД ЕМО која изнесува 11 милиони евра.

Ова, со други зборови, значи дека ЕМО е пред стечај. На истото Собрание на истомисленици внатре не му беше дозволен говор на претставникот на словенечкиот акционер со 18% да го искаже својот став по овие катастрофални резултати.

Наспроти моите предупредувања озваничени преку пратеничките прашања, премиерот или некој во негово име писмено ми одговори дека ЕМО во 2005 година ќе биде успешен, бидејќи имало обезбедено 10 милиони евра работа. За ваша информација оваа работа е доволна само за два месеци работа во ЕМО. Па, сега судете што ми одговоривте и што мислам јас за одговорот.

Ми одговоривте дека штрајкот во ЕМО го организирал синдикатот, а не вие. Но, се си има цена, од тоа нема бегање. Зарем премиеру заборавивте што зборувавте во Охрид на 10 март 2005 година? Зарем веќе заборавивте како се фалевте дека вие сте го организирале штрајкот за да го срушите раководството и да го избркате шверцерот од Србија и Црна Гора. Мора да се свати, затоа се јавувам често за збор, дека секој е одговорен за своите постапки, бидејќи тие оставаат траги во иднината.

Прашањето до вас:

Овде изјавивте дека Сименс чека одлука од Врховниот суд и ќе го купи ЕМО. Од тогаш се поминати скоро четири месеци. Еве денес во една друга прилика, на што јас не се изненадив, ме прочитавте што сакам да прашам и кажавте дека Сименс ќе дојде на преговори во ЕМО на 8.07.2005 година.

Господине премиеру, ве убедувам дека Сименс нема да го купи ЕМО не заради тоа што денесе е пред стечај, туку затоа што тоа не го стори кога ЕМО беше профитабилен. Не е проблемот во желбата некој да ни помогне по ваше жестоко инсистирање, проблемот е од бизнис економски причини. ЕМО нема што да му понуди на Сименс. ЕМО може само да соработува со Сименс со 2,3 ДООЛ, како што е и до сега. Дали во договорот со Сименс што вие го имате потпишано стои посета на Сименс на ЕМО за соработка или намера Сименс да го купи ЕМО и на кој начин тоа Сименс ќе го стори, ако сака да има мнозински пакет?

Второто прашање ми е до министерот за економија.

Би сакал писмен одговор за тоа како е можно претставникот на Агенцијата за приватизација на Република Македонија на последното Акционерско собрание во ЕМО Охрид одржан вчера да гласа за одобрување на работата на раководството кога не е изработена ревизија на консолидирана завршна сметка на Холдингот ЕМО, а е законска обврска по член 506 од Законот за трговски друштва и кога ревизорската независна куќа не даде мислење за финансиското работење на АД ЕМО. Всушност, раководството нема објаснување зошто не се книжени трошоци во висина од 400 милиони денари.

Третото прашање ми е до министерот за транспорт и врски.

Измина една година од почетокот на акцијата на Владата за рушење на дивоградбите ширум Македонија. Акцијата требаше да биде доказ дека Владата не е корумпирана. Се започна со Охрид при што среде сезона многу енергично Владата до темел ги сруши објектите на политичките неистомисленици, а на нивните симпатизери и членови им ги искрши пенџерињата, па дури им ги турна и оџаците.

Владата тврдеше дека акцијата ќе продолжи од есента во цела Македонија. Од тогаш ништо не се слушна за оваа акција на Владата. До каде сте со акцијата и во кои градови од Република

Македонија до денес сте презеле нешто слично како во Охрид. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Шајноски.

Првото прашање е до Владата односно до претседателот на Владата вечно прашање за ЕМО Охрид.

**Владо Бучковски:** Јас не претендирам Собранието на Република Македонија да го направиме акцинерско собрание на ЕМО, но постојано инсистира пратеникот Шајноски, смета дека низ конструктивна, остра, на моменти недозволена квалификација за поединци, за мене, за Владата да се оствари целта. Јас и понатаму тврдам дека решавајќи ги наталожените проблеми се гледа излезот од тунелот. Мене ми е жал што се порепознавам во дел од квалификациите што ги дава Владата. Ние имаме спротивно мислење. Сметаме дека најпрофитабилната или една од најпрофитабилните македонски компании е уништена во периодот од 1998 до 2002 година и не мора да се согласиме. Јас постојано велам едно пратеникот тврди друго, постојано имаме одговори на писмени прашања, така што останувам на тврдењето дека ЕМО единствена шанса има да најде стратешки партнер.

Загубите се евиденти шансите се исто така евидентни, последниот кој го распиша заедно со Европската банка за обнова и развој за далекуводот кон Бугарија е една од шансите, не можам да прејудицирам како ќе заврши, се надеваме дека во претстојните разговори кои ќе се водат, ќе видиме, ќе бидат тајни разговорите, ќе дојдат претставниците на Сименс, знаејќи ја добро компанијата, знаејќи дека два ДООЛ имаат одлични перформанси, ќе ги погледнат и другите перформанси на целата компанија, на целиот холдинг. Извесно е дека тие се заинтересирани како ќе завршат разговорите, тие нема веднаш да се финализираат, но ќе биде направена проценка, а господинот Шајноски знае дека сето тоа го прави една сериозна компанија како што е Сименс. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шајноски повелете, дали сте задоволен од одговорот?

**Драго Шајноски:** Почитуван премиеру, ова не го правам од лични побуди или од инает, да речеме. Ова што јас ви го зборувам мора да го слушнете и да поверувата. Се што кажувам е забележано во сите институции на државата. До 2002 година ЕМО беше профитабилен. За десет месеци раководството на ЕМО потроши преку 10 милиони евра без да сработи ништо. Се возат со колите и доставуваат сметки за бензин како да ја завртиле земјата околу најголемиот напоредник, околу Екваторот. Се јаде во ресторраните по 12 саати, како да им е последно.

Мора да сватите дека зборувам нешто што ме боли. Јас во ЕМО работам од 1973 година и секогаш сум бил на врвни функции внатре. Точно знам како функционира ЕМО.

Основна работа на ова раководство што го имате е да седи и да измислува начини како да унесреќува некои луѓе кои не учествуваа во штрајкот. Тоа мора да го проверите и затоа инсистирам не за да правам овде акционерско собрание на ЕМО. Јас ве замолувам да го проверите ова што ви го сервираат тие и ова што кажувам јас овде.

Одговорно тврдам дека сите податоци што ги давам се точни. Јас знам ЕМО како дише, внатре сум 30 години и сигурно немам извитоперено ни еден податок во јалова корист за мене. Мене фирмата ми е живот и живот на 3000 луѓе во фирмата, 3000 фамилии. Разберете еднаш, дајте донесете го тој црногорец, апсете го, затворете го, да знаеме зошто сте го затвориле или зошто сте го апселе, а не вака паушално само се зборува сомнителна работа, аква работа, а внатре тензиите стојат. Фирмата е поделена на пола со штрајкувачи, на пола со луѓе што го поддржуваат црногорскиот инвеститор.

За доброто на ЕМО треба нешто да преземете.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Второто прашање е до Министерството за економија. Дали има претставник? (Нема)

Повторно е за ЕМО. Ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Прашањето беше што се направи во изминатиот период од последното рушење. Пратеникот побара хронологија што е извршено во изминатиот период.

Одговорот ќе го добие во писмена форма што од последните интервенции на инспекцијата во Охрид е извршено во изминатиот период. Тоа е една работа.

Второ, со сигурност ве уверуваме и со целосна одговорност дека никакви шпекулации од типот на политико селектирање и слично не беше спроведено при одредување на објекти за рушење.

(Во 16,59 часот со седницата продолжи да раководи господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието)

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ.

Господине Шајноски дали сте задоволен од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

**Драго Шајноски:** Само појаснување, ќе ми треба во извештајот и од други градови од Македонија што сториле затоа што акцијата беше за во сите градови од Македонија и би ме интересирало во кој друг град е направена акција слична на таа во Охрид.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Еден од министрите гледам овде кој треба да биде присутен, не го гледам министерот за здравство. Да го почекаме?

**Слободан Најдовски:** Молам министерот за здравство да влезе во салата.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Ова е едно ретро прашање од мината седница, значи повторно поставено, тогаш ми одговори премиерот, но сметам дека министерот е покомпетентен.

Сведоци сме на низа интерпретации вакви и онакви, можеме да ги крстиме манипулации или можеби вистинити околу случајот со Градска болница.

Децидно барам кога нешто се дислоцира која ќе биде судбината на Градската болница и што планирате да правите со Градската болница?

Тоа е првата работа.

Втората работа во контекст на истото прашање до претставникот на Министерството за одбрана.

Бидејќи имате намера да ја дислоцирате Градската болница во Воената болница, кој е вашиот став како Министерство и дали воопшто имате разговарано или се консултиравте меѓу себе што ќе правите со тие луѓе, која ќе биде судбината на тие луѓе затоа што гледам дека решението е донесено, кој е се вмешан таму.

Какви интереси се бранат, не сакам да нагаѓам, но можам да претпоставам, а времето ќе си го каже своето, кој се бил вмешан во оваа игра или интрига, но вие од позиција на власт можете тоа да го направите. Направете го, консеквенциите ќе ги видиме попосле, здравје Боже, во идно време. Значи тоа е првото прашање. Барам и конкретни одговори, затоа што во рок од месец дена не најдовре за сходно да ми одговорите. Толку изгледа не е есапите нас како пратеници. Се соживеавте со улогата дека сте неменливи, а ние пратениците сме обични смртници. Добро, таквиот третман ниту е нов, ниту е од сега, туку е од минатото, за жал. Поставуваме прашања, чекаме одговори. Јас на некој начин сум и среќен, само месец дена чекам. Колешката Грковска чекаше две години, од 2003. Нешто апсурдно, невидено. Да не кажам глупаво и небулозно, за две години да не се одговори едно пратеничко прашање од пет или десет реда. Значи, толку ви работат стручните служби и време е да размислувате за реформи во таа насока. Значи ништо не ви работат. Секоја чест на исклучоци. Има и такви кои што цел дел џабелебарат.

Втората работа е веќе поставена, јас секогаш сум конкретен и директен. Ќе кажам околу даночната пирамида. Нема да ги вртам работите од лево, од десно, ќе прашам најдиректно. На она што сметате дека не треба да ми се даде одговор, ќе сфатам дека е во интерес на истрагата и дека е работа на третата судска власт. Значи, до каде е стигната работата. На почетна фаза, во средина, при крај ли е. Во даден момент ќе се најде ли доблес да се убедуваат актерите на оваа даночна пирамида, затоа што позадината малку е подлабока. Колку што јас можам да ги сфатам работите и дека има судир на дебели инереси и дека се вмешани, да не кажам македонски олигарси, превземени по теркот на руските олигарси. Или сета оваа работа може да заврши како оној прочуен октопод во 1997 година.

И директно ќе поставам уште едно прашање во контекс на истото. Како потпрашање нотирајте го господине потпретседателе, нема да испадне дека поставувам три, а фактички се две, третото ќе почека до господинот Бучковски. Значи тоа се две. За Градска болница и даночната пирамида. Овие се потпрашања. Минатиот пат ви кажав дека математиката барем до три е лесно да се брои. Значи до господинот премиер. Господиен Бучковски имате ли сили и дали ќе можете да ја истерате работата до крај? Имајќи ги предвид и опструкциите кои ќе ви се прават во иднина. Познати и веќе видени.

Третото прашање, кое денеска ми падна во очи и на кое како Македонец, не можам а да не одреагирам, а тоа е текстот објавен во "Дневник". Не го рекламирам "Дневник", што случајно се најде таму. А тоа е текстот трите столба за Албанците во Илирида, Косово и Албанија. Прашањето е до министерот за култура. Јас и претходно ви кажав да се спремите, да не ве фатам на спиење. Сакам да бидам коректен и фер. Велите дека не сте одобриле таков проект. Но градоначалникот на Арачиново вели дека сте одобриле таков проект, дури се добило согласност од Министерството за транспорт и врски. Буквално така стои, градоначалникот се вика Музевер Беслими.

Значи, ако се нема согласност од двете министерства, тоа има третман на дива градба. Натписот можете да го видите, на билбордот е напишано на албански јазик. За жал, официјалниот македонски јазик никаде не фигурира и можам да ви кажам дека цврсто грабиме кон бинационалност. На секој чекор каде да се свртиме, каде да погледнете, многу лоша судбина ни се пишува.

Значи господа, да поводите сметка вие од ресорните министерства, ако и малку ви лежи Македонија на срце, ако имате и малку македонско чувство. Ние на Карпалак не можевме венец да поставиме, а тие си градат споменици каде сакаат и каде ќе стигнат.

Прашањето е: Имаат ли одобрение од вас и од Министерството, или немаат? Доколку немаат што мисли Владата да превземе во таа насока. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Првото прашање е до Министерството за здравство и до Министерството за одбрана.

Има збор министерот за здравство, господинот Владо Димов.

**Владо Димов:** Благодарам потпретседателе, јас би сакал да напоменам дека проблемот на трансофрмација на Градската болница, не

претставува никаков систем на спојување на една болница со друга болница, туку напротив, претставува еден многу сериозен чекор за создавање на нов здравствен субјект во македонската здравствена мрежа која во овој момент со задачите кои се поставуваат пред него, треба да пополни една празнина која во овој момент ние ја немаме.

Не е одговорено на прашањето, заради тоа што, тоа е проект, не е тоа едноставна операција, кој што се припрема во писмена форма, го превземаат луѓе одговорни за таа работа и стручњаци во својата област и врз основа на таквиот елаборат, треба да се изврши ова што мислиме да го направиме. Во овој момент, со оглед на потребата да се трансформира Воената болница што претставува голема можност за јавното здравство во Македонија, бидејќи како објект тврдам дека таков уште многу години не можеме да го напрвиме, а го имаме во овој момент и треба да му ја дадеме вистинската функција, бидејќи по стандардите претставува највисоката по стандарди здравствена институција во Македонија онака како претставува.

Бидејќи се работи за многу одговорна работа, ние имаме и таков пристап. Во овој момент што ќе се прави со Градската болница, тоа е најмалку нешто што размислуваме, особено како Министерство за здравство, бидејќи објектот на Градската болница е сопственост на Република Македонија и што ќе се прави, ќе одлучува Владата, согласно на тоа какви потреби ќе има да се направат.

Според тоа, не би сакал и мислам дека е недозволиво, вакво нешто во овој момент со Градската болница и создавање на овој нов субјект, да биде во јавноста третирано како низ одредени шпекулации и најразлични гласини кои сме ги слушнале, кои што сега во овој момент, навистина, не сакам да ги коментирам, бидејќи мислам дека на тоа ќе имаме апсолутно одговор во форма како што треба и како што доликува една таква сериозна операција да биде покриена. Не е точно дека постои едногласие, дека сите исто мислат онака како што одредени луѓе се јавуваат во јавноста. А ако ме прашате зошто сега на пример не сте излегле со ваков документ. Не сме излегле бидејќи неколку работи прво требаше да се направат. Прво, договор, ја користам приликата да одговорам на прашањето за договорот, односно постоење на комуникации или не, со Министерството за одбрана. Комуникацијата наша е постојана, бидејќи, да не заборавиме дека титулар за сопственик на Воената болница, сеуште ја има Министерството за одбрана и со оглед на потребата од трансформациите во овој сектор, ние сме постојано во контакт како тој проблем да го решиме, односно да го извршиме превземањето.

Инаку, она што е исто така горливо прашање во јавноста, вчера имавме средби со Синдикатот и за тоа јавноста е информирана дека ова е дел од реформите кои ги спроведуваме и кои, иако сме свесни дека мора да ги спроведеме во здравството и уште една наша намера, да не ја спроведуваме со рационализација на луѓе, туку со рационализација на објекти и давање на вистинска функција на нови формирани здравствени организации, во кои што сите луѓе, како потенцијал во здравството ќе го најдат своето место. Сето тоа го расчистивме вчера за да нема такви дилеми. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благдоарам господине Димов.

Господине Флоровски дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање? Повелете.

**Александар Флоровски:** Очекував министрите да се спремни и побрзо да мислат. Значи да се брзомислечки и да се аргументирани. Која сериозна операција. Да не е строго доверливо па мора да се чува во тајност. Дали господине министре за внатрешни работи може да носи ознака на строго доверлива работа? Не, тоа е првата работа. Операцијата "Оберлот" или "Барбароса" ли е. Зошто толку тајно. Која е намената на тој објект, јас прашувам. Дали ќе биде болнички објект, дали ѓе биде хотел. Во што ќе се адаптира. Тоа е моето прашање. Јас не барам да се правдате пред мене. Ако сакате нешто да сокриете, секогаш се крие за трансофмрација на ова или она. Веќе видени и прочитани работи. Проектот бил толку таен. Што има толку тајно. Имате ли визија за таа зграда, или немате визија? Тоа е моето прашање.Која ќе биде намената. Не ве прашав дали проектот е строго доверлив или не. Се знае строго доверливи документи каде се чуваат. Во ДБК, Агенција за контраразузнавање. Таму се чуваат строго доверливи документи. А ова е јавна работа. Парламентот е јавна установа и затоа јавно ве прашувам. Која е судбината на тој објект и на тие 300 и кусур вработени? Или во Воената болница ќе ги редуцирате.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор министерот за здравство, господинот Владо Димов.

**Владо Димов:** За секој оној кој што го разбира прашањето, јасно е дека сите одговори беа дадени. Никаква тајност и никакви тајни проекти. Бидејќи ако има тајност нема да работат 100 луѓе на овој проект. Сосема е јасно и пристапот кон прашањата што се од значење за здравјето на луѓето, апелирам, треба да го сочуваат тоа ниво, а да не се користат за сопствени промоции, особено на луѓе, кои што реално кажано, без разлика на пратеничкиот мандат кој го имаат можат да постават прашање, она што претпоставувам дека базата треба да ги праша, не треба да ги користат за сопствена промоција, таму каде што очигледно не ги познаваат работите. Во здравството е малку повисока професионална работа, за која што можат да дискутираат професионалци. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Димов.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија, кој ќе одговори?

Претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Така разбрав дека до мене беше упатено прашањето, со јавна поддршка да се истрае тоа што го прави Владата.

Значи, до каде сме? Јас ќе повторам дел од изјавите кои што беа дадени, незадскривајќи се секогаш дека заради истрагата не може во овој момент да се каже повеќе од она што го кажуваме. Некој повеќе, некој помалку.

Значи Министерството за финансии со дел од институциите кои се под негова капа Управата за јавни приходи, Финансовата полиција, Царинската управа, влезе во траг на еден суфистициран облик на организиран криминал, каде што неколку години наназад имаме случаи на даночно затајување со фиктивни фактури за кои објаснуваше министерот за финансии, со фантомски фирми. Еден субјект отворил неколку правни субјекти, во неколку компании, со фантомски фирми од нашето опкружување. Еден добро организиран ланец што во овој момент со организирана акција успеа од таа мрежа на криминал Јавното обвинителство да извлече само неколкумина, кои според нашата проценка не се главните играчи во овој систем кој функционира.

Нашата проценка е дека оваа работа ќе потрае. Нема намера ниту еден член на Владата, посебно оние кои се инволвирани, немам таков впечаток дека има Јавното обвинителство кое сега се вклучи врз основа на поднесените кривични пријави од страна на Финансовата полиција, веќе има покренато обвинителен акт против неколку лица чии имиња заради истрагата која сеуште трае не се објавуваат во јавноста. Дали сето тоа ќе заврши според некои очекувања крупни или помалку крупни вериги како што се користи терминот, јас не можам да проценам, се придружувам кон она што велат има крупни затајувања, или ситни затавувања на данокот. Во секој случај, од владини извори и од било какви други официјални извори не се спомнувани имињата на добростоечки, или еминентни компании од Република Македонија, туку во оваа атмосфера која ја создаваат поединци се користи сето ова и за пресметување помеѓу конкуренцијата, условно речена во бизнисот, кој постои кај нас. Интенцијата на Владата во никој случај не е на овој начин да шири страв кон сите оние компании кои работат согласно Уставот и законите, туку напротив да остави простор само оние кои го почитуваат Уставот, законите, деловниот морал, оние кои се чесни, морални да се бават со бизнисот, иако имаше претходно дофрлување во една друга дискусија од пратеникот Флоровски дека можеме на прсти од рацете да ги изброиме таквите, но ќе се трудиме со засилени мерки всушност, да делуваме и превентивно.

Во овој случај, имаше друго прашање, Министерството за финансии нема намера, Владата нема намера јавно да ги соопштува имињата на тие компании за кои постои основано сомневање дека вршат повреда на законите, туку во координација со Јавното обвинителство се спроведува една постапка каде што веќе се поднесени кривични пријави и дел од нив се прифатени. За дел од тие лица, најмалку три има и мерка притвор. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодрам господине Бучковски.

Господине Флоровски дали имате дополнително прашање?

**Александар Флоровски:** Ова го сфатив како газење до крај, без отстапки.

**Слободан Најдовски:** Право на ваша констатација.

Третото прашање е до Министерството за култура и Министерството за транспорт и врски.

Има збор министерот за култура, господинот Благоја Стефановски.

**Благоја Стефановски:** Господине Флоровски, за да не чујам уште еден збор повеќе како одговор према министерот за здравство, ќе ве упатам на тоа дека за овие три години ние го покривме со регулатива целото тоа подрачје кое се вика култура. Значи законите се точно наменети за овој дел кој што во весниците го прочитавте. За ова час време кога ми го покажавте, можевте да го видите, бидејќи е краток Законот за споменици и спомен обележја, ќе видите дека тоа е во надлежност на локалната самоуправа и за тоа одобрение дава советот на соодветната општина која тоа треба да го прави.

Доколку од делот на културното наследство се спомениците, тогаш, имаме исто така закон кој што е хармонизиран со европското законодавство и имаме Управа за културното наследство. Доколку има некои прекршочни работи во изградбата на овој објект, доколку има таква пријава, нашата инспекција ќе го направи увидот и ќе превземе соодветни мерки. Тоа е она што можам во овој момент да го кажам и мислам дека секаде во сите редови се кријат "патриоти". Еден споменик, или еден натпис не го покрива патриотизмот. Патриотизмот се покрива со многу поинакви дела. Тоа е во мојте вокабулари. Јас се надевам дека правилно ќе ме разберете господине Флоровски. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стефановски.

Господине Флоровски дали имате да поставите дополнително прашање, или сте задоволни од одговорот.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Немојте да ја префрлам топката на локалната самоуправа, чии ингеренции сеуште не се заживеани, од утре почнуваат. Таму сте вие нотирани како Министерство за култура, не е градоначалникот на општината. Прочитајте го

текстот. На ваквите работи ако  им давате третман на прекршоци, не знам што квалификација да ви дадам. Градење на споменици на таканаречени функционери, борци за човекови права. А за вистинските брнаители споменик да не може да се крене. Од тој аспект говорам. Од патриотски аспект. Од македонски аспект. Од национален аспект. Или ако сакате крстете го националистички аспект.Сега уште не водат под таква графа во ДБК, не знам дали постои. Верувам дека не постои. Рековте дека ќе превземете мерки. Сакам да ги слушнам кои ќе бидат тие мерки. Ако алудиравте на мојот патриотизам. На мојот ли патриотизам алудиравте? Спомнавте патриотизам. Па 2001 година не си ги капев нозете на Егејско Море, за разлика од некои други. Само тоа можам да ви кажам. А господинот Бучковски ви  го потврди тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор министерот за култура, господинот Благоја Стефановски.

**Благоја Стефановски:** Со сиот респект Флоровски на тоа што го кажувате. Јас говорам општо за патриотизмот. Тоа важи во сите редови да ги видиме. Апсолутно, на вас не мислев во овој момент. Мислам дека таму е законска регулатива. Значи, постапките кои јас треба да ги водам, се во согласност со законот. Значи не е законот сега од 1974 година, туку донесен е во 2004 година, точно од овој министер. Таму се моите постпаки.

Доколку има нарушување  во тој дел, јас ќе ја преземам таа одговорност и тоа одговорно го тврдам, без разлика на која ставка се. Делот е во тоа што јас немам постапка каде што можам. Делот на управата која што е сега една установа под самото Министерство, на Управата за заштита на културното наследство, тоа знаете за кој тип на споменици се. Немам други ингеренции. Ако сметате дека лично како човек, можеме заедно да одиме и да констатираме, меѓутоа, за тоа не ни дава за право да превземеме дејствија. Не знам вие на кого алудирате,  2001 година и оваа, а јас немам одено на Егејско Море десетина години. Тоа можеби не е добро што не сме биле. Ние треба да ги сакаме сите моришта околу нас. Моите дедовци ги сакаа тие и тргуваа со тоа. Јас се надевам дека во делот на Европа, во која што многу брзо ќе се најдеме, ќе бидат достапни за сите граѓани и граѓаните кои што се наоѓаат во тие земји, ќе се чувствуваат граѓани, како што ние овде се чувствуваме и како што даваме на луѓето кои се малцинство во оваа држава да се чувствуваат. Една европска држава мора така да пропагира, а не да дејствува на некакви начини кои што се надвор од правилата на игра. Правилата на игра во доменот на културата се законите. Тотална непокриена  регулатива во културата се покри за три години. Ние мора така да се однесуваме. Ако не се добри ќе ги менуваме. Дајте предлози, амандмани, ќе ги менуваме. Тој Закон за споменици и спомен обележја  е донесен пред шест-седум месеци. Законот за културно наследство во управата е  хармонизиран со европското законодавство. И тоа е донесено. Не знам друго. Не би правел театар, иако јас сум театарџија. Флоровски мислам дека добро се разбираме и ми го кажавте. Можевте да го прочитате законот.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски седнете си на своето место. Ако не сакате да слушате, можете да излезете.

Дами и господа пратеници, господине претседателе на Влада, драги министри, листата на пратеници кои се пријавија за поставување на пратенички прашања заврши.

Ја заклучувам Сто и втората седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 17,25 часот)